# АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА **И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО** ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Биро за развој на образованието

**Издавач:**
Биро за развој на образованието
За издавачот, Зеќирија Хасипи, в.д. директор

**Истражувачки тим:**
**Љиљана Самарџиска-Панова**, раководител на сектор во БРО
**д-р Габриела Дурчевска-Георгиева**, советник во БРО
**Ајше Ајрулаи**, раководител на сектор во БРО

**Учесници во теренското истражување:**
**Љиљана Самарџиска-Панова**, раководител на сектор во БРО
**д-р Габриела Дурчевска-Георгиева**, советник во БРО
**м-р Мирјанче Милошевска**, раководител на одделение во БРО
**Даница Талимиџиоска**, раководител на одделение во БРО
**Антоанета Шмит-Таневска**, раководител на одделение во БРО
**м-р Емилија Вељаноска**, советник во БРО
**Весна Попова**, советник во БРО
**Александар Јолевски**, помлад соработник во БРО

**Тим за изработка на извештајот:**
**Љиљана Самарџиска-Панова**, раководител на сектор во БРО
**д-р Габриела Дурчевска-Георгиева**, советник во БРО
**Ајше Ајрулаи**, раководител на сектор во БРО

**Стручни консултанти:**
**проф. д-р Лена Дамовска**, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,
Филозофски факултет - Институт за педагогија, Скопје
**проф. д-р Флорина Шеху,** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“- Скопје

**Лектор:**
**Сузана Стојковска**

**Печати:**
Друштво за графичко производство и услуги БРАНКО ГАПО ДООЕЛ Скопје

**Тираж:**
300 копии

**Скопје, 2018 година**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

373.2(497.7)(047.31)

САМАРЏИСКА-Панова, Љиљана

Актуелната состојба и предизвиците во предучилишното воспитание и образование во Република Македонија : (научно-истражувачки проект) / [тим за изработка на извештајот Љиљана Самарџиска-Панова, Габриела Дурчевска-Георгиева, Ајше Ајрулаи]. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2019. - 191 стр. : илустр. ; 30 см

Библиографија: стр. 163-164. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-206-035-4

1. Дурчевска-Георгиева, Габриела [автор] 2. Ајрулаи, Ајше [автор]

# БЛАГОДАРНОСТ

Искажуваме благодарност на сите воспитувачи, педагози, родители на деца во детските градинки, одделенски наставници и педагози од основните училишта во Република Македонија кои покажаа спремност и одвоија од своето време за да земат учество во истражувањето, со што ни овозможија да собереме податоци за што подобра идентификација, елаборирање и аргументирање на сите области опфатени со ова истражување.

Бирото за развој на образованието упатува благодарност до стручните консултанти проф. д-р Лена Дамовска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет- Институт за педагогија, и проф. д-р Флорина Шеху, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“.

Особена благодарност искажуваме на Бојана Нацева, специјалист за образование од Канцеларијата на Светска банка во Република Македонија, за поддршката и практичните совети при реализацијата на ова истражување.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 7

I дел

ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 9

1. Важноста на раното учење и развојот кај децата од 0 до 6 години ..... 11
2. Развој на потсистемот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија ..... 17
3. Актуелна состојба во предучилишното воспитание и образование во Република Македонија ..... 21

   Анализа на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија ..... 21

   3.2. Организација и управување ..... 21

   3.3. Финансирање ..... 21

   3.4. Опфат на децата во установи за предучилишно воспитание и образование ..... 22
4. Предучилишното воспитание и образование во европски и светски образовен контекст ..... 27

II дел

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 35

1. Предмет на истражувањето ..... 37
2. Дефинирање на основните поими на предметот на истражувањето ..... 40
3. Цел и карактер на истражувањето ..... 41
4. Задачи на истражувањето ..... 42
5. Хипотези на истражувањето ..... 43
6. Варијабли на истражувањето ..... 44
7. Методи, техники и инструменти на истражувањето ..... 45
8. Примерок на истражувањето ..... 47
9. Обработка на податоците од истражувањето ..... 52
10. Организација и тек на истражувањето ..... 53

**III дел**


**АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО .................................. 55**

**1.** Законско регулирање на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија ........ 57

**2.** Анализа на целите во Програмата за рано учење и развој (јазик, комуникација и развој на писменост, Когнитивен развој и стекнување општи знаења, Уметност) и целите во наставните програми по математика, природни науки, ликовно и музичко образование за I одделение на деветгодишното основно образование ........ 60

**3.** Податоци добиени со анкетирање на воспитувачи во детските градинки во Република Македонија ........ 86

**4.** Податоци добиени со анкетирање педагози во детските градинки во Република Македонија ........ 98

**5.** Податоци добиени со фокус групи со воспитувачи во детските градинки во Република Македонија ........ 107

**6.** Податоци добиени со анкетирање педагози во основните училишта во Република Македонија ........ 117

**7.** Податоци добиени со анкетирање одделенски наставници во основните училишта во Република Македонија ........ 122

**8.** Податоци добиени со анкетирање родители на деца во детските градинки ..... 130


**IV дел**


**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ........ 139**

**1.** Заклучни согледувања ........ 141

**2.** Препораки и сугестии за имплеменатција на резултатите од истражувањето ........ 157


**V дел**


**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 161**


**VI дел**


**ПРИЛОЗИ ........ 165**

Прилог 1: Анкетен лист за педагози ........ 167

Прилог 2: Анкетен лист за воспитувачи ........ 172

Прилог 3: Анкетен лист за родители ........ 182

Прилог 4: Прашалник за фокус група со воспитувачи ........ 183

Прилог 5: Анкетен лист за педагози во основно училиште ........ 183

Прилог 6: Анкетен лист за одделенски наставници ........ 188

## ВОВЕД

Целта на ова истражување е согледување на актуелната состојба во предучилишното воспитание и образование во Република Македонија и во другите европски земји, за да се добијат аргументирани сознанија за добрите страни и предизвиците во предучилишното воспитание и образование. Резултатите од истражувањето ќе се искористат за преземање конкретни чекори за квалитетни системски промени во воспитно-образовната работа со децата до 6-годишна возраст, како и за функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование. За таа цел посебен акцент е ставен на:

- развивањето на свесноста за значењето на раното учење и развојот и клучната улога на предучилишното воспитание и образование во пружањето еднакви можности и поддршка за секое дете;
- разбирањето на различните функции на предучилишното воспитание и образование (вклучувајќи ја социјалната, економската и образовната);
- преиспитувањето, разбирањето и промената на некои од постоечките ставови и сфаќања во врска со регулирањето на дејноста, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование во Република Македонија;
- сфаќањето на важноста на квалитетна програма за предучилишно воспитание и образование, нивото на компетентност на сите професионалци кои работат во предучилишните установи (не само воспитувачите) и нивното континуирано стручно усовршување;
- опфатот на децата со предучилишно воспитание и образование и бројот на деца по воспитни групи;
- Стандардите за рано учење и развој;
- Програмата за рано учење и развој и задолжителните проектни активности;
- планирањето на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст;
- педагошката евиденција и документација;
- обуките за професионален развој на воспитувачите и педагозите во детските градинки.

На крајот од истражувањето дадени се заклучните сознанија, како и препораки кои имаат за цел да им помогнат на релевантните институции во имплементирањето на квалитетни системски промени и унапредувањето на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

# I ДЕЛ

# Теоретска рамка на истражувањето

# 1 ВАЖНОСТА НА РАНОТО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈОТ КАЈ ДЕЦАТА ОД 0 ДО 6 ГОДИНИ

„Пред да градите куќа, неопходно е да поставите темели кои ќе ја држат. Пред детето да се запише во основно училиште, треба да бидат поставени слични темели. Успешното натамошно образование на детето во голем степен зависи од темелите што се поставени во предучилишниот период„.

(Консултативна група на УНЕСКО за рана грижа и развој на децата, 1993 год.)

Квалитетот на искуствата кои детето ги стекнува во првите години од животот се од круцијална важност, бидејќи подоцна тоа се рефлектира (позитивно или негативно) низ целиот живот. Џејмс Хекман, познат нобеловец и универзитетски професор од Чикаго, рекол дека во инвестирањето во раниот детски развој, од раѓањето на детето па сè до неговата петта година, лежи решението за подобро образование, подобро здравство и поголем економски просперитет.

За правилен психички развој на детето важни се: созревањето на наследните диспозиции, средината во која живее и активноста (учењето) на детето во таа средина. Според теоријата на културно-историскиот развој на психичките функции (Виготски), високите психички функции (логичко помнење, намерно внимание, говор, мислење и сложените чувства) првенствено се од социјална природа. Во текот на филогенетскиот развој на човекот, како и во текот на онтогенетскиот развој на детето тие сè повеќе се развиваат, бидејќи во нив е вграден знакот (зборот е знак кој ја репрезентира реалноста). Со развивањето на системот на знаци и нивните значења (поточно со развивањето на јазикот и на сé она што се создавало со помош на него: митологија, религија, уметност, наука и сѐ она што се нарекува култура на еден народ) високите психички функции сé повеќе се развиваат. Аналогно на овој филогенетски развој, и детето во својот развој ги усвојува јазикот и другата симболичка реалност по пат на интериоризација, во која значајна улога игра учењето, сфатено како активност на детето во средината во која живее. Значи, учењето треба да му претходи на созревањето и на тој начин да го поттикнува, предизвикува развојот на психичките функции. Поимот учење се сфаќа како учење на сознајните функции, социјализација, стекнување нови мотиви, формирање карактерни црти, нови емоции и современ систем на вредности. Во таа смисла неопходно е просторијата за учење - занималната да биде средина богата со стимулуси за детскиот психички развој. Поточно, таа мора да биде внимателно испланирана средина која на децата ќе им дава можност за разновидно сензорно, моторно и манипулативно искуство, која ќе го стимулира симболичкото искуство, јазикот и логичко - математичките операции, конечно да биде средина која ќе ги поттикнува децата да истражуваат, иницираат и создаваат. Адаптацијата, пак, мора да се сфати како состојба на хармонија помеѓу индивидуата и нејзината средина, при што детето да се разбере како еден отворен систем кој ја асимилира реалноста и ја интегрира врз

основа на еден процес на непрекинато менување. Гледано на овој начин, детето не е збир на услови кои треба да се поврзат во целина, туку личност која учи, сака, реагира според свој сопствен ритам, кој не е детерминиран само од претходните искуства и постигања, туку и од биолошкото созревање. Со оглед на тоа, како што вели Пијаже, созревањето на нервниот систем или отвора можности или привремено ги ограничува, па во таа смисла учењето мора и да го следи развојот.

И хуманистичко-егзистенцијалната концепција за развојот на личноста инсистира да се земат предвид индивидуалните разлики и правото на индивидуален ритам на развој на секое дете. Поточно, развојот се поттикнува и така што се следи секое конкретно дете низ сопствениот развоен пат, а аналогно на тоа треба да се развива воспитно-образовна стратегија која ќе поаѓа од тоа конкретно дете како реалност, а не само од некоја идеална слика за дете на одредена возраст.

Бројните истражувања во светот и кај нас покажуваат дека јазикот, културното ниво, општите услови за живот и специфичниот начин на воспитание и образование на детето во предучилишниот период имаат големо влијание врз психичкиот развој на детето и развојот на способностите потребни за поаѓање во училиште.

Во 2012 година години Бирото за развој на образованието спроведе истражување на тема: „Позитивните влијанија на воспитно-образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладувањето на наставните програми во прво одделение“ во кое беа вклучени воспитувачи од детските градинки и одделенски наставници од основните училишта во Република Македонија. Заклучните согледувања покажаа дека децата кои посетувале детска градинка пред поаѓање во училиште имаат доста предзнаења, брзо се социјализираат и адаптираат во прво одделение, имаат стекнати комуникациски вештини, имаат богат речник и сл.

Во таа насока раното учење и развојот на децата денес во сите земји во светот е издигнато на ниво на национален приоритет, а најновите научни достигања и практични согледувања во педагогијата потврдуваат дека, „предучилишното воспитание и образование добива подеднаков третман и значење со останатите потсистеми“[1].

Оттука, многу е важна организираната воспитно-образовна работа за рано учење и развој на сите деца, при што не се занемарува значењето и улогата на родителите и семејното опкружување, туку, напротив, се инситира на заедничко и комплементарно подучување на децата. Имано, она што се нуди на детето со Програмата за рано учење и развој преку организирана воспитно-образовна работа во градинките, не може да се добие во семејството и обратно.

Организираното предучилишно воспитание и образование може да има повеќекратна функција за развојот на целокупното општество и тоа:

1 *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи.*(2006). Скопје: Министерството за образование и наука на Република Македонија, стр.70.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 1:**
**ФУНКЦИИ НА ОРГАНИЗИРАНО ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**




- **Педагошка:** Организираното предучилишно воспитание и образование на децата им нуди можност за развој, игра и учење во безбедна атмосфера. Педагошката функција на предучилишното воспитание и образование овозможува поддршка на семејното воспитание, ги унапредува вештините и знаењата на родителите во врска со семејното воспитание и индиректно влијае на опкружувањето за учење во семејството.
- **Општествена:** Предучилишното воспитание и образование преку создавање еднакви и рамноправни можности за секое дете, дава придонес на општествената интеграција и поголемата кохезија. Раното учење овозможува еднаков старт во училиште, ја забрзува адаптацијата на детето во училиштето, го намалува осипувањето на децата во понатамошните степени на образованието, а постигањата на децата кои оделе во градинка и нивните ставови кон учењето се на многу повисоко ниво споредено со постигањата на децата кои не биле вклучени во организирано предучилишно воспитание и образование.
- **Економска:** Предучилишното воспитание и образование им овозможува на родителите да се вработат или да го продолжат своето образование, знаејќи дека нивните деца се сигурни и згрижени. Во предучилишното воспитание и образование работат професионалци од различни профили. Инвестирањето во раниот детски развој е најисплатлива инвестиција во развојот на човечкиот капитал, со капацитет да придонесе кон унапредување на образовниот и социоекономскиот статус на секој поединец, па оттаму и со најголем повратокот на инвестицијата. Затоа вложувањето во предучилишното воспитание и образование се наметнува како приоритетна цел за долготраен развој на секое општество.

Политиките и програмите поврзани со раното учење и развојот на децата се многу комплексни. Во Република Македонија инвестирањето во раниот детски развој е сé уште на многу ниско ниво. Воспоставувањето квалитет во потсистемот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија дополнително е отежнато поради поделеноста на ингеренциите меѓу три министерства (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство). Ваквата поделеност често води кон мешање на ингеренциите и префрлање на одговорноста од едно министерство на друго што, секако, резултира со намалување на квалитетот на раното учење и развојот на децата.

## Научни докази за развојот на мозокот и важноста на раното учење и развојот

Научно е докажано дека развојот на мозокот се одвива континуирано. Започнува уште во пренаталниот период и продолжува сé до зрелоста. Сепак, најновите истражувања потврдуваат дека најинтензивниот развој на мозокот се случува во првите пет години од животот на детето. Во овој период се формираат 700 нови нервни врски секоја секунда. Тоа не значи дека подоцна децата не можат да учат или да се развиваат, но ефектите се далеку помали, бидејќи по овој период бројот на врските кои се формираат во мозокот драстично опаѓа. Потребно е да се нагласи дека интелектуалните способности зависат од врската помеѓу нервните ќелии и мозокот, т.н. синапси. Тие се наоѓаат во кората на големиот мозок задолжена за когнитивните способности. Активностите на детето влијаат врз зголемувањето на бројот на синапсите, кои имаат силно влијание врз севкупниот развој на детето. Околу 75 % од синапсите се формираат пред седмата година, помеѓу 12 – тата и 14 - тата година од животот на детето формирани се некаде околу 95 % од синапсите.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 2:**
**ФОРМИРАЊЕ НА НЕРВНИ ВРСКИ ВО МОЗОКОТ**




Од графичкиот приказ може да се забележи дека првично се формираат поедноставни нервни врски кои подоцна стануваа посложени. Колку и како нервните врски ќе се формираат во голема мера зависи од генетското потекло, но и од искуствата кои детето ги стекнува во најраната возраст.

Квалитетот на искуствата кои детето ги стекнува во првите пет години имаат силно влијание врз развојот на мозокот и мозочните функции. Сликите добиени по пат на скенирање на главата јасно ја

покажуваат разликата во структурата и мозочните функции на дете кое расте во здрава, безбедна и стимулативна средина и дете кое расте во средина која не е погодна за неговиот развој. Врз основа на вакви и слични истражувања, правени децении наназад, може да се потврди дека ефектите се најголеми и најдолготрајни кога стимулацијата е воведена навреме. Секоја задоцнета, односно ненавремена стимулација може да предизвика проблеми во учењето, во однесувањето и физичкото и менталното здравје на детето. Поради тоа денес сé посилни стануваат аргументите дека вложувањето во учењето и развојот на детето, особено од раѓањето до петата година, е основа за просперитетно и одржливо општество.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 3:**
**РАЗВОЈ НА МОЗОКОТ И МОЗОЧНИТЕ ФУНКЦИИ** [2]




Когнитивниот, физичкиот, емоционалниот и социјалниот развој се неразделно испреплетени во текот целиот живот на човекот, заедно тие се „тули“ и „малтер“ кои ја сочинуваат основата на човечкиот развој. Соодветната стимулација на емоционалното и физичкото здравје, социјалните вештини и когнитивно-лингвистичките капацитети во раните години од животот на детето претставуваат важен предуслов за успех во училиштето, а подоцна и на работното место.

Оттаму, оправдано е очекувањето на експертите, стручните лица и практичарите во Република Македонија, кои се занимаваат со проблематиката на раното учење и развојот на децата, во периодот кој следи да се стави поголем акцент на развојот на предучилишното воспитание и образование, најнапред

2 Prirucnik za diversifikaciju programa predskolskog vaspitanja i obrazovanja, (2013), Ministarsvo prosvete, nauke I tehnoloskog razvoja Republike Srbije.

преку донесување закон за предучилишно воспитание и образование, ширење на мрежата на предучилишни установи со цел зголемување на опфатот на децата и, секако, префрлање на надлежностите на предучилишното воспитание и образование во рамките на Министерството за образование и наука. Нашето истражување на образовните системи во Европа и во светот укажува дека предучилишното воспитание и образование, како прв и најзначаен потсистем, претставува интегрален дел на целокупниот систем на воспитание и образование со целосни ингеренции во рамките на министерствата за образование и наука.

**! ВАЖНО**

- Основните принципи на неврологијата укажуваат на тоа дека раната превентивна интервенција е поефикасна и доведува до поповолни исходи, отколку санацијата подоцна во животот.
- Избалансираниот пристап кон емоционалниот, социјалниот, когнитивниот, моторичкиот и развојот на говорот најдобро ќе ги подготви децата за успех во училиштето, а подоцна и на работното место и во заедницата.
- Социо-емоционалните врски и позитивните искуства за учење започнуваат да се развиваат во семејството, но, исто така, продолжуваат да се развиваат во градинката.
- За да може мозокот на бебињата правилно да се развива, потребен е грижлив, стабилен, интерактивен однос со возрасните.
- Науката јасно покажува дека во ситуации кога детето отстапува од нормалниот раст и развој, интервенциите уште од најраната возраст се од клучно значење за постигање на најдобри резултати.
- Кај детето од предучилишна возраст првично се формираат поедноставни нервни врски кои подоцна стануваат посложени. Квалитетот на искуствата кои детето ги стекнува во раната возраст и квалитетот на програмата за предучилишно воспитание и образование се клучни за понатамошното учење и успехот на детето во училиштето, а подоцна и во работата.

# 2 РАЗВОЈ НА ПОТСИСТЕМОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија има своја традиција. Првите организирани форми се појавиле во втората половина на XIX век, но сè до ослободувањето на Македонија (1945 година) тие не биле доволно развиени и се одвивале во несоодветни услови.

Во периодот помеѓу двете светски војни забавиштата биле единствената организирана форма на предучилишно воспитание и образование во Република Македонија и во нив биле вклучени децата во годината пред поаѓање на училиште. „Во учебната 1939/40 година во Македонија биле опфатени само 1 611 деца и тоа во 31 забавишна група лоцирани главно, во поголемите градови во состав на основните училишта“.[3]

По ослободувањето на Македонија во 1945 година постепено се создаваат услови за развој на предучилишното воспитание и образование. Тоа станува составен дел на глобалниот воспитно-образовен систем, со статус на незадолжително воспитание и образование. Главна карактеристика на овој почетен развој е тоа што детските градинки се третирале како социјални установи и биле наменети само за децата чии родители биле вработени. За разлика од нив забавиштата имале статус на установи за предучилишно воспитание на децата, чија основна задача била нивна социјализација и подготовка за на училиште. „Во нив пристапот бил доброволен и слободен за сите деца кои имале желба да ги посетуваат.“[4]

Значи, во тој период постои двојство во одредувањето на статусот на предучилишните установи, што ќе се задржи сè до крајот на шеесеттите години и на своевиден начин ќе се одрази врз нивниот развиток.

Значаен придонес во ширењето на мрежата и ширењето на интересот за предучилишните установи до педесеттите години имаат и сезонските детски градинки. Меѓутоа, со менувањето на начинот на финансирање (од буџетско финансирање во самофинансирање), значително опаѓа интересот за нив, а со тоа и опфатот на децата.

3 Камберски, К. (1994). Од буквар до универзитет. Скопје: Просветно дело, стр. 132

4 Институт за педагогија. (2000). Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи). Скопје: Филозофски факултет, стр. 11

Во април 1950 година од страна на министерот за народна просвета е донесен првиот означаен нормативен акт во областа на предучилишното воспитание и образование со наслов *Правилник за организација и работа на детските градинки* кој останува во сила сѐ до донесувањето на првиот Закон за предучилишно воспитание и образование. Детските градинки го задржуваат социјалниот карактер (во нив можат да се примаат само деца на мајки кои одат на работа) и се дефинираат како „установи за воспитување и одгледување здрави деца од полни три години до поаѓање во училиште“.[5]

Со истиот правилник, „се санкционирани неколку принципи на воспитно-образовната работа:

- воспитната работа во детските градинки се изведува на мајчин јазик;
- таа се спроведува преку воспитни групи;
- секоја воспитна група треба да има по двајца воспитувачи со соодветна стручна подготовка;
- треба да се води сметка за индивидуалниот развој на секое дете и според неговите способности да се вклучува во соодветна воспитна група. Реформата во училиштата во 1958 година ќе го означи почетокот на квалитативно нова фаза во развојот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија“[6].

5 Исто, стр. 12

6 Исто, стр. 12

Во 1959 година е донесен првиот *Закон за установите за предучилишно воспитание*. По неговото донесување започнува поинтензивениот развој на предучилишното воспитание и образование, така што податоците говорат дека во „1960 година работеле 45 предучилишни установи со 4 179 деца“.[7]

Во 1968 година и во Социјалистичка Република Македонија се зборува за значењето на предучилишниот период во понатамошниот развој на детската личност. Сето тоа отвора перспективи во развојот и ширењето на мрежата на предучилишни установи.

Со Законот за воспитание и образование на децата од предучилишна возраст донесен во 1974 година, предучилишното воспитание и образование во Република Македонија доживува суштински промени, всушност станува составен дел од глобалниот воспитно-образовен систем, се менува третманот на јаслените групи (воспитанието на децата до 2-годишна возраст влегува во составот на предучилишните установи).

Со овој закон за првпат во Република Македонија се регулира и воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст со пречки во развојот.

Предучилишното воспитание и образование бележи нови процеси и промени во осумдесеттите години. Од почетокот на осумдесеттите години донесени се два посебни закони со кои се регулира предучилишното воспитание и образование: *Закон за*

7 *Институт за педагогија. (2000). Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи). Скопје: Филозофски факултет, стр. 13*

*општествена заштита на децата (1981)* и *Закон за предучилишно и основно образование (1983).* Посебно значење се дава на ширењето на мрежата и на зголемувањето на опфатот на децата, како и на оспособувањето стручни кадри. Во 1983 година е изработен нов програмски документ за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст.

Во почетокот на деведесеттите години, под влијание на општествено-политичките и економските промени, доаѓа до укинување на СИЗ-овите, а со тоа и до промени на одредени законски документи, што на крајот ќе резултира со промена на статусот на предучилишните установи. Поконкретно, Министерството за труд и социјална политика ја презема надлежноста врз нив. Но, следењето на воспитно-образовната работа, изготвувањето на програмските документи за воспитно-образовната работа и стручното усовршување на воспитно-образовниот кадар во детските градинки и натаму останува во надлежност на Министерството за образование и наука.

Во ноември 2000 година е донесен нов Закон за заштита на децата. Организираната воспитно-образовна работа во годината пред поаѓање во училиште, за деца од 5 до 7- годишна возраст, согласно законската регулатива се реализираше во големите групи во детските градинки  (околу 20 % од популацијата на опфатени деца со оваа форма на предучилишно воспитание и образование) и во забавишните групи во основните училишта, со полудневен престој или скратени програми (околу 80 % од популацијата на опфатени деца). Со зголемувањето на бројот на децата на 83 % од 5 до 7- годишна возраст вклучени во некоја од формите на предучилишно воспитание и образование во годината пред поаѓање во училиште се создадоа услови Министерството за образование и наука во 2004 година да донесе закон со кој се регулира задолжителна подготвителна година за децата од 5 до 7-годишна возраст. Врз основа на новата законска регулатива Бирото за развој на образованието (преку комисиите составени од универзитетски професори,  советници за предучилишно вопситание и образование и практичари од градинките и забавишните групи при основните училишта) во април 2004 година изготви документ „Основи на програмата за воспитно-образовна работа во подготвителната година", кој е донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 10-746/25 од 27.04.2005 година.

Нови значајни промени во рамките на потсистемот на предучилишното воспитание и образование настануваат со покренувањето на иницијативата во 2006 година за почеток на воведување задолжително деветгодишно образование во Република Македонија.

Со оваа иницијатива, според Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование издадена од Бирото за развој на образованието во август 2007 година, предвиден е задолжителен опфат на децата од шестгодишна возраст"[8] во прво одделение. Детските градинки ја губат популацијата на деца на возраст од 6

8 Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи.(2006).  Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 75

до 7 години затоа што „во основните училишта се запишуваат деца кои ќе наполнат 6 години до крајот на календарската година, кога се запишуваат во училиштето“.[9]

Бирото за развој на образованието (преку комисиите составени од универзитетски професори, советници за предучилишно воспитание и образование и практичари од градинките и основните училишта) во февруари 2007 година ја изготви последната верзија на „Основите на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки“. Со решение бр. 11-3-853/1 од 08.10.2007 година овој програмски документ е донесен од страна на министерот за труд и социјална политика.

Последниот Закон за заштита на децата е донесен во февруари 2013 година и до денес има претрпено повеќе измени. Па така, според Законот за заштита на децата (консолидиран текст јули 2016 година), вклучувањето на предучилишните деца во градинка, чија дејност е згрижување и воспитување на деца до 6-годишна возраст, и понатаму е незадолжително.

9 *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование* (2007). Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 77

# 3 АКТУЕЛНА СОСТОЈБА ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Анализа на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија**

## 3.1. Организација и управување

Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија е незадолжително и се уредува со Законот за заштита на децата, согласно кој „згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст е облик на заштита на децата кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско- рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основното образование“. [10] Дејноста згрижување и воспитание се изведува во детска градинка (јавна детска градинка и детска градинка во приватна сопственост), центар за ран детски развој, како организациска единица во состав на правни лица, во состав на високообразовна институција и во состав на приватно училиште. Општинска јавна детска градинка, по претходно прибавено мислење од Министерството за труд и социјална политика, се основа како јавна установа од страна на советот на општината, Советот на Град Скопје. На предлог на Министерството како основач на јавна детска градинка може да се јави и Владата на Република Македонија. Детска градинка во приватна сопственост се основа од страна на домашно или странско физичко или правно лице.

Воспитно-образовната работа во детската градинка, односно центарот за ран детски развој се изведува според Програмата за рано учење и развој, базирана на Стандардите за рано учење и развој, која е изготвена во Бирото за развој на образованието, а донесена од министерот за труд и социјална политика. Таа е во согласност со потребите, интересите, возрасните и развојните карактеристики на децата од предучилишна возраст и е насочена кон холистички развој на секое дете.

## 3.2. Финансирање

Обврските за финансирање на дејноста се усогласени меѓу локалната самоуправа која се јавува како основач на градинката, државата и родителите на децата. Од извори на државата се издвојуваат наменски средства за платите на вработените, материјалните и режиските трошоци на градинката,

10 МТСП. Закон за Заштита на децата. Консолидиран текст

како и трошоците за одржување на објектот. Од истите извори се финансира и 75 % од трошокот кој го има градинката за исхрана и згрижување на децата, а останатиот дел – 25 %, го покриваат родителите чии деца одат во градинката.

## 3.4. Опфат на децата во установи за предучилишно воспитание и образование

Во насока Република Македонија успешно да одговори на современата педагошка теорија и пракса, Министерството за образование и наука во 2004 година формираше работна група која ја изработи Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи.

Мисијата на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија во овој стратешки документ е насочена кон: „еднаков приод и максимална опфатеност на децата од предучилишна возраст со најразлични форми и програми, дизајнирани според современите трендови и најновите научни сознанија од областа на детскиот развој".[11]

Основните цели на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија кои произлегуваат од Националната програма за развој на образованието во Република Македонија, со тенденција за доближување до земјите од Европска Унија, главно, се однесуваат на:

- „максимално подобрување и приближување на квалитетот на предучилишното воспитание;
- зголемен опфат на децата од предучилишна возраст со акцент на децата од 3 до 6 години;
- зголемување на квалитетот на иницијалната обука на воспитувачите и стручните соработници;
- подобрување на целокупната опременост на градинките (мебел, дидактички средства, технички средства и сл.);
- отворање на градинките кон семејствата и локалната заедница;
- вклучување на децата со посебни образовни потреби;
- воспоставување систем за постојано професионално усовршување на кадарот;
- лиценцирање и сертифицирање и на воспитно-образовната установа и на воспитно-образовниот кадар".[12]

Со цел државата да го продолжи трендот на зголемување на опфатот на децата во градинките, во 2013 година е донесен новиот Закон за заштита на децата, во кој стои: „Дејноста која се врши во рамките на згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст може да се остварува и во центар за ран детски развој. Центарот за ран детски развој спроведува програма за рано учење и развој на децата од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште"[13]. Оваа законска можност за

11 Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 69

12 Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 76

13 Закон за заштита на децата.(2013). Скопје: „Службен весник на Република Македонија", бр. 23

отворање центри за ран детски развој, директно влијаеше врз зголемувањето на опфатот во рамките на системот за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, со посебен акцент на опфатот на децата од 3 до 6 години.

Трендот на зголемување на опфатот на децата во установите за деца во Република Македонија продолжи и во наредните години. Според податоците  на Државниот завод за статистика, во 2016 година (состојба на 30 септември) во 96 установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки/центри за ран детски развој, вкупниот број на деца опфатени со предучилишното воспитание изнесува 34 386, што претставува зголемување за 5,3 % во однос на 2015 година, што се должи на зголемувањето на капацитетите за предучилишно воспитание и образование за 17,1 % во однос на 2015 година.

Како резултат на направените бројни експертски анализи кои се однесуваат на современите трендови во предучилишното воспитание и образование во земјите во светот, како и со цел доближување до препораките на Европската комисија за образование, чија тенденција е опфатот на деца со предучилишно воспитание и образование до 2020 година да достигне 95 %, а врз основа на направените процени за моменталната состојба на предучилишното воспитание и образование во нашата земја, согледана е потребата од  продолжување на овој позитивен тренд на зголемување на опфатот на децата во предучилишното воспитание и образование во Република Македонија.

## ТАБЕЛА 1: БРОЈ НА ДЕЦА И НА УСТАНОВИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ/ЦЕНТРИ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ - 2016 ГОДИНА

***Извор:** Државен завод за статистика на Република Македонија

| | 2015 | | 2016 | | 2016<br>-------<br>2015 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Установи | Деца | Установи | Деца | Установи | Деца |
| **Јавни установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки** | 60 | 31 874 | 64 | 33 238 | 106,7 | 104,3 |
| **Приватни установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки** | 16 | 554 | 19 | 719 | 118,8 | 129,8 |
| **Детски градинки во состав на приватни училишта кои имаат својство на правно лице** | 3 | 87 | 4 | 136 | 133,3 | 156,3 |
| **Центри за ран детски развој како јавни правни субјекти** | - | - | 1 | 10 | - | - |
| **Центри за ран детски развој како приватни правни субјекти** | 2 | 139 | 6 | 240 | 300,0 | 172,7 |
| **Детски градинки во состав на правни лица за потребите на вработените, во државна сопственост** | - | - | 1 | 32 | - | - |
| **Детски градинки во состав на правни лица за потребите на вработените, во приватна сопственост** | 1 | 6 | 1 | 11 | 100,0 | 183,3 |

**ТАБЕЛА 2: БРОЈ НА ДЕЦА ВО УСТАНОВИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ/ЦЕНТРИ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ, ПО ВОЗРАСТ- 2016 ГОДИНА**

***Извор:** Државен завод за статистика на Република Македонија

| | Вкупно деца | Деца по возраст | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 1 година | 1 година | 2 години | 3 години | 4 години | 5 години | 6 години | над 6 години |
| 2015 | 32 660 | 628 | 1 786 | 3 801 | 5 912 | 6 498 | 8 477 | 5 508 | 50 |
| 2016 | 34 386 | 683 | 2 593 | 4 642 | 7 135 | 8 266 | 9 112 | 1 955 | - |
| 2016 ------- 2015 | 105,3 | 108,8 | 145,2 | 122,1 | 120,7 | 127,2 | 107,5 | 35,5 | - |
| Деца во развоен период до 2 години | 4 620 | 674 | 2 554 | 1 392 | - | - | - | - | - |
| Деца во развоен период од 2 години до поаѓање во училиште | 27 827 | - | - | 3 145 | 6 688 | 7 620 | 8 489 | 1 885 | - |
| Комбинирани групи | 1 149 | 9 | 39 | 86 | 286 | 355 | 342 | 32 | - |
| Деца со пречки во развојот | 174 | - | - | 19 | 27 | 50 | 60 | 18 | - |
| Групи на деца - центри за ран детски развој во состав на детска градинка | 430 | - | - | - | 88 | 171 | 171 | - | - |
| Групи за пилот-програми | 123 | - | - | - | 46 | 48 | 29 | - | - |
| Групи за вонинституционална форма за активност | 63 | - | - | - | - | 22 | 21 | 20 | - |
| Други групи (престој и исхрана) | 791 | - | - | - | - | - | 1 | 542 | 248 |

**ТАБЕЛА 3: ОПФАТ НА ДЕЦА ВО ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ**

***Извор:** Министерство за труд и социјална политика

| Година | Јавни установи | Приватни установи | Центри за ран детски развој | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2008 | 22,343 | / | / | 22,343 |
| 2009 | 22,832 | / | / | 22,832 |
| 2010 | 23,083 | / | 800 | 23,883 |
| 2011 | 25,527 | 152 | 790 | 26,469 |
| 2012 | 27,308 | 152 | 1,549 | 29,999 |
| 2013 | 29,752 | 437 | 2059 | 32,248 |
| 2014 | 30,329 | 878 | 2585 | 33,747 |
| 2015 | 31,998 | 1362 | 2959 | 36,319 |
| 2016 | 34,597 | 1442 | 453+1962јавни | 38,454 |

**ТАБЕЛА4: ГЕНЕРАЦИСКИ ОПФАТ (2008-2015 ГОДИНА)**

***Извор:** Министерство за труд и социјална политика

| Година | Деца на возраст од 0 до 6 години | Опфатени деца на возраст од 0 до 6 години | % | Деца на возраст од 3 до 6 години | Опфатени деца на возраст од 3 до 6 години | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 159,485 | 22,343 | 14 % | 92,350 | 14,621 | 15,5 % |
| 2009 | 139,455 | 22,832 | 16 % | 70,560 | 15,778 | 22 % |
| 2010 | 136,155 | 23,883 | 17 % | 68,500 | 16,372 | 24 % |
| 2011 | 137,213 | 26,469 | 19 % | 69,700 | 18,024 | 26 % |
| 2012 | 139,959 | 29,999 | 21 % | 69,884 | 19,140 | 27 % |
| 2013 | 139,951 | 32,248 | 23 % | 68,2018 | 24,118 | 35 % |
| 2014 | 140,597 | 33,747 | 26 % | 70,740 | 24,131 | 34 % |
| 2015 | 141,052 | 36,319 | 26 % | 70,302 | 24,472 | 34,5 % |
| 2016 | 140,443 | 38,454 | 27 % | 69,809 | 27,752 | 40 % |

# 4 ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПСКИ И СВЕТСКИ ОБРАЗОВЕН КОНТЕКСТ

### Структурна и системска поставеност

Општествените промени, постојните научни достигања, акумулираните знаења од областа на педагошко-психолошката служба и теоријата за развојот на мозокот, од една страна, како и тенденцијата на Република Македонија за активно учество во глобалните интеракциски процеси, од друга страна, неминовно ја наметнуваат потребата од преземање одговорност за ревидирање на глобалните политики во сферата на предучилишното воспитание и образование.

Голем број докази од различни истражувања одат во прилог на аргументот дека квалитетното рано воспитание и образование е значајно за развојот на децата. Со лонгитудалното истражување, во рамките на проектот, спроведено во Велика Британија на тема: „Делотворното влијание на предучилишното воспитание и образование“ (Sylva, K.,...2010) се дошло до заклучок дека:

- предучилишното искуство, како ниедно друго, го подобрува развојот на детето;
- во установите кои ја интегрирале грижата со воспитанието и образованието (целосен систем на воспитание и образование на децата) квалитетот на предучилишното воспитание и образование бил повисок;
- децата од осетливи групи имаат голема полза од квалитетното предучилишно воспитание и образование, особено кога се во група со деца од различни култури;
- предучилишното воспитание и образование што е со висок квалитет придонесува кон подобар интелектуален и социјален развој на децата;
- во средините каде вработените во градинките имаат повисоки квалификации децата повеќе напредуваат, а, исто така, во срединките каде образовниот и социјалниот развој се сметаат за комплементарни и еднакво важни, децата подобро напредуваат во сите аспекти на развојот.

Поради значењето на квалитетното рано воспитание и образование за развојот на децата во рамките на глобалниот воспитно-образовен систем, последните 20 години во голем број земји во светот предучилишното воспитание и образование е издигнато на ниво на национален приоритет. Така денес, без

исклучок, секоја земја во Европа има поставено свој систем на предучилишно воспитание и образование.

Согласно Меѓународните стандарди за квалификации на образованието (ISCED 2011), „раното учење и развој на децата се означени со нивото 0 или ISCED 0 кое е поделено на две поднивоа 01 и 02. Односно, 01 - ран детски развој и образование, каде што образованието е дизајнирано за поддршка на раниот развој во подготовката за учество на децата во училиштето и во општеството. Програмите се дизајнирани за деца на возраст под 3 години. Поднивото 02 - предучилишно или подготвително образование е дизајнирано за поддршка на раното учење и развој во подготовката за учество на децата во училиштето и општеството.  Програмите се дизајнирани за деца на возраст од 3 години до поаѓање во основното образование“[14].

Во повеќе европски и други развиени држави во светот структурата на предучилишното воспитание и образование е различна и тоа е прилагодено согласно нивните услови, потреби и можности. Најчесто потсистемот на предучилишно воспитание и образование е поделен на две посебни фази во зависност од возраста на децата:

- унитарен систем или единичена фаза;
- систем поделен на две посебни фази.

Унитарниот систем се организира во една фаза и ги опфаќа сите деца од предучилишна возраст. Ваквиот систем е карактеристичен за Хрватска, Словенија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и повеќе нордиски и балтички земји. Целата *нега* и *образование* се смета за дел од „раното образование“, а министерството за образование е одговорно за неговото управување, регулирање и финансирање.

Системот поделен на две фази го структурира предучилишното воспитание и образование според возраста на децата. Ваквата разлика е условена од поделеноста меѓу *згрижувањето и воспитанието,* кое е карактеристично за првата фаза, и *раното образование на децата,* кое ја карактеризира втората фаза. Вообичаено транзицијата од еден период кон друг период се одвива на возраст од околу три години, иако не често се јавува и на возраст од околу 2,5 години или, дури, на 4 години во некои земји. Во ваквиот систем одговорноста за управување, регулирање и финансирање е поделена помеѓу различни авторитети. Министерството за здравство, добросостојба и семејни работи е најчесто одговорнио за прввиот дел (фаза), а министерството за образование, во секоја земја е без исклучок одговорно за вториот дел (фаза).

14 UNESCO Institute for Statistics, International Classiffication of Education ISCED 2011: Montreal, Canada, 2012, p. 63



ПОДЕЛЕН УНИТАРЕН

**Извор:* Eurydice

Според податоците од Европската комисија/EACEA/Eurydice/ Eurostat, 2014[15] осум европски држави (Данска, Германија, Естонија, Малта, Словенија, Финска, Шведска и Норвешка) гарантираат законско право на предучилишно воспитание и образование на секое дете по раѓањето, често по завршувањето на законското породилно отсуство на родителот.

Од друга страна, во речиси една третина на европските образовни системи (три заедници во Белгија, во Ирска, Шпанија, Франција, Луксембург, Унгарија, Португалија и сите делови на Обединетото Кралство) законското право на субвенционирана програма за предучилишно воспитание и образование од јавни средства

15 Europska komisija/EACEA/Eurydice/Eurostat, 2014. Ključni podaci o predškolskom odgoju i obrazovanju u Europi, Izdanje 2014. g. Izvješće Eurydice i Eurostata. Luksemburg: Ured za publikacije Europske unije, str. 12

започнува кога децата ќе наполнат 3 години. Обично децата имаат право на бесплатни програми за предучилишно воспитание и образование. Траењето на овие програми одговара на времетраењето на вообичаен училиштен ден, освен во Ирска и во Обединетото Кралство каде законското право на бесплатни услуги во предучилишни установи е покриено за 10-15 часа неделно.

Според истиот извор, во девет држави се задолжителни последната или последните две години на предучилишното воспитание и образование (Бугарија, Грција, Кипар, Литванија, Луксембург, Унгарија, Австрија, Полска и Швајцарија). Слично на тоа, во Република Чешка и во Лихтенштајн децата имаат законско право на предучилишно воспитание една или две години пред поаѓање во училиште. Минималното траење на задолжителното предучилишно воспитание и образование во годината пред поаѓање во училиште варира од 16 часа до 27,5 часа неделно (Кипар).

Според податоците од Европската комисија/EACEA/Eurydice/Eurostat, 2014[16], резултатите од истражувањето на ПИРЛС 2011 година покажуваат дека децата кои подолго посетувале програми за предучилишно воспитание и образование имаат подобри резултати во читањето.

Во Република Србија во 2012 година е донесена „Подготвителна предучилишна програма, во Босна и Херцеговина е донесена „Задолжителна програма за деца во годината пред поаѓање во училиште“, која содржи подрачја на воспитно-образовната работа, дефинирани задачи и содржини, а во Црна Гора во 2011 година Заводот за школство донесува „Кратка програма за подрачјата на активности во предучилишното воспитание и образование - РАБОТА СО ДЕЦА ВО ГОДИНАТА ПРЕД ПОАЃАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ“.

Предучилишното воспитание и образование во годината пред поаѓање е задолжително во Канада, Јапонија, Хонг Конг, Австралија.

Д-р Кристина Стивен во публикацијата: „Инсајт 28, Образование во рана возраст: перспективи добиени со преглед на меѓународна литература“ (Dr ***Christine Stephen***, 2006) коментира дека во основата на сите програми за предучилишно воспитание и образование во Европа и Северна Америка и различните педагошки приоди кон предучилишното воспитание и образование се наоѓаат некои заеднички вредности и принципи:

- рамнотежа помеѓу учењето кое го иницира самото дете и водството на воспитувачот;
- можности децата да направат смислени избори во рамките на понудените активности;
- можности за истражување низ активно учество;
- менување на активностите во мали групи, целата група и индивидуални активности;
- игра како примарен (но не и единствен) начин на учење;

16 Europska komisija/EACEA/Eurydice/Eurostat, 2014. *Ključni podaci o predškolskom odgoju i obrazovanju u Europi, Izdanje 2014. g.* Izvješće Eurydice i Eurostata. Luksemburg: Ured za publikacije Europske unije, str. 13

- возрасните покажуваат, прашуваат, обликуваат, предлагаат алтернативи и поттикнуваат преиспитување;
- систематско набљудување на учењето и однесувањето на децата;
- активно или искуствено учење;
- почитување на способностите на децата да раководат со сопствениот процес на учење и одговорни односи помеѓу децата и возрасните како суштинска вредност за учење.

Исто така, карактеристично за сите европски држави е тоа што дејноста на предучилишното воспитание и образование е регулирана со закон за предучилишно воспитание и образование и тоа претставува интегрален дел на целокупниот систем на воспитание и образование. Министерството за образование е единствено надлежно за управување, регулирање и финансирање. На тој начин во европските земји се обезбедува функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование.

**ТАБЕЛА 5: ЗЕМЈИ ВО КОИ ПОСТОИ ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| **Финска** | Задолжително предучилишно воспитание и образование е воведено од 2013 година. |
| **Малта** | Задолжително предучилишно воспитание и образование е воведено од 2013 година. |
| **Полска** | Задолжително предучилишно образование за децата од 4 години. |
| **Унгарија** | Задолжително посетуваат 20 часа неделно. |
| **Шведска** | Задолжително предучилипшно воспитание и образование во траење од 525 часа годишно. |
| **Швајцарија** | Во 19 кантони во траење од една до две години децата задолжително посетуваат предучилипшно воспитание и образование, во останатите седум кантони во кои предучилишното образование не е задолжително, децата на возраст од 4 или 5 години имаат загарантирано место во градинката. |
| **Бугарија** | Задолжително предучилишно образование за деца на возраст од 4 до 6 години. (Деца на возраст од 4 години 20 часа неделно, деца на возраст од 5 години 25 часа неделно.) |
| **Австрија** | Задолжително предучилишно воспитание и образование. (Бројот на задолжителни неделни часови варира од општина во општина.) |
| **Хрватска** | Задолжително предучилишно воспитание и образование за деца од 5 години. |

## СТАНДАРДИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

Едно од клучните прашања за обезбедување квалитет на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст е и бројот на децата во воспитните групи, односно соодносот дете - возрасен.

Во европските земји најчесто максималниот број деца по возрасно лице изнесува 1:8 за деца до 18 месеци; 1:10 за деца на возраст до 3 години, а за децата над 3 - годишна возраст обично овој број се дуплира (Чешка до 28 деца во група, Кипар максимален број деца е 24, односно 28 деца на еден воспитувач за деца на возраст од 3 и 4 години, во Швајцарија максимален број деца во група е 24). Воспитувачите вообичаено имаат работно време од 40 часа неделно, од кои во непосредна работа со децата поминуваат 35 часа, а останатите 5 часа ги користат за рефлексија и колаборативно планирање.

Во Република Македонија максималниот број деца по воспитни групи е регулиран со Законот за заштита на децата.

**ТАБЕЛА 6: МАКСИМАЛЕН БРОЈ ДЕЦА ПО ВОСПИТНИ ГРУПИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА**

| Возраст | Број на деца |
|---|---|
| До 12 месеци | Од 6 до 8 деца |
| Над 12 до 18 месеци | Од 8 до 10 деца |
| Над 18 месеци до 2 години | Од 10 до 12 деца |
| Од 2 до 3 години | Од 12 до 15 деца |
| Од 3 до 4 години | Од 15 до 18 деца |
| Од 4 до 5 години | Од 18 до 20 деца |
| Над 5 до 6 години | Од 20 до 25 деца |

Работата во детската градинка може да се организира и во *хетерогена група,* и тоа: до две години од 10 до 12 деца; и од две години до поаѓање во основно училиште од 18 до 20 деца. Понатаму, во *комбинирана група* - од 12 месеци до поаѓање во основно училиште од 15 до 20 деца; *група на деца со пречки во развојот* од 5 до 8 деца и *група деца од шест години*, односно *од поаѓање во основно училиште до десет години* од 20 до 30 деца.

Иако постои законска регулатива за максималниот број деца по воспитни групи, сепак, нашето истражување покажа дека тоа не се почитува во практиката. Најчесто бројот на децата по воспитни групи е два до три пати поголем од законски пропишаниот. Тоа секако, има влијание врз намалување на квалитетот на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

Работното време на воспитувачите во Република Македонија изнесува 40 часа неделно, од кои 30 часа поминуваат во непосредна работа со децата. Останатите 10 часа се користат за планирање и подготовка за воспитно-образовната работа.

Во однос на потсистемот на предучилишното воспитание и образование карактеристично е тоа што Република Македонија е единствена земја каде не постои закон за предучилишно воспитание и образование. Во моментов дејноста е регулирана со Законот за заштита на децата и предучилишното воспитание и згрижување е незадолжително, а опфатот на децата споредено со опфатот во другите европски земји е сé уште на многу ниско ниво (иако во последните години се бележи благ пораст). Ваквата поставеност на потсистемот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија резултира со занемарување на раното образование кај децата од предучилишна возраст и апсолутна доминација на згрижувањето и воспитанието.

Со цел подигање на квалитетот на раното образование на децата до 6-годишна возраст, во периодот кој следи неминовно е донесување на закон за предучилишно воспитание и образование, воведување задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години и овозможување целосен трансфер на надлежностите кон Министерството за образование и наука.

# II ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО


1. Предмет на истражувањето
2. Основни поими
3. Цел и карактер на истражувањето
4. Задачи
5. Хипотези
6. Варијабли
7. Методи, техники и инструменти
8. Примерок
9. Обработка на податоците
10. Организација и тек на истражувањето

# 1 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Бројните реформски зафати кои последните години се спроведуваат во предучилишното воспитание и образование во Република Македонија ја наметнаа потребата од ова истражување. Целта е да се согледа актуелната состојба и современите предизвици гледано низ призмата на педагошката практика во предучилишните установи (детските градинки/центрите за ран детски развој) заради преземање конкретни чекори за квалитетни системски промени во предучилишното воспитание и образование на децата на возраст од 4 до 6 години. Истовремено, ги имаме предвид преземените активности на Владата на Република Македонија за отворање нови јавни детски градинки, поддршката за отворање приватни детски градинки и други форми за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст.

Научниот интерес е насочен кон добивање реална слика за состојбите во предучилишните установи, поконкретно: начинот на кој се применуваат и почитуваат законските и стручно-нормативните акти со кои се регулира работата на предучилишните установи; квалитетот на планирањето на воспитно-образовните активности со децата на возраст од 4 до 6 години; ставовите и мислењата на педагозите и воспитувачите во врска со: Стандардите за рано учење и развој на децата од 0 до 6 години (донесени во 2009 година); ставовите и мислењето на воспитувачите во врска со реализацијата на Програмата за рано учење и развој како официјален документ за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и образование; квалитетот на планирањето на воспитно-образовната работа усогласено со индивидуалните потреби, можностите и способностите на децата на возраст од 4 до 6 години; ставовите и мислењата на педагозите и воспитувачите во врска со педагошката евиденција и документација која се води во предучилишните установи; ставовите и мислењата на воспитувачите во врска со нивните компетенции и потребите за професионален развој во предучилишните установи.

Истражувањето на овој проблем, соодветен на потребите на воспитанието и образованието во земјата и транспарентен и конкурентен во меѓународни рамки, има големо значење за утврдување на потребата од унапредување на квалитетот на предучилишното воспитание и

образование преку унапредување на програмата за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст, со посебен акцент на децата на возраст од 4 до 6 години и зајакнување на функционалната поврзаност меѓу предучилишното воспитание и образование на децата од 4 до 6 години и основното воспитание и образование.

Работата на предучилишните установи е регулирана со Стратегијата за развој на образованието 2005-2015 година, Нацрт - верзијата на Стратегијата за развој на образованието 2017-2020 година, Законот за заштита на децата, Законот за Бирото за развој на образованието и Законот за просветна инспекција.

Ова истражување има тенденција да ја прикаже реалната ситуација во воспитно-образовната практика во предучилишните установи и да даде можни одговори во која насока во иднина треба да се развиваат законските, програмските основи и стратегии за работата на предучилишните установи со цел нејзино унапредување и зајакнување на функционалната поврзаност меѓу предучилишното воспитание и образование на децата од 4 до 6 години и основното воспитание и образование, согласно современите европски и светски трендови.

**Оттука предмет на истражувањето е** да се утврди како се планира и реализира воспитно-образовната работа во предучилишните установи (анализа на Стандардите за рано учење и развој и Програмата за рано учење и развој), кои се евентуалните слабости и предизвици и да се дадат препораки во однос на потребните измени за подобрување на квалитетот на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години, Програмата за рано учење и развој за децата од предучилишна возраст, со посебен акцент на децата на возраст од 4 до 6 години, како и да се согледа потребата од воведување задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години.

Тргнувајќи од вака дефинираниот **предмет,** истражувањето е насочено кон:

1. Анализа на законските документи од областа на предучилишното воспитание и образование:

- Законот за заштита на децата;
- Законот за Бирото за развој на образованието;
- Законот за просветна инспекција.

2. Анализа на националните и програмските документи врз кои се базира воспитно-образовната работа во предучилишното и основното воспитание и образование:

- Стратегијата за развој на образованието 2005-2015 година;
- Нацрт - верзијата на Стратегијата за развој на образованието 2017-2020 година;
- Стандардите за рано учење и развој на децата од 0 до 6 години;
- Програмата за рано учење и развој;
- извештаите од стручните увиди во воспитно-образовната работа во детските градинки;
- воспитно-образовните цели во наставата по математика, природните науки, ликовно и музичко образование во Наставните програми за I одделение на деветгодишното основно образование.

3. Испитување на ставовите и мислењата на директорите, педагозите и воспитувачите како непосредни учесници во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи во врска со потребата за ревидирање на Стандардите за рано учење и развој и Програмата за рано учење и развој, со акцент на подрачјата Јазик, комуникација и развој на писменост, Когнитивен развој и стекнување општи знаења и Уметност.

4. Испитување на ставовите и мислењата на директорите, педагозите, воспитувачите како непосредни учесници во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи во врска со потребата од подигање на квалитетот на воспитно-образовната работа и воведување на задолжителна подготвителна година за деца на возраст од 4 до 6 години.

5. Испитување на ставовите и мислењата на педагозите од училиштата и одделенските наставници кои реализираат настава во прво одделение во учебната 2016-2017 година во Република Македонија, во врска со потребата за воведување задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години.

6. Испитување на ставовите и мислењата на родителите во врска со потребата од воведување задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години во насока на функционално поврзување на предучилишното и основното воспитание и образование.

# 2 ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ СОДРЖАНИ ВО ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во ова истражување основни се следните поими:

- воспитно-образовна работа;
- деца на возраст од 4 до 6 години;
- предучилишна установа.

### Воспитно-образовна работа

За успешно реализирање на воспитно-образовниот процес за сите степени на образование се подготвува програма за воспитно-образовна работа. Во конкретниов случај станува збор за програма за рано учење и развој на децата во предучилишните установи (јавни и приватни детски градинки и центри за ран детски развој). Програмата за рано учење и развој претставува документ со кој се регулира целокупната воспитно-образовна работа во предучилишните установи (јавни и приватни детски градинки и центри за ран детски развој). Програмата за рано учење и развој  има глобални цели кои се однесуваат на целиот развоен период на детето од 0 до 6 години, конкретни цели, дефинирани за секоја возраст и воспитно-образовно подрачје посебно, кои понатаму се операционализираат во конкретни воспитно-образовни активности и содржини, што се планираат и реализираат од страна на воспитувачите. Крајната цел е постигање на очекуваните резултати од Програмата за рано учење и развој кои, пак, водат кон постигање на Стандардите за рано учење и развој. Во зависност од моделот на програмата, воспитувачот планира и врши избор на организациски форми, методи и средства, кои потоа ги користи во воспитно-образовната работа со децата.

### Деца на возраст од 4 до 6 години

За потребите на ова истражување поимот деца на возраст од 4 до 6 години ќе го објасниме како деца кои се вклучени во организиран систем на предучилишно воспитание и образование во предучилишна установа (јавни и приватни детски градинки и центри за ран детски развој) и тоа од четири години до поаѓање во училиште.

### Предучилишна установа

Предучилишна установа е општопознат поим и означува организација за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст. Таа претставува институција со дејност од посебен општествен интерес.

Во неа се одвива континуиран воспитно-образовен процес во зависност од програмските основи, возраста на децата и нивните потреби, како и природата на нивниот психофизички развој. Основна задача на предучилишната установа е, во согласност со научните сознанија за развојот и учењето, на сите деца да им овозможи задоволување на актуелните потреби, стекнување знаења, искуства и вештини за понатамошно успешно адаптирање и школување во основното училиште.

# 3 ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Цел на истражувањето

Основна цел на истражувањето е да утврди како се планира и реализира воспитно–образовната работа во предучилишните установи (анализа на Стандардите за рано учење и развој и Програмата за рано учење и развој), кои се евентуалните слабости и предизвици, и да даде препораки во однос на потребните измени за подобрување на квалитетот на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години, Програмата за рано учење и развој за децата од предучилишна возраст, со посебен акцент на децата од 4 до 6 години, како и да се согледа потребата од воведување задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години.

## Карактер на истражувањето

Според својот карактер ова истражување е:

- современо, бидејќи се занимава со актуелен и комплексен проблем за педагошката практика, но и за целокупниот општествен прогрес;
- емпириско, бидејќи проблемот се проучува со непосредно испитување на моменталната состојба и влијанијата на надлежните институции врз планирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во предучилишните установи;
- дескриптивно, квалитативно и квантитативно, бидејќи се спроведува со примена на квалитативен и квантитативен пристап и соодветни техники на истражување, што овозможува добивање адекватни податоци за предметот на истражувањето, со цел негово подетално проучување.

# 4 ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е конкретизирана низ следниве ***задачи:***

- анализирање на постојната законска регулатива и програмските документи на кои се базира воспитно-образовната работа во предучилишните установи во Република Македонија;
- анализирање на воспитно-образовните цели во наставните програми по математика, природните науки, ликовно и музичко образование за I одделение во деветгодишното основно образование;
- испитување на мислењето на воспитувачите и педагозите во врска со дадените стандарди и индикатори за секој аспект од развојот, предвидени со документот Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години;
- согледување на потребата за подобрување на квалитетот на Програмата за рано учење и развој на воспитно-образовната работа со децата на возраст од 4 до 6 години, со посебен акцент на подрачјата Јазик, комуникација и развој на писменост, Когнитивен развој и стекнување општи знаења и Уметност;
- утврдување на мислењата на воспитувачите и педагозите за потребата од подобрување на квалитетот на актуелната педагошка евиденција и документација;
- согледување на потребите за стручно усовршување на воспитувачите и педагозите од предучилишните установи и конкретната потреба од стручно-советодавна поддршка од страна на советниците во БРО;
- согледување на мислењата на воспитувачите и педагозите во врска со причините што ја отежнуваат реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој за деца од 4 до 6 години;
- согледување на мислењата и ставовите на педагозите и одделенските наставници во врска со потребата од воведување задолжителна подготвителна година;
- утврдување дали постои разлика во мислењата на воспитувачите и одделенските наставници од основните училишта во однос на подготвеноста на децата за успешен премин од предучилишна установа во основно училиште;
- испитување на ставовите и мислењата на родителите за потребата од воведување задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години и функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование.

# 5 ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Генерална хипотеза

Практичарите во предучилишните установи сметаат дека Стандардите за рано учење и развој се обременети со недостатоци, а реализацијата на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, со посебен акцент на возраст од 4 до 6 години, ја отежнуваат повеќе фактори и причинители.

## Посебни хипотези

1. Постои потреба од донесување закон за предучилишно воспитание и образование во Република Македонија, во функција на унапредување на квалитетот на воспитно-образовната дејност во предучилишните установи и обезбедување на функционално поврзување со основното образование.
2. Не постои целосна усогласеност на целите во Програмата за рано учење и развој (Јазик, комуникација и развој на писменост, Когнитивен развој и стекнување општи знаења, Уметност) и целите во наставните програми по математика, природните науки, ликовно и музичко образование за I одделение на деветгодишното основно образование.
3. Постои потреба за ревидирање на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.
4. Постои потреба за подобрување на Програмата за рано учење и развој базирана на Стандардите за рано учење и развој во насока на усогласување на целите во програмскиот документ за најстарата предучилишна возраст и целите во наставните програми во прво одделение.
5. Постои потреба за ревидирање на актуелната педагошка евиденција и документација во предучилишпните установи.
6. Педагозите и воспитувачите имаат потреба од континуирана стручно-советодавна поддршка од страна на советниците во БРО.
7. Педагозите и воспитувачите имаат став дека постојат повеќе причини кои ја отежнуваат реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој.
8. Не постои статистички значајна разлика во ставовите и мислењата на воспитувачите во градинките и одделенските наставници во врска со потребата од воведување задолжителна подготвителна година.
9. Постои разлика во мислењата на воспитувачите од предучилишните установи и одделенските наставници во однос на нивните очекувања за подготвеноста на децата за успешен премин од предучилишна установа во основно училиште.
10. Родителите имаат позитивно мислење во врска со воведувањето задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години во насока на функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование.

# 6 ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Во ова истражување како независни варијабли се јавуваат:**

Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години, Програмата за рано учење и развој, законските и националните документи од областа на предучилишното воспитание и образование и индивидуалните карактеристики на директорите, педагозите, воспитувачите и родителите на децата од предучилишните установи, како и индивидуалните карактеристики на педагозите и одделенските наставници од основното образование.

**Зависни варијабли во ова истражување се:**

ставовите и мислењата на директорите, педагозите, воспитувачите и родителите на децата од предучилишните установи во врска со Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години, Програмата за рано учење и развој, како и во врска со начинот на планирање и реализирање на воспитно-образовната работа и потребата од воведување задолжителна подготвителна година, т.е. ставовите и мислењата на воспитувачите и одделенските наставници од основните училишта во однос на подготвеноста на децата за успешен премин од предучилишна установа во основно училиште, како и ставовите и мислењата на родителите на децата за потребата од воведување задолжителна подготвителна година за децата на возраст од 4 до 6 години и функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование.

# 7 МЕТОДИ ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 7.1. Методи на истражувањето

Со цел да се обезбедат квалитетни научни сознанија, во ова истражување беа применети методот на теоретска анализа, компаративниот и дескриптивниот метод.

Тргнувајќи од предметот на истражувањето, поставената цел, задачите и хипотезите, со тенденција да се добијат релевантни податоци се користеа следниве техники и инструменти:

## 7.2. Истражувачки техники

- анализа на документацијата;
- анкетирање;
- фокус групи;

### Анализа на документацијата

Во текот на истражувањето се изврши анализа на повеќе педагошки документи, поконкретно:

- анализа на законодавните и стратешките образовни документи кои ја третираат проблематиката на воспитно-образовната работа во предучилишните установи;
- анализа на стандардите и индикаторите на аспектите на развојот (домените) во *Стандардите за рано учење и развој на деца од 0 до 6 години;*
- анализа на целите во Програмата за рано учење и развој;
- анализа на воспитно-образовните цели во наставата по математика, природните науки, ликовно и музичко образование во Наставните програми за I одделение на деветгодишното основно образование.

### Анкетирање

Во истражувањето беше користена техниката на анкетирање, со цел да се дознаат ставовите и мислењата на воспитувачите, родителите, педагозите од предучилишните установи и одделенските наставници и педагозите од основните училишта, во врска со потребата од ревидирање на Стандардите за рано учење и развој, ревидирање на Програмата за рано учење и развој, утврдување на причините што ја отежнуваат реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој, како и потребата за воведување задолжителна подготвителна година заради функционално поврзување на програмите за предучилишно и за основно образование.

### Фокус групи

Во текот на истражувањето дел од податоците се добиени и по пат на организирање фокус групи со воспитувачи.

**Основни теми за кои се водеше дискусија во фокус групите:**

- потребата од ревидирање на Стандардите за рано учење и развој и Програмата за рано учење и развој;
- планирање и водење педагошка евиденција и документација - услови и тешкотии за квалитетна реализација на воспитно – образовната работа во јавните детски градинки;
- причините кои ја отежнуваат реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој;
- стручната оспособеност на воспитувачите за реализација на Програмата за рано учење и развој, правилната имплементација на Стандардите за рано учење и развој, како и оспособеноста на воспитувачите за следење на постигањата на децата, како основа за понатамошно планирање, базирано на потребите, интересите и можностите на децата од предучилишна возраст;
- потребата од пружање континуирана стручно-советодавна поддршка на воспитувачите од страна на советниците во БРО со цел унапредување на воспитно-образовната работа во предучилишните установи.

# 8 ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За потребите на истражувањето во насока на подлабинска и посеопфатна анализа беа опфатени повеќе видови примероци: *Примерок на предучилишни установи (детски градинки и центри за ран детски развој), примерок на директори, примерок на педагози, примерок на воспитувачи, примерок на родители и примерок на одделенски наставници и педагози од основните училишта.* Ова е особено важно за да може да се третираат паралелно повеќе предлози и сугестии во насока на подобрување на квалитетот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија.

Примерокот е конструиран по случаен избор и претставува одлична појдовна рамка за генерализаицја на податоците.

Структурата на наведените примероци е презентирана во неколку табели.

### Примерок на предучилишни установи - детски градинкии/центри за ран детски развој

Примерокот на предучилишни установи е определен врз основа на случаен избор и избрани се 20 предучилишни установи - детски градинки од единаесет градови во Република Македонија, во средини со различен степен на развиеност, со единствена цел - да се добијат релевантни податоци за предметот на истражувањето.

**ТАБЕЛА 7: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ПО ГРАДОВИ**

| Предучилишна установа | Место | Општина |
|---|---|---|
| „Орце Николов“ | Скопје | Карпош |
| „Мајски цвет“ | Скопје | Карпош |
| „Росица“ | Скопје | Ѓорче Петров |
| „Детска радост„ | Скопје | Гази Баба |
| „25 Мај “ | Скопје | Гази Баба |
| „Срничка“ | Скопје | Аеродром |
| „Весели цветови “ | Скопје | Кисела Вода |
| „Фидани“ | Скопје | Чаир |
| „Снежана“ | Скопје | Чаир |
| „Раде Ј. Корчагин“ | Скопје | Центар |
| „Младост“ | Тетово | Тетово |
| „Пролет“ | Гостивар | Гостивар |
| „Јасна Ристеска“ | Охрид | Охрид |
| „Наша иднина“ | Прилеп | Прилеп |
| „Естера О. Маја“ | Битола | Битола |
| „Димче Мирчев“ | Велес | Велес |
| „Ангел Шајче“ | Куманово | Куманово |
| „Астибо“ | Штип | Штип |
| „23 Август“ | Берово | Берово |
| „Детска радост“ | Гевгелија | Гевгелија |

### Примерок на предучилишни установи-центри за ран детски развој

Примерокот на центри за ран детски развој е, исто така, определен по пат на случаен избор. Него го сочинуваат четири центри за ран детски развој од Скопје и од внатрешноста на Република Македонија.

Структурата на примерокот е прикажана во следната табела.

**ТАБЕЛА 8: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ЦЕНТРИ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ ПО ГРАДОВИ**

| Цетар за ран детски развој | Општина | Место |
|---|---|---|
| **Детска радост** | Гостивар | село Дебреше |
| **Младост** | Тетово | село Фалиште |
| **Ангел Шајче** | Куманово | Куманово |
| **Астибо** | Штип | населба Радински Пат |

**Примерок на педагози**

Во насока на што поцелосно и реално согледување на актуелната состојба во предучилишните установи, со истражувањето беа опфатени 15 педагози од детските градинки.

**Примерок на воспитувачи**

Примерокот за анкетирање воспитувачи го сочинуваат 207 воспитувачи вработени во претходно наведените предучилишни установи на територијата на Република Македонија.

**ТАБЕЛА 9: ОСНОВНА СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ВОСПИТУВАЧИ ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И ЦЕНТРИТЕ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ ВО СКОПЈЕ**

| Детска градинка | Место | Општина | Воспитувачи |
|---|---|---|---|
| **„Орце Николов“** | Скопје | Карпош | 10 |
| **„Мајски цвет“** | Скопје | Карпош | 10 |
| **„Росица“** | Скопје | Ѓорче Петров | 11 |
| **„Детска радост„** | Скопје | Гази Баба | 9 |
| **„25 Мај “** | Скопје | Гази Баба | 8 |
| **„Срничка“** | Скопје | Аеродром | 9 |
| **„Весели цветови “** | Скопје | Кисела Вода | 8 |
| **„Фидани“** | Скопје | Чаир | 16 |
| **„Снежана“** | Скопје | Чаир | 7 |
| **„Раде Ј. Корчагин“** | Скопје | Центар | 8 |
| **Вкупно** | | | 96 |

**ТАБЕЛА 10: ОСНОВНА СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ВОСПИТУВАЧИ ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И ЦЕНТРИТЕ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ ВО ВНАТРЕШНОСТА НА РЕПУБЛИКАТА**

| Детска градинка | Место | Општина | Воспитувачи |
|---|---|---|---|
| „Младост“ | Тетово | Тетово | 10 |
| „Пролет“ | Гостивар | Гостивар | 9 |
| „Јасна Ристеска“ | Охрид | Охрид | 17 |
| „Наша иднина“ | Прилеп | Прилеп | 9 |
| „Естера О. Маја“ | Битола | Битола | 10 |
| „Димче Мирчев“ | Велес | Велес | 10 |
| „Ангел Шајче“ | Куманово | Куманово | 16 |
| „Астибо“ | Штип | Штип | 10 |
| „Павлина Велјанова“ | Кочани | Кочани | 10 |
| „Детска радост“ | Гевгелија | Гевгелија | 10 |
| **Вкупно:** | | | 111 |

**Примерокот на фокус групи** го сочинуваат 200 воспитувачи, директорите и педагозите вработени во детските градинки и центрите за ран детски развој вклучени во истражувањето.

**Примерокот на родители** го сочинуваат вкупно 208 родители избрани по случаен избор од секоја предучилишна установа (детска градинка, центар за ран детски развој) што учествува во истражувањето. Важно е да се нагласи дека при изборот на родителите се внимаваше да бидат застапени подеднаков број родители од сите региони во државата.

**Примерок на основни училишта**

Примерокот на основни училишта е добиен врз основа на случаен избор и избрани се 20 основни училишта од средини со различен степен на развиеност од кои 10 од Скопје и 10 од внатрешноста на Републиката.

**ТАБЕЛА 11: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ПО ГРАДОВИ**

| Основно училиште | Место | Општина |
|---|---|---|
| „Којдан Чернодрински“ | Карпош | Скопје |
| „Петр Поп Арсов“ | Карпош | Скопје |
| „Димитар П.Ѓ. Беровски“ | Ѓорче Петров | Скопје |
| „Стив Наумов“ | Гази Баба | Скопје |
| „Крсте Мисирков“ | Гази Баба | Скопје |
| „Љубен Лапе“ | Аеродром | Скопје |
| „Кузман Јосифовски-Питу“ | Кисела Вода | Скопје |
| „Јане Сандански“ | Чаир | Скопје |
| „Рајко Жинзифов“ | Чаир | Скопје |
| „Димитар Миладинов“ | Центар | Скопје |
| „Гоце  Делчев“ | Тетово | Тетово |
| „Братство единство“ | Гостивар | Гостивар |
| „Григор Прличев“ | Охрид | Охрид |
| „Климент Охридски“ | Прилеп | Прилеп |
| „ Коле Канински“ | Битола | Битола |
| „Блаже Конески“ | Велес | Велес |
| „Толи Зордумис “ | Куманово | Куманаво |
| „Ванчо Прке“ | Штип | Штип |
| „Дедо Иљо Малешевски“ | Берово | Берово |
| „Владо Кантарџиев“ | Гевгелија | Гевгелија |

### Примерок на училишни педагози

Примерокот за анкетирање училишни педагози го сочинуваат 193 педагози вработени во претходно наведените основни училишта.

### Примерок на одделенски наставници

Примерокот за анкетирање го сочинуваат 137 одделенски наставници, по 10 од секое основно училиште вклучено во истражувањето.

# 9 ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Тргнувајќи од карактерот на истражувањето, карактеристиките на примерокот и предвидените истражувачки техники и инструменти, во ова истражување беше применета квалитативната и квантитативната обработка на добиените податоци.

*Квалитативно* главно, се толкуваа податоците добиени од анализата на законската регулатива и другите релевантни стратешки документи за истражувачкиот проблем. Исто така, квалитативната анализа се користеше и кај дел од податоците кои беа добиени преку реализацијата на фокус групите со воспитувачите.

*Квантитативно* беа обработени податоците добиени со примена на техниката на анкетирање на педагозите, воспитувачите и родителите, како и податоците добиени од анкетирањето на училишните педагози и одделенските наставници од основното образование. Исто така, со цел поефикасна реализација, дел од потребните податоци за ова истражување се собраа и се обработија електронски со примена на survey monkey.

**За анализа на добиените резултати се користеа следниве статистички постапки:** *Определување дистрибуција на фреквенција (f), процент( %). Хипотезите беа тестирани со помош на Хи-квадрат тестот*, со цел да се определи значајноста на разликата меѓу одделните варијабли опфатени со истражувањето и изведување соодветен заклучок.

# 10 ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето беше реализирано во периодот од март до септември 2017 година по следниов тек:

- изготвување акционен план за истражувањето;
- средба со истражувачкиот тим и поделба на задолженија;
- анализа на законодавните и стратешки образовните документи кои ја третираат проблематиката на воспитно-образовната работа во предучилишните установи;
- анализа на стручна литература, компатибилна на истражувачкиот проблем;
- теоретска елаборација на истражувачкиот проблем;
- подготовка на истражувачки инструменти;
- барање согласност од директорот на Бирото за развој на образованието за реализирање на истражувањето;
- информирање на детските градинки за истражувањето;
- теренско истражување во единаесет градови во Република Македонија;
- квалитативна и квантитативна обработка на добиените податоци;
- анализа и интерпретација на добиените резултати од истражувањето;
- заклучни сознанија;
- подотовка на извештај од истражувањето и негово доставување до релевантните институции.

# III ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој дел од трудот посебно внимание се посветува на анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од емпириското истражување. Интерпретацијата на резултатите е во насока на давање одговор на претходно зададените задачи и поставените хипотези на истражувањето.

# 1 ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За докажување на првата хипотеза од истражувањето која гласи: „Постои потреба за донесување закон за предучилишно воспитание и образование во Република Македонија, во функција на унапредување на квалитетот на воспитно-образовната дејност во предучилишните установи и обезбедување функционално поврзување со основното образование“, во понатамошниот дел од трудот се интерпретирани податоците кои се добиени врз основа на направената анализа на законската регулатива на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија споредено со законското регулирање на овој потсистем во другите европски земји, како и врз основа на квалитативната анализа на податоците од реализацијата на фокус групите со воспитувачите, педагозите и директорите во детските градинки и центрите за рано учење и развој.

Направената анализа на законската регулатива потврди дека воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст во Република Македонија е регулирана со Законот за заштита на децата. Во член 54 од горенаведениот закон стои „Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на децата кој, како дејност, се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест годишна возраст, односно до вклучување во основно образование“.[17] Во член 57 од истиот закон стои дека, „дејноста која се врши во рамките на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст може да се остварува во детска градинка (јавна детска градинка и детска градинка во приватна сопственост)“ [18]. Понатаму во член 63 стои дека дејноста на детската градинка се остварува според програми за остварување на дејноста согласно членот 168 според кој, пак, „предучилишното воспитување како интегрален дел од системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остварува преку годишна програма за работа на установите за деца кои вршат работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст“.

17 Закон за заштита на децата (консолидиран текст), стр. 14

18 Исто стр. 14

Законски надлежности во однос на предучилишното воспитание и образование има и Бирото за развој на образованието. Во член 5 од Законот за Бирото за развој на образованието стои дека „Бирото за развој на образованието е надлежно за следење, стручен увид, истражување, унапредување и развој на предучилишното образование...". Понатаму во истиот закон стои дека во извршување на своите надлежности Бирото за развој на образованието му предлага на министерот за образование и наука концепти за развој на воспитно-образовниот систем, наставни програми за предучилишно воспитание и образование, организира и спроведува активности за професионален развој на воспитно-образовните кадри, врши и организира истражувања во областа на образованието, врши советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот на воспитно-образовните установи, изработува анализи и врз основа на истите ги утврдува потребите од професионален развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар, организира тематски дискусии во врска со професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар, изработува долгорочен план за потребите за обука на воспитно-образовниот кадар, изработува долгорочен и годишен план на активности за обука на воспитно-образовниот кадар, врши обединување на плановите и побарувачката на активности за обука на воспитно-образовниот кадар; ги спроведува постапките за акредитација за обезбедување услуги во врска со спроведување на програми за обука на воспитно-образовниот кадар; склучува договор со акредитираните установи, институции и други правни лица за спроведување на обуките на воспитно-образовниот кадар; го следи извршувањето на услугите на акредитираните установи, институции и други правни лица, во однос на квалитетот и извршувањето на услугите според утврдените рокови; прибира информации од воспитно-образовниот и раководниот кадар во врска со програмите за обука; обезбедува квалитет преку евалвација на програмите за обука на кадрите во воспитно-образовните установи во соработка со Државниот просветен инспекторат и дава информации за констатираните согледувања од професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар до училиштата и други установи, издава прирачници и друга прирачна литература за воспитувачите, наставниците и стручните соработници и нивно објавување на официјалната Интернет страница на Министерството, предлага обрасци за педагошка евиденција и документација".

За разлика од Законот за Бирото за развој на образованието, во член 202 од Законот за заштита на децата стои дека „Над извршување на стручната работа во дејноста заштита на децата се врши стручен надзор. Надзорот на стручната работа во остварувањето, згрижувањето, воспитанието, престојот, негата, исхраната, како и мерките и активностите утврдени во овој закон и одмор и рекреација, врши Министертсвото за труд и социјална работа, над остварувањето на образовната работа Министерството за образование и наука, а над здравствената заштита Министерството за здравство". Ваквата поделеност на ингеренциите доведува до забуни и нивно меѓусебно мешање, што влијае врз намалувањето на квалитетот на предучилишното воспитание и образование.

Имено, кога зборуваме за воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст во Република Македонија може да се констатира дека согласно актуелниот Закон за заштита на децата постои пренагласеност на воспитно–згрижувачката дејност, на сметка на

занемарување на образовната дејност, односно, евидентно е запоставувањето на значењето на раното учење кај децата од предучилишна возраст, што е спротивно на најновите научни достигања и истражувања за улогата и значењето на раното учење врз целокупниот развој на личноста.

Оттука, врз основа на позитивните примери на европските и другите развиени земји во светот, неминовна станува потребата за донесување закон за предучилишно воспитание и образование и целосен трансфер на ингеренциите во однос на предучилишното воспитание и образование во рамките на Министерството за образование и наука. Анализата на потсистемот на предучилишното воспитание и образование во европски и светски образовен контекст, дадена во теоретскиот дел од ова истражувања, потврдува дека во секоја земја, без исклучок, предучилишното воспитание и образование е првиот потсистем во рамките на целокупниот систем на воспитание и образование и тој е во надлежност на Министерството за образование.

Во врска со потребата за донесување закон за предучилишно воспитание и образование во Република Македонија нé интересираа ставовите и мислењата на воспитувачите и педагозите на детските градинки и центрите за ран детски развој вклучени во ова истражување преку нивно активно вклучување во фокус групите реализирани за време на нашите посети на детските градинки. Беше поставено прашањето „Дали сметате дека дејноста треба да се регулира со закон за предучилишно воспитание и образование?" Од добиените одговори може да се констатира дека сите испитаници одговориле дека предучилишното воспитание и образование, како прв и најзначаен потсистем, треба да биде регулиран со закон за предучилишно воспитание и образование. Со донесувањето на закон за предучилишно воспитание и образование и обезбедувањето целосен трансфер на ингеренциите во рамките на Министерството за образование и наука, предучилишното воспитание и образование и официјално ќе стане интегрален дел од единствениот воспитно- образовен систем, ќе се обезбеди поголем квалитет во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна и рана училишна возраст и ќе се овозможи поголема компатибилност на Програмата за рано учење и развој и наставните програми во прво одделение на деветгодишното основно воспитание и образование. Од друга страна, согласно документот *Меѓународните стандарди за квалификации на образованието (ISCED 2011)*, тоа ќе доведе и до усогласување на образовните критеруми со европските.

Врз основа на горенаведеното може да констатираме ***дека целосно се потврдува првата хипотеза*** од истражувањето, односно дека *постои потреба за донесување закон за предучилишно воспитание и образование во Република Македонија, во функција на унапредување на квалитетот на воспитно-образовната дејност во предучилишните установи и обезбедување функционално поврзување со основното образование*.

# 2 АНАЛИЗА НА ЦЕЛИТЕ ВО ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ И ЦЕЛИТЕ ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО МАТЕМАТИКА, ПРИРОДНИ НАУКИ, ЛИКОВНО И МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА I ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во функција на докажување на втората хипотеза од нашето истражување која гласи: *не постои целосна усогласеност на целите во Програмата за рано учење и развој (Јазик, комуникација и развој на писменост, Когнитивен развој и стекнување општи знаења, Уметност) и целите во наставните програми по математика, природни науки, ликовно и музичко образование за I одделение во деветгодишното основно образование*, во понатамошниот дел од трудот интерпретирани се податоците кои се добиени врз основа на направената анализа на целите во Програмата за рано учење и развој, со посебен акцент на целите за децата на возраст од 4 до 6 години, врз кои би требало да се темелат програмите по македонски јазик, математика, природни науки, ликовно образование и музичко образование во првиот развоен период на деветгодишното основно образование.

Ова прашање е особено значајно ако тргнеме од фактот дека квалитетот на учењето (воспитно-образовната работа) и искуствата кои децата ги стекнуваат на предучилишна возраст се основниот темел на кој се базира целиот нивен понатамошен успех во училиштето и животот. Имено, непрецизно и недоволно јасно определените воспитно-образовни подрачја и цели во Програмата за рано учење и развој можат да претставуваат причина која влијае на ефикасното и квалитетното планирање и програмирање на работата на воспитувачот во градинката што, пак, од друга страна, се одразува со намалувањето на квалитетот на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

## 2.1. Подрачјето, Комуникација и развој на писменост во Програмата за рано учење и развој кај децата на возраст од 4 до 6 години

Воспитно-образовното подрачје (домен) Јазик, комуникација и развој на писменост за децата на возраст од 4 до 6 години во Програмата за рано учење и развој опфаќа голем број стандарди, глобални и конкретни цели, примери на активности и очекувани резултати. За нивна полесна реализација во рамките на Програмата за рано учење и развој, тие се поделени во три субдомени и четири програмски подрачја. Исто така, во Програмата се дадени и дидактички препораки за секоја возраст, во функција на обезбедување непречена реализација на целите од програмата.

Така, во Програмата за рано учење и развој во рамките на доменот Јазик, комуникација и развој на писменоста

се одвојуваат три клучни субдомени со следните стандарди:

I. **Комуникација -** со помош на која детето одговара соодветно на говорниот јазик, започнува да го разбира, демонстрирајќи говорни вештини во комуникацијата со околината.

**Стандарди** - детето може да го слуша и да го разбира говорениот јазик; може да зборува и да комуницира; детето може да го збогатува својот речник и да покаже напредок во правилниот говор.

II. **Читање** - со помош на кое се развива интересот кон печатените материјали и препознавање на пишаните симболи и букви.

**Стандарди** - детето покажува интерес кон печатените материјали; може да препознае пишани симболи и букви.

III. **Пишување** - со помош на кое детето започнува активности (чкртање, цртање) кои понатаму се развиваат во вештини за пишување преку кои се искажуваат одредени идеи.

**Стандарди** - детето може да се вклучи во активности поврзани со пишување; ги искажува своите идеи преку пишани симболи и букви.

За непречено учење и напредување на детето, особено во подрачјето Развој на јазикот, описменување и комуникација потребно е да се нагласи дека кај децата има и неколку други аспекти од растот и развојот кои треба да се на соодветно развојно ниво и во корелација со овој аспект на развојот. Всушност, во периодот од 4 до 6 години според очекуваните резултати во Програмата за рано учење и развој-програмско подрачје - Фин моторен развој детето веќе ја користи доминантната рака во секојдневните активности (држење молив, сечење хартија со ножички), според емоционалниот развој детето е во можност да се посвети на зададените активности, но, исто така, во рамките на доменот Пристап кон учење, суб-домен - Креативност и истрајност, детето употребува свои методи за изразување на своите идеи, тоа раскажува и црта.

Според глобалните цели во Програмата за рано учење и развој, во рамките на аспектот Развој на јазикот, описменување и комуникација кај детето треба: да се развива способноста за слушање и разбирање на говорниот јазик; да се развива способноста за правилно зборување и елоквенција; да се развиваат јазичните способности како основа за развој на сопствениот, националниот и културниот идентитет; да се развива способноста за слушање, разбирање и доживување на јазикот; да се развива способноста за комуникациски вештини; да се развива способноста за смислено и граматички правилно изразување на своите мисли; да се негува љубовта и позитивниот однос кон книгите; да се поттикнува и развива интересот за читање книги; да се поттикнува и развива интересот за писмено изразување; да се поттикнува творештвото; да се развива чувство за постоење на културна и јазична различност; да се воведува и запознава со основите на пишаниот јазик.

Во рамките на овој аспект, во Програмата за рано учење и развој дадени се и повеќе програмски подрачја со следните цели и очекувани резултати.

## 2.1.1. Програмско подрачје - Комуникација и медиумска култура

| Цели | Очекувани резултати |
|---|---|
| **Развоен период од 4 до 5 години** | |
| ◢ Детето да се оспособува и навикнува на правилно дишење потребно за добар изговор;<br>◢ да се развива правилно функционирање на говорниот апарат;<br>◢ да се развива способноста за слушање со внимание (способност да се слуша говорот и гласовите од кои се состои); фонематски слух (разликување на гласовите во говорот);<br>◢ да се усовршува способноста за јасно изговарање на речиси сите гласови;<br>◢ да се поттикнува и оспособува за искажувања на своите идеи на повеќе начини;<br>◢ да се поттикнува и развива способноста за меѓусебна комуникација и поттикнување на детето за разговор со своите врсници;<br>◢ да се оспособува за раскажување сопствено искуство или доживување;<br>◢ да се развиваат способности за јасно рецитирање на стихотворба со промена на интонацијата на гласот;<br>◢ да се оспособува за препознавање на зборови кои се различни од мајчиниот јазик;<br>◢ да се поттикнува за учество во драматизации и кон желбата за прифаќање на игра на улоги. | ◢ Детето може правилно да ги изговара речиси сите гласови.<br>◢ Ги кажува своите идеи на повеќе начини.<br>◢ Со леснотија раскажува приказна или некој настан кој го доживеало.<br>◢ Разговара со своите врсници за некоја случка (како поминало на роденден, на прошетка...).<br>◢ Употребува различна интонација на гласот за да раскаже некоја случка.<br>◢ Рецитира стихотворба со имитирање или промена на интонацијата на гласот.<br>◢ Умее да имитира и да одглуми нешто.<br>◢ Детето разбира едноставна невербална комуникација, невербално покажува гестови и начини на одење и однесување кај возрасните лица кои ги познава.<br>◢ Умее да поставува прашања: кога? како? и кратко да одговара на прашањата за предметите во непосредната околина (Што е тоа и од што е направено?).<br>◢ Соодветно ги користи зборовите: повели, благодарам, молам.<br>◢ Разговара со возрасно лице или другарче и постапува соодветно на договорот или добиената задача (на пр., ги собира коцките и ги реди во кутија и сл.). |

| Развоен период од 5 до 6 години | |
|---|---|
| ◢ Детето да се поттикнува на користење на говорот како средство за меѓусебно запознавање и разбирање;<br>◢ да се воведува во користење на говорот како средство за изразување на своите мисли, чувства, доживувања;<br>◢ да се воведува во активно  слушање со разбирање на говорот на другите;<br>◢ да се воведува во правилно и разбирливо говорење со умерена јачина и темпо на гласот;<br>◢ да се оспособува да ги усогласува глаголите по време, да се изразува јасно и со правилно составени реченици;<br>◢ да се поттикнува кон воочување на разликата помеѓу нелитературен и литературен говор;<br>◢ да се поттикнува на правилна артикулација  и дискриминација на гласовите;<br>◢ да ги развива континуирано говорните органи во функција на правилно дискриминирање и артикулирање на говорот;<br>◢ да се воведува во традиционални говорни игри (бројалки, загатки, игри со зборови);<br>◢ да развива способност за меѓусебна комуникација и поттикнување на детето за разговор со своите врсници; | ◢ Детето го кажува своето име и адреса на живеење.<br>◢ Детето умее да се себеизразува.<br>◢ Може соодветно да реагира на вербално упатство дадено од возрасните.<br>◢ Детето се вклучува во разговор, го разбира тоа што го слуша и соодветно реагира.<br>◢ Го знае значењето на некои специфични зборови (на пр.,  артист, писател, педагог, новинар, стоматолог-лекар за заби...).<br>◢ Говори со умерена јачина и темпо на гласот.<br>◢ Јасно прашува за тоа што не го знае.<br>◢ Умее да објасни правила на игра и правила на однесување во групата.<br>◢ Умее да зборува со умерен глас.<br>◢ Употребува различна интонација на гласот за да раскаже некоја случка.<br>◢ Рецитира стихотворба со имитирање или промена на интонацијата на гласот.<br>◢ Ги препознава зборовите кои се различни од мајчиниот јазик.<br>◢ Го знае спротивното значење на одредени зборови. |

| Развоен период од 5 до 6 години | |
|---|---|
| ◢ да се поддржува за јасно, течно и акцентирано изразување при јавни настапи пред врсниците и возрасните;<br>◢ да се поттикнува да дава објаснување за сопствените постапки во одредени ситуации;<br>◢ да се оспособува за препознавање на зборови кои се различни од мајчиниот јазик;<br>◢ да усвојува и применува културно однесување во комуникацијата со возрасните и врсниците (Вие, Ви благодарам, молам, се извинувам);<br>◢ да умее да ги почитува потребите и желбите на другите, да прави компромиси, да се договара;<br>◢ да се поттикнува за учество во драматизации и поттикнување на желбата за прифаќање на игра на улоги;<br>◢ да се поттикнува кон развивање на способноста за невербално комуницирање со помош на гестови, мимики и пантомима;<br>◢ да се ослободи од чувство на страв, напнатост и несигурност во разговорот;<br>◢ да се запознава со различни видови телевизиски и радиоемисии;<br>◢ да стекне елементарни знаења за театарот, драмската и музичката уметност;<br>◢ да се запознава со детски списанија. | ◢ Учествува во говорни игра - гатанка и точно погодува.<br>◢ Умее да имитира и да одглуми нешто.<br>◢ Умее со зборови и движење да го претстави ликот што го глуми. |

## 2.1.2. Програмско подрачје - Читање и збогатување на речникот

| Цели | Очекувани резултати |
| --- | --- |
| **Развоен период од 4 до 5 години** | |
| ◢ Да се поттикнува и развива способноста на детето за разгледување на сликовница или друг печатен материјал, држејќи ја книгата во правилна позиција;<br>◢ да се развива способноста за раскажување настани по слики кои имаат одреден редослед;<br>◢ да се развива способноста за користење книга или сликовница;<br>◢ да се развива способноста за поврзување на глас со одредена буква;<br>◢ да се развиваат способностите за слушање, разбирање и доживување на содржината на литературните творби<br>◢ запознавање со одбрани прозни и поетски дела од уметничката и народната книжевност;<br>◢ да се негува и почитува убавината на мајчиниот јазик;<br>◢ да се слушаат различни литературни видови;<br>◢ да се негува способноста за забележување и доживување на звучноста и ритмичноста на поетскиот говор, мотивирање за запомнување на стихови;<br>◢ да се оспособува за формирање зборови кои означуваат множина, како и деминутивни и аугментативни, за менување на зборовите и нивно усогласување по ред и број за усогласување на глаголите по време (сегашно, минато и идно), како и нивно поврзување во реченици;<br>◢ да се збогатува речникот со зборови кои означуваат поопшти поими. | ◢ Ја држи сликовницата или книгата во правилна позиција и со интерес ја разгледува подолго време.<br>◢ Знае да раскажува настан по одредени слики кои за прв пат ги гледа.<br>◢ Користи книга за да добие некоја информација.<br>◢ Знае да поврзува глас со одредена буква.<br>◢ Детето пројавува интерес да земе сликовница или друга книга од библиотечното катче, внимателно ја разгледува и ја враќа на место.<br>◢ Умее да прераскажува кратка приказна.<br>◢ Умее да ги идентификува главните ликови и местото на случувањата.<br>◢ Умее на дадени едноставни зборови (пр., големо, тенко, бело) да каже зборови со спротивно значење.<br>◢ Во усниот говор освен личните ги користи и другите заменки.<br>◢ Умее да прераскаже со свои зборови кратка приказна.<br>◢ Соодветно ги користи пристојните зборови: добар ден, до гледање, благодарам и сл.<br>◢ Во секојдневните активности го користи својот фонд на зборови (1 500 до 1 800 зборови). |

| Развоен период од 5 до 6 години | |
|---|---|
| ◢ Детето да се поттикнува на развивање интерес, љубов и потреба за разгледување на сликовница или друг печатен материјал, држејќи ја книгата во правилна позиција;<br>◢ да се воведува во литературата за деца;<br>◢ да ја развива способноста за слушање, разбирање и доживување на содржината на литературните творби;<br>◢ да се запознава со одбрани прозни и поетски дела од уметничката и народната книжевност;<br>◢ да развива спознание за користење книга или сликовница како извор на информација;<br>◢ да слуша различни литературни видови и да ги воочува сличностите и разликите меѓу нив;<br>◢ да се поттикнува способноста за елементарно оценување на карактеристиките на јунаците од уметничките дела и нивните постапки;<br>◢ да го збогатува говорот со внесување убави изрази од литературни дела;<br>◢ да се мотивира да го вежба помнењето преку изразно рецитирање на стихотворба, гатанка пред публика;<br>◢ да се запознае со некои поети, писатели, артисти и да негува почит кон нив;<br>◢ да стекне елементарни знаења за книгата како литературно дело, како и за тоа дека таа има наслов, автор и илустрации;<br>◢ да стекне елементарни знаења за разликите меѓу илустрациите и текстот;<br>◢ да се оспособува за визуелно препознавање, односно „читање“ цели зборови и симболи што ги гледа најчесто. | ◢ Ја држи сликовницата или книгата во правилна позиција и со интерес ја разгледува подолго време.<br>◢ Знае да раскажува настан по одредени слики кои за прв пат ги гледа.<br>◢ Знае дека книгата има наслов и ја пишува автор.<br>◢ Кажува информација што детето ја добило откако некој му прочитал книга, енциклопедија и сл.<br>◢ Го препознава своето име напишано на хартија.<br>◢ Умее да наброи ликови од прочитана сликовница, приказна и сл.<br>◢ Умее со свои зборови да ја опише разликата помеѓу илустрација и текст. |

## 2.1.3. Програмско подрачје - Пишување

| Цели | Очекувани резултати |
| --- | --- |
| **Развоен период од 4 до 5 години** | |
| ◢ Да се развива способноста за пишување или цртање разни форми со повеќе потези;<br>◢ да се развива способноста за пишување дадена буква со гледање пример (копирање). | ◢ Може да пишува или црта разни форми со повеќе потези.<br>◢ Умее да напише или нацрта елементи од некоја буква или пословена форма. |
| **Развоен период од 5 до 6 години** | |
| ◢ Детето да се поттикнува да воспоставува координација око-рака;<br>◢ да се запознае со различни материјали и средства за пишување;<br>◢ да се оспособува за правилно држење на моливот;<br>◢ да развива способност за пишување или цртање на разни форми со повеќе потези;<br>◢ да се поттикнува да развива интерес за пишување;<br>◢ да се поттикнува со користење на шари, цртање и чкртаници да напише некоја порака. | ◢ Детето може да црта разни линии и форми со повеќе потези.<br>◢ Може да црта линии и други чкртаници кои личат на букви.<br>◢ Правилно го држи моливот.<br>◢ Детето може да „напише“ порака со цртање на симболи. |

## 2.1.4. Програмско подрачје - Говорно творештво

| Цели | Очекувани резултати |
|---|---|
| **Развоен период од 4 до 5 години** | |
| ◢ Да се развиваат способности за поврзано раскажување во кое се опишуваат предмети и појави од непосредната околина;<br>◢ да се запознаат со традиционалните говорни игри (загатки, бројалки, игри со зборови, надмудрување и сл.) и негување вештини за нивно користење како креативни модели;<br>◢ да се поттикнуват за кажување шеги, необични изрази, смешен говор;<br>◢ да се поттикнуваат за смислување гатанки, текстови за драматизација. | ◢ Детето умее со неколку реченици да го опише надворешниот изглед на некој предмет (големина, боја, форма).<br>◢ Умее да раскаже своја приказна по конкретна слика. |
| **Развоен период од 5 до 6 години** | |
| ◢ Детето да се поттикнува на творештво;<br>◢ да ја развива фантазијата преку создавање нови идеи и оригинални решенија;<br>◢ да се воведува во опишување, раскажување, прераскажување;<br>◢ да се поттикнува и да се оспособува за раскажување на настани со леснотија, по сеќавање со употреба на соодветни зборови;<br>◢ да стекне елементарна способност за опишување на предметите и појавите во моментот кога тие не се присутни;<br>◢ да се поттикнува за мисловна класификација и мисловна серијација преку говорно творештво;<br>◢ да се охрабрува и да се поттикнува за учество во говорни игри (дополни ја реченицата, продолжи ја приказната);<br>◢ да се оспособува за раскажување настани по слики кои имаат одреден редослед. | ◢ Детето прераскажува приказна или некој настан кој го доживеало.<br>◢ Ги кажува своите идеи на повеќе начини.<br>◢ Разговара со своите врсници за некоја случка (како поминало на роденден, на прошетка...).<br>◢ Раскажува сопствено искуство или доживување. |

## 2.1.5. Анализа на целите во Наставната програма по македонски јазик за прво одделение

Предметот македонски јазик во основното образование вклучува во своето поле на интерес голем број различни цели, содржини, поими и активности. За нивно пособдветно изучување тие се поделени во програмски подрачја. Покрај посебно предложени цели, содржини и активности за секое програмско подрачје постојат и дидактички препораки за бројот на часовите кои се потребни за реализација на содржините и активностите, како и можноста за флексибилност поради потребните настани во извесна средина и услови.

Меѓу другото, наставната програма дава препораки за индивидуалниот пристап на работа, вклучување современи и активни методи на работа со користење соодветни наставни средства, компјутерски образовни софтвери и детска литература согласно возраста.[19]

Предметот македонски јазик од прво до трето одделение се изучува со неделен фонд од 6 часа / односно за секое одделение годишниот фонд е 216 часа распоредени во неколку подрачја.[20]

Преглед на подрачјата од наставните програми по македонски јазик во првиот образовен период

| Прво одделение | Второ одделение | Трето одделение | Забелешки |
|---|---|---|---|
| Слушање и говорење | Почетно читање и пишување | Почетно читање и пишување (латиница) | Подрачјата во првите три одделенија се слични во своите називи, но во нив има градација која се следи низ содржините.<br><br>Целите и активностите во прво одделение најмногу се насочени кон развојот на говорот и подготовката за писменост, додека второ и трето одделение се посветени на описменувањето на кирилица и латиница, а потоа се воведува од второ одделение подрачјето Јазик за изучување теми од граматиката и правописот. |
| Литература | Јазик | Јазик | |
| Изразување и творење | Литература | Читање, литература и лектира | |
| Медиумска култура | Изразување и творење | Изразување и творење | |
| Подготовка за почетно читање и пишување | Медиумска култура | Медиумска култура | |

19 2007, Наставна програма по македонски јазик за прво, второ и трето одделение, Биро за развој на образованието, Скопје.

20 Исто.

**Македонски јазик во прво одделение**

Во рамките на програмското подрачје *Слушање и говорење* учениците се запознаваат меѓу себе, учат да ги изразат своите чувства, мисли, доживувања. Учат начини на лично обраќање во конкретни ситуации (автобус, лифт, библиотека и сл.), при што се усвојуваат вообичаените фрази за обраќање и за културно однесување со познати и непознати лица, како и за соодветно разговарање на телефон.[21]

Учениците, исто така, учат за прашања и одговори, т.е. како да постават и како да одговорат на поставено прашање. Цел на изучување се и речениците со кои се раскажува, прашува, потврдува или одрекува нешто. Учениците го прошируваат и својот вокабулар преку усвојување зборови и поими од одредена област, како и поими кои именуваат, на пр. појави, дејства, лица, празници и слично. Во рамките на ова подрачје учениците низ активностите препознаваат гласови од звуци, а се оспособуваат и за дискриминација и артикулација на дел од согласките од македонскиот гласовен систем.

Во делот *Литература* учениците усвојуваат знаења за: приказна, басна, бајка, стихотворба, драмски текст, гатанки, брзозборки. Во текот на учебната година запознаваат повеќе примери од секоја од наброените литературни форми. Посебно внимание се обрнува на приказната како литературна творба што на учениците им е најподатлива за разбирање, им се читаат македонски приказни, но и приказни од други култури. Освен содржината, која се предвидува учениците да ја раскажат, за секоја прозна творба што ја учат се поведуваат дискусии за тоа каде и кога се случил настанот/те, кои се ликовите и кој е редоследот на настаните. Учениците учат и стихотворби, гатанки и брзозборки, кои ги интерпретираат. Тие се запознаваат и со сликовници, книги и енциклопедии, со цел да се развива интересот за книгата.

Во подрачјето *Изразување и творење* учениците се оспособуваат да раскажуваат, прераскажуваат, да опишуваат, раскажуваат и опишуваат по сеќавање, создаваат детски творби, дополнуваат и измислуваат приказни. Во содржините за обработка во ова подрачје се и традиционалните говорни игри.

*Медиумска култура* – учениците ги запознаваат и усвојуваат поимите ТВ–вести, ТВ–реклами, ТВ–емисии за деца и радиоемисии за деца што произлегуваат од содржините: телевизиска и радиоемисија. Учениците се оспособуваат да разликуваат анимиран филм од филм за деца, како и серија за деца, а, исто така, треба да разликуваат куклена од театарска претстава. Учениците се запознаваат со библиотеката и нејзината улога и се поттикнуваат да користат книги од училишната библиотека. Исто така, се запознаваат и со детски списанија.

Програмското подрачје *Подготовка за почетно читање и пишување* содржи повеќе цели и наставни содржини;  учениците да ги разликуваат илустрациите во текстот, да ги препознаваат реченицата, зборот, гласот како посебни елементи на јазикот. Овие елементи на јазикот учениците

21 Хорватовиќ, В. (2015), *Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст.* Скопје: Докторска дисертација, Институт за педагогија, Филозофски факултет, стр.33.

ги препознаваат, но не ги дефинираат. Учениците ги увидуваат разликите кај големите и малите букви, целините во текстот, а сознаваат дека се пишува од лево кон десно. Учениците визуелно читаат, односно препознаваат некои поими кои најчесто ги гледаат како на пример, реклами, натписи, етикети, своето име и слично. Учениците ги препознаваат големите печатни букви.

За правилно остварување на целите во програмата постојат предвидени активности и тие треба да се сфатат како добар пример за успешно реализирање на целите на наставата. Во поднасловот *Активности и методи* има голем број игри и примери за активно учество на учениците во наставниот процес.[22]

## 2.2. Подрачје Когнитивен развој во Програмата за рано учење и развој кај децата од 4 до 6 години

Когнитивниот развој обединува неколку сегменти како што се: препознавање, обработка, организација и соодветна употреба на дадената информација. Процесот на когнитивниот развој вклучува комплекс на ментални активности како истражување, откривање, презентирање, сортирање, класифицирање и меморирање, развивање на имагинацијата. Меѓу другото, влијанието врз когнитивниот развој се фокусира на поттикнување на логичкото мислење кај децата, развојот на мисловните функции (анализа, синтеза, воопштување, заклучување, вреднување, поврзување), на совладување и користење лесни математички операции и броеви, како и научниот пристап во животни ситуации, запознавање и разбирање на околината, на другите луѓе, живата и неживата природа, потоа на развивање умешности во користење на сетилната перцепција за развивање на процесот на користењето на мисловните функции во учењето, откривањето, поврзувањето и разбирањето. Когнитивниот развој го опфаќа и влијанието врз интелектуалните способности на детето, како и на интерперсоналните и интраперсоналните способности на детето и според Програмата за рано учење и развој се реализира низ следните аспекти:

- логика и размислување;
- математика;
- наука – запознавање и разбирање на околината;
- уметност-ликовно воспитание и музичко воспитание.

Во Програмата за рано учење и развој во рамките на аспектот Когнитивен развој и стекнување општи знаења, дефинирани се следните глобални цели: да се развиваат способности за размислување; да се развиваат способности за стекнување и користење нови информации; да се развиваат способности за активно решавање на проблеми согласно со развојните и индивидуалните карактеристики; да се развиваат способности за критичко размислување; да се формираат работни навики; да се развива самостојноста, вниманието и истрајноста; децата да се оспособуваат за користење на процесот на деперцептуализацијата во учењето и разбирањето; да се оспособуваат за користење на новите поими и претстави и нивно поврзување во систем на знаења; да

22 *Исто.*

се збогатува искуството како основа за стекнување нови знаења, вештини, навики и умеења; да се поттикнува и развива логичното размислување.

Во насока на обезбедување поголема компатибилност на Програмата за рано учење и развој и наставните програми во прво одделение, во натамошниот дел од текстот ќе се осврнеме на анализа на целите на математика, наука/природни науки, ликовно образование и музичко образование во горенаведените програми. Врз основа на податоците добиени од фокус групите со воспитувачите може да се констатира дека прашањето за усогласување на целите по сите воспитно-образовни подрачја/наставни предмети во овие две програми е клучно за обезбедување квалитет на воспитно-образовната работа, како и обезбедување целосна подготвеност на детето за тргнување на училиште, усогласено со меѓународните стандарди за рано учење и развој.

Според мислењето на воспитувачите, неопходно е унапредување на Програмата за рано учење и развој во насока на обезбедување усогласеност на целите во Јазик, комуникација и развој на писменост, Математика, Природни науки, Ликовно воспитание и образование и Музичко воспитание и образование со целите во Наставните програми во прво одделение на деветгодишното основно образование.

Исто така, тие ја истакнаа потребата од поголемо конкретизирање на целите во Програмата за рано учење и развој за секој аспект од развојот и сите развојни периоди кај децата на возраст од 0 до 6 години.

### 2.2.1. Анализа на целите на програмското подрачје - Математика во Програмата за рано учење и развој кај децата на возраст од 4 до 6 години

За воведување во математиката кај децата на возраст од 4 до 6 години во Програмата за рано учење и развој дефинирани се следниве стандарди: детето демонстрира знаење за количина, бројки и броење и детето демонстрира способност за класификација и серијација.

Исто така, во програмата се дадени и конкретни цели и очекувани резултати. За поголема прегледност на целите и очекуваните резултати по математика за деца на возраст од 4 до 6 години, истите ги прикажуваме табеларно.

| Цели | Очекувани резултати |
|---|---|
| **Развоен период од 4 до 5 години** | |
| ◢ Кај детето да се поттикнат способности за визуелно восприемање и именување одредени броеви (кои се надвор од низата);<br>◢ да се поттикнува реверзибилноста во користењето едноставни математички операции;<br>◢ да се развиваат способностите за просторно ориентирање и вербално искажување на односите воочување релации во однос на себе (пред – зад; горе-долу; под, блиску далеку, во-на);<br>◢ да се поттикнуваат способностите за воочување и идентификување на релациските врски на деловите од целината;<br>◢ да се поттикнуваат способностите за именување на елементи и релации од вонсетилно поставените предмети (предмети кои не ги гледа);<br>◢ да се поттикнуваат способностите за поврзување на количината со симболите на броевите (цифра);<br>◢ да се развиваат способностите за одредување и препознавање временски релации (делови од денот – утро – пладне – вечер – ден – ноќ; денес);<br>◢ да се поттикнуваат способностите за користење на математичките поими и операции во опкружувањето;<br>◢ да се развиваат способности за воочување и споредување на разликите кај предметите;<br>◢ да се развиваат способностите за споредување брзина;<br>◢ да се поттикнува користењето стандардни и нестандардни мерки за мерење и споредување на предметите;<br>◢ да се развиваат способности за класификација, компарација и серијација според боја, форма, големина, вид и род;<br>◢ да се развива свеста за количеството на броевите (до 5);<br>◢ да се поттикне доживувањето на математиката како пријатно искуство;<br>◢ да се поттикне формирањето на иницијативност, трпеливост, истрајност, љубопитност, прецизност како особините на личноста. | ◢ Детето покажува и именува што е пред негозад него, горедолу, вона, блиску од негодалеку од него.<br>◢ Употребува поими на спротивности: широк; кусопокусонајкусо; големопоголемонајголемо; малопомалонајмало; краткодолго; нисковисоко; тесноширoко.<br>◢ Реди предмети врз основа на едно својство по растечка низа или низа што опаѓа.<br>◢ Ги класифицира предметите според видливите карактеристики (боја, форма, големина, вид, род).<br>◢ Ги класифицира предметите според познати и практикувани функции (за играње, за читање, за седење, за јадење...).<br>◢ Ги користи математичките операции во практични ситуации – ги дели играчките според бројот на децата ( на секого по едно, две, три...).<br>◢ Групира предмети според барани карактеристики.<br>◢ Користи и поврзува број на елементи во множества со соодветна цифра (пр: од 1 до 5).<br>◢ Брои до 10.<br>◢ Ги препознава графичките симболи (цифрите) на броевите до 10.<br>◢ Поврзува број (цифра) со количина.<br>◢ Препознава монети од 1,2,5, 10 денари.<br>◢ Ја сфаќа истата вредност на монетата и банкнотата од 10 денари.<br>◢ Разликува оддалеченост и брзина помеѓу два или три предмети во движење.<br>◢ Користи инструменти за мерење маса и должина со стандардни и нестандардни мерки за мерење.<br>◢ Разликува делови од денот, ги знае нивните карактеристики и ги поврзува со своите обврски. |

**Развоен период од 5 до 6 години**

| | |
|---|---|
| ◢ Да се оспособува за визуелно воспримање и именување на одредени броеви (кои се во или надвор од низата);<br>◢ да се воведува кон реверзибилноста во користењето на едноставни математички процеси;<br>◢ да се оспособува за просторно ориентирање и вербално искажување на односите меѓу предметите (воочување релации во однос на себе пред–зад; горе-долу;над- под,блиску- далеку,покрај);<br>◢ да се оспособува за просторно ориентирање и вербално искажување на односите меѓу предметите (воочување релации во однос на други предмети: пред–зад; горе-долу; над-под, блиску-далеку, покрај);<br>◢ да развива способности за воочување и идентификување на деловите од целината;<br>◢ да се оспособи за препознавање на цифрите од еден до пет;<br>◢ да се воведува во усвојување на поимот за количина (број на елементи);<br>◢ да се поттикнува способноста за поврзување на количината (број на елементи) со симболите на броевите (цифри);<br>◢ да се оспособува за одредување и препознавање на временските релации (делови од денот: утро – пладне-вечер, ден-ноќ; денес);<br>◢ да се поттикнува кон користење на математички поими во опкружувањето;<br>◢ да се оспособува за воочување и споредување на разликите кај предметите;<br>◢ да развива способности за споредување брзина;.<br>◢ да се поттикнува кон користење на стандардни и нестандардни мерки за мерење должина;<br>◢ да се поттикнува кон проценка на количество и должина и тоа да го провери со мерење и со броење;<br>◢ да се оспособува за попрецизно визуелно воочување и вербално изразување на разликите во големината и должината кај некои објекти и предмети;<br>◢ да се оспособува за класификација, компарација и серијација според боја, форма, големина, вид и род;<br>◢ да се поттикне кон воочување, препознавање и именување на круг, квадрат, триаголник, топка и коцка;<br>◢ да се поттикне кон доживување на математиката како пријатно искуство;<br>◢ да се поттикнува формирање на особини на личноста: иницијативност, трпеливост, истрајност, љубопитност, прецизност. | ◢ Покажува просторна ориентација за положбите пред-зад, горе-долу, во-на, блиску-далеку.<br>◢ Покажува и именува предмет што е далеку и блиску во однос на себе.<br>◢ Употребува поими на спротивности: кратко-долго; ниско-високо.<br>◢ Споредува и именува предмети по должина и големина: кусо-покусо-најкусо; големо-поголемо-најголемо; мало-помало-најмало и сл.<br>◢ Реди предмети врз основа на едно својство по растечка низа или низа што опаѓа.<br>◢ Ги класифицира предметите според видливите карактеристики (боја, форма, големина, вид, род).<br>◢ Ги класифицира предметите според познати и практикувани функции (за играње, за седење, за јадење...).<br>◢ Ги користи математичките операции во практични ситуации – ги дели играчките според бројот на децата (на секого по едно, две, три...).<br>◢ Ги сфаќа и умее да ги групира предметите според бараните карактеристики.<br>◢ Умее да користи и поврзе број на елементи со соодветна цифра (пр: од 1 до 5).<br>◢ Знае да брои до 10.<br>◢ Ги препознава графичките симболи (цифрите) на броевите до 5.<br>◢ Препознава монети од 1, 2, 5, денари.<br>◢ Разликува и проценува оддалеченост и брзина помеѓу два предмети во движење.<br>◢ Користи стандардни и нестандардни мерки за мерење должина, ги споредува своите резултати со резултатите на врсниците и ја воочува разликата меѓу нив.<br>◢ Разликува делови од денот, ги знае нивните карактеристики и ги поврзува со своите обврски.<br>◢ Опишува еден настан што се случува наутро, напладне, навечер.<br>◢ Покажува и именува круг, квадрат, триаголник, топка и коцка во непосредната околина. |

### 2.2.2 Анализа на целите на Наставната програма по математика за прво одделение

Според наставниот план за прво одделение, предметот математика е задолжителен и се изучува со 5 часа неделно.

Наставната програма по математика за прво одделение на деветгодишното основно образование е програма изработена од Кембриџ Меѓународниот центар за наставни програми (Cambridge International Examination) и адаптирана од страна на Бирото за развој на образованието. Таа содржи развојни наставни цели на предметот математика. Во нив детално се опишува што ученикот треба да знае или што би требало да може да направи во прво одделение од основното образование. Наставните цели обезбедуваат структура за поучување и учење и препорака кои способности и знаења на ученикот можат да се проверат.

Наставната програма по математика е поделена на пет подрачја: *Броеви/ Математички операции, Геометрија, Мерење, Работа со податоци* и *Решавање проблеми*. Првите четири подрачја се поткрепени со подрачјето *Решавање проблеми*, во коешто се опишани техниките, вештините и примената на знаењето и стратегиите во решавањето проблеми. Мисловните стратегии се, исто така, клучен дел на подрачјето *Броеви*. Оваа наставна програма се фокусира на принципи, шеми, системи, функции и односи така што учениците можат да го применат математичкото знаење и да развијат холистичко разбирање за предметот. Наставната програма по математика за прво одделение на основното образование дава солидна основа на математички знаења кои во наредните одделенија ќе се проширувааат и продлабочуваат.

Во рамките на темата **Броеви и систем на броеви** од ученикот се очекува: да кажува броеви по ред (од 1 до 100, наназад од 20 до 0); да почнува да пишува цифри од 0 до 9; да чита и почнува да пишува броеви од 0 до 20; да брои предмети до 20 и да го поврзува количеството со соодветниот број; да брои по десет од нула до 100 (пр. 10,20,30....100); да брои по десет до 100 или нешто над 100, почнувајќи од конкретен едноцифрен број; да брои по два, почнува да препознава непарни/ парни броеви до 20. (пр.2, 4, 6,...или 1, 3, 5,...); да почнува да ги разложува двоцифрените броеви на десетки и единици и обратно; да кажува кој број е за 1 или за 10 поголем или помал од кој било даден број од 0 до 30; да користи поими поголем или помал за да спореди два броја до 30 и да кажува број што се наоѓа помеѓу нив; да користи поими повеќе или помалку за споредување групи предмети до 30; да подредува броеви до најмалку 20 на низата на броеви; да го користи знакот „=“ за прикажување еднаквост; да прави разумна проценка за некои предмети што можат да се проверат со броење до 30; да препознава половина од парните броеви до 10, да преполовува форми со превиткување и да препознава кои форми се преполовени.

Во темата **Математички операции** детето треба: да ги знае сите парови броеви чиј збир е 10 и тоа да го поврзува со собирање/одземање; да почнува да ги учи паровите броеви чиј збир е 6, 7, 8, 9 и 10; да собира три едноцифрени броеви, при што збирот на два од нив е 10, на пр. 4 + 3 + 6 = 10 + 3; да почнува да ги

користи паровите броеви чиј збир е 10 за собирање/одземање до 20 (пр. за да собере 8 + 3, на 8 додава 2, потоа додава 1); да собира еднакви собироци до најмалку 5+5; да го користи знаењето за собирање парови еднакви собироци, при собирање на два различни собироци, на пр. 5 + 6; да почнува да брои по 2 и по 10; да го разбира собирањето како броење нанапред и комбинирање на две количини, да го препознава собирањето во конкретни ситуации; да го разбира одземањето како броење station наназад и одземање на една количина од друга, да го препознава одземањето во конкретни ситуации; да ја разбира разликата преку собирање (уште колку треба до...?); да собира/одзема едноцифрени броеви со броење нанапред/наназад; да наоѓа за два повеќе или за два помалку од еден број до 20, забележувајќи ги скоковите во низата на броеви; да го поврзува броењето нанапред и наназад по десет за наоѓање броеви кои се за 10 поголеми/помали од еден број (до 100); да почнува да ги препознава знаците „+“, „-“ и „=“ во математички искази што се однесуваат на собирање или одземање; да разбира дека промената на редоследот на собироците не го менува збирот; да собира парови броеви до 20 почнувајќи од поголемиот со добројување; да ја препознава употребата на знакот ■ на местото на непознат број при собирање/одземање, на пр. 6 + ■ = 10; 10 - ■ = 6; да почнува да собира едноцифрен со едноцифрен број и двоцифрен со едноцифрен број до 20; да удвојува кој било едноцифрен број; да наоѓа половини од парен број предмети до 10; да се обидува да дели броеви до 10 за да утврди кои броеви се парни, а кои непарни; да дели предмети во две еднакви групи.

Во рамките на темата **Геометрија** од ученикот се очекува: да именува и издвојува едноставни 2Д форми (на пр. кругови, квадрати, правоаголници и триаголници) разликувајќи ги по бројот на страните, по криви или прави линии; да ги користи за да направи шеми и модели; да ја препознава основната линија на симетријата; да наведува и да издвојува едноставни 3Д форми (на пр. коцка, квадар, цилиндар, конус и топка) разликувајќи ги по бројот на површини и по рамни или заоблени површини; да ги користи за да направи шеми и модели; да користи вообичаени изрази за насока и далечина, за да ги опише движењата на предметите.

**Мерење** - од ученикот се очекува: да ги препознава сите монети; да пресметува како да се плати точна сума со користење помали монети; д*олжина, маса и зафатнина;* да споредува должини и тежини со директна споредба, потоа со користење вообичаени нестандардни единици; да проценува и да споредува зафатнина со директна споредба, а потоа со користење вообичаени нестандардни единици; да користи споредбен јазик, на пр. подолго, пократко, потешко, полесно; да почнува да разбира и да употребува одредени единици за време, на пр. минути, часови, денови, недели, месеци и години; да го чита времето (часот) и да ги знае клучните времиња на денот; да ги подредува деновите во неделата и други познати настани.

Во темата **Работа со податоци** од ученикот се очекува: да одговара на прашање со издвојување и организирање на податоците или предметите на различни начини, на пр. со користење графикони и пиктограми со практични средства;

разговор за резултатите поставени во листи и табели со практични средства; разговор за резултатите во Венов и во Керолов дијаграм со давање различни критериуми за групирање на исти предмети.

Во Наставната програма по математика за прво одделение, поради својата улога и значење во развојот на математичко-логичкото размислување, посебно значење се придава на темата **Решавање проблеми.** Преку реализацијата на конкретните цели од ученикот се очекува да може: да избира и да користи соодветни стратегии за пресметување и да ја објаснува постапката; да применува знаења во решавање проблеми со броеви и за подредување сложувалки; да наоѓа повеќе комбинации, на пр. на колку начини може да се подредат три различни предмети; да одлучува дали да користи собирање или одземање за решавање едноставен проблем искажан вербално и да го прикажува со користење предмети; да го проверува одговорот со собирање на броевите по различен редослед; да го проверува одговорот на задача за одземање со собирање на одговорот и помалиот број; да ја објаснува и продолжува низата како што е броење по десет нанапред и наназад, на пр. 90, 80, 70; да ги препознава едноставните односи меѓу броевите, на пр: овој број е за десет поголем од тој број; да ги препознава едноставните односи меѓу формите, на пр. оваа топка е помала од онаа; да прави разумна проценка на пресметка и да ја проверува истата.

### 2.2.3. Анализа на целите во програмското подрачје – Наука во Програмата за рано учење и развој кај децата на возраст од 4 до 6 години

Во Програмата за рано учење и развој во рамките на програмското подрачје Наука (Запознавање и разбирање на околината) дефинирани се следниве стандарди: детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација; детето ги набљудува и опишува карактеристиките на живиот свет (растенија и животни); детето набљудува и опишува карактеристиките на неживата природа; детето осознава за човекот како живо и општествено суштество. Во рамките на ова програмско подрачје, за децата на возраст од 4 до 6 години во програмата се дадени и следните конкретни цели и очекувани резултати.

| Цели | Очекувани резултати |
|---|---|
| **Развоен период од 4 до 5 години** | |
| Да се стекнуваат знаења и способности за одредување временски релации (месеци; денови во неделата; денноќ; периоди во денот);. | Ги препознава сличностите кај предметите во околината според боја, форма, големина. |
| да се развиваат способностите за препознавање и класификација на животните според местото на живеење, според родот и карактеристиките; | Ги класифицира животните кои ги сретнува во околината и низ приказните според местото на живеење, според родот и карактеристиките. |
| да се поттикнува интересот и љубовта кон природата; | Покажува грижа кон животните и природата. |
| да се поттикнува потребата за користење на истражувањето како форма на учење; | Ги препознава условите за одгледување на растенијата и животните од непосредната околина. |
| да се стекнуваат знаења и способности за препознавање и класификација на растенијата; | Препознава придобивки и опасности од одредени животни и растенија. |
| да се поттикнува процесот на осознавање на одредени основни фактори и услови за опстојување и развој на живиот свет; | Прави разлика меѓу одредени природни елементи и појави и географски поими во непосредното опкружување. |
| да се поттикнува развојот на свесноста за сопствената улога во поддршката на опстанокот на природата; | Опишува одредени карактеристики на човекот како природно и социјално суштество. |
| да се развиваат способности за распознавање на основните својства на одредени природни елементи, појави и географски поими од опкружувањето; | Опишува и именува одредени карактеристики на годишните времиња. |
| да се поттикнат способностите за стекнување на основни сознанија за човекот како природно и социјално суштество; | Користи стандардни предмети за истражување. |
| да се развиваат способности за препознавање на годишните времиња; | Експериментира и користи разни безбедни материјали и предмети од околината (кал, песок, хартија, вода, пареа итн.). |
| да се поттикнува интерес кон научниот пристап во проучувањете и осознавањето на природата, растенијата, животните и човекот; | Препознава елементарни технички средства за секојдневна комуникација. |
| да се поттикнуваат одредени претстави и поими од областа на сообраќајната култура и современата техника и технологија на комуникакција; | Препознава и учествува во активности за примена на правилата за еколошка култура. |
| да се поттикнува флексибилно и дивергентно мислење во поглед на користењето и комбинирањето на расположливите ресурси (средствата ) во истражувањето на околината; | |
| да се поттикнува прифаќањето на екологијата како дел од современиот начин на живеење; | |
| да се поттикнуваат способности за користење на истражувањето и набљудувањето како средство за осознавање и учење. | |

| Развоен период од 5 до 6 години | |
|---|---|
| ◢ Детето да се оспособува за запознавање со околината, карактеристиките, посебностите на местото на живеење, градинката;<br>◢ да се запознава со општествената средина во која живее, како и со одредени општествени институции и нивната намена;<br>◢ да се запознава со државните симболи, постоењето на детските права, како одредени принципи на демократското живеење;<br>◢ да се оспособува за одредување на временските релации (месеци; денови во неделата; ден-ноќ; периоди во денот);<br>◢ да се поттикне за осознавање и откривање на својствата на телата и предметите (тродимензионалноста, агрегатната состојба, тврдоста, топлината, мирисот, привлекување итн.);<br>◢ да се поттикне кон осознавање и откривање на својставата, значењето и примената на водата, воздухот, почвата, светлината, звукот;<br>◢ да се стекнува со елементарни претстави за планетата Земја;<br>◢ да се оспособува за распознавање на одредени географски поими од опкружувањето;<br>◢ да се запознава со метеоролшките појави и атмосферските прилики од непосредната средина;<br>◢ да се оспособува за препознавање и вербално искажување на карактеристиките на годишните времиња;<br>◢ да се оспособува за препознавање и класификација на животните според местото и условите на живеење; карактеристиките, ползата од нив, како и начините за безбедно однесување;<br>◢ да се поттикнува интересот и љубовта кон природата и обезбедување поддршка на љубопитноста изразена преку детските прашања;<br>◢ да се оспособува за користење на истражувањето како форма на учење;<br>◢ да се оспособува за препознавање и класификација на растенијата, одредени видови, нивните карактеристики, услови за раст, развој, корист, примена и значење за целокупното опстојување на планетата Земја;<br>◢ да се оспособува за откривање и почитување на основните фактори и услови за опстојување и за развој на живиот свет;<br>◢ да се поттикнува кон свесност за сопствената улога во поддршката за опстанокот на природата;<br>◢ да се поттикнува за правилен однос кон материјалните вредности (храна, вода, енергија) и развивање одговорно однесување;<br>◢ да се оспособува за стекнување основни сознанија за човекот како природно и социјално суштество;<br>◢ да развива свесност за припаѓање и меѓузависност во опстанокот на живата природа;<br>◢ да создава интерес кон научниот пристап во проучувањето и осознавањето на природата, растенијата, животните и човекот;<br>◢ да се поттикне кон развивање сообраќајната култура и воведување во современата техника и технологија на комуникација;<br>◢ да се оспособува за флексибилно и дивергентно мислење во процесот на истражувањето, откривањето и учењето;<br>◢ да се поттикнува еколошката свест и прифаќањето на екологијата како дел од современиот начин на живеење. | ◢ Препознава неколку карактеристики, посебности на местото на живеење и градинката.<br>◢ Разликува ден и ноќ и периоди на денот (наутро, напладне, навечер), како и недела од месец.<br>◢ Ги набројува основните својства на водата и воздухот.<br>◢ Набројува неколку географски карактеристики на средината во која живее (планина, река, рид, поле и сл.).<br>◢ Разликува и именува неколку метеоролошки појави (дожд, снег, ветер, слана итн.).<br>◢ Умее да опишува и именува неколку карактеристики на годишните времиња.<br>◢ Ги класифицира животните кои ги сретнува во околината и низ приказните според местото на живеење, според карактеристиките, придобивките од нив.<br>◢ Набројува неколку начини за грижлив однос кон животните и природата.<br>◢ Ги препознава условите за одгледување на растенијата и животните од непосредната околина.<br>◢ Именува и разликува неколку карактеристики, видови, употреба и полза од растенијата.<br>◢ Препознава по некоја придобивка, опасности од одредени животни и растенија.<br>◢ Набројува сличност меѓу живите суштества (расте, се развива, се храни, прима вода, дише и сл.).<br>◢ Се користи со одредени средства при истражувачките активности (лупа, магнет, дурбин, термометар, топломер и сл.).<br>◢ Умее да опишува одредени карактеристики на човекот како природно и социјално суштество.<br>◢ Умее да опишува неколку примери на правилен однос кон материјалните вредности (користење на храна, вода, енергија и материјали во градинката).<br>◢ Умее да набројува неколку одлики на човекот како живо суштество (се раѓа, расте, се храни, се размножува, старее, умира).<br>◢ Умее да набројува некои од условите за одржување на здравјето (лична хигиена, чист воздух, вода, здрава исхрана, соодветно облекување и однесување во различни климатски услови итн.).<br>◢ Може да се служи со разни безбедни материјали и предмети од околината (кал, песок, хартија, вода, пареа итн.).<br>◢ Умее да препознава елементарни средства за секојдневна комуникација (телефон, компјутер, ТВ и сл.).<br>◢ Набројува пет до шест сообраќајни средства.<br>◢ Го опишува семафорот и наведува што значат светлата.<br>◢ На сообраќаен килим покажува како треба правилно и културно да се движи пешакот, каде и како да се преминува улица.<br>◢ Препознава и учествува во активности за примена на правилата за еколошка култура. |

### 2.2.4. Анализа на целите на предметот природни науки во Наставната програма за прво одделение

Целите на наставниот предмет природни науки се групирани во шест тематски единици кои се дадени по одреден редослед, но може слободно да се реализираат со учениците како што налагаат локалните услови, средствата и материјалите за учење. Целите на научното истражување се повторуваат, се појавуваат во секоја тема и како такви се наведени одделно на почетокот на секоја тема. Во Наставната програма за прво одделение има шест теми кои овозможуваат постапност во изучувањето на наставните содржини од биологија, хемија и физика. Активностите и ресурсите (средствата и материјалите) се предложени според дадените цели на учење, за да прикажат можни методи и активности за успешна реализација на програмата.

Во рамките на подрачјето **Научно истражување** - Идеи и докази од ученикот се очекува: да се обидува да одговори на прашањата со собирање докази преку набљудување. Преку планирање на истражувачката работа од ученикот се очекува: да поставува прашања и да учествува во дискусијата за да дојде до одговорот; да предвидува; да одлучува што да направи за да одговори на научното прашање.
Во ова програмско подрачје преку добивање и претставување докази од ученикот се очекува: да истражува, да набљудува и да собира докази (мерења и набљудувања) за да одговори на прашањата; да предлага идеи и да ги следи упатствата; да евидентира фази на работа. Од ученикот се очекува и да разгледува докази; да прави споредби; да ги споредува предвидувањата со добиените резултати; да креира идеи и да дискутира за нив со цел да ги споделува, објаснува и развива.

Во рамките на темата **Биологија** учениците ги изучуваат растенијата, луѓето и животните. Реализацијата на целите на оваа тема треба да овозможи ученикот: да знае дека растенијата се живи; да знае дека постојат живи нешта и нешта кои никогаш не биле живи; да истражува начини на кои различните животни и растенија ги населуваат локалните животни средини; да именува главни делови на растенијата, набљудувајќи вистински растенија и модели; да знае дека на растенијата им е потребна светлина и вода за да растат; да истражува како од семиња се развиваат растенија; да препознава разлики и сличности; да препознава и да именува главни надворешни делови од телото; да знае за потребата од здрава исхрана, која вклучува разновидна храна и чиста вода; да истражува како преку сетилата луѓето и животните стануваат свесни за светот околу нив; да знае дека и луѓето и животните создаваат поколенија на млади кои потоа растат.

Во рамките на темата **Хемија** ученикот се запознава со својствата на материјалите. При тоа од него се очекува: да користи сетила за да истражува и да објаснува за различните материјали; да ги идентификува карактеристиките на различни материјали; да препознава и да именува материјали од секојдневниот живот; да сортира предмети во групи врз основа на својствата на материјалите од кои се направени.

Изучувајќи ја темата **Физика** ученикот стекнува основни знаења за силата и

звукот. Притоа се очекува: да истражува, разговара и опишува движење на познати нешта; да препознава сили на туркање и влечење; да препознава дека кога нештата се забрзуваат, забавуваат или ја менуваат насоката, постои причина за тоа; да идентификува повеќе извори на звуци; да знае дека слушаме кога звукот навлегува во нашето уво; да препознава дека звукот помалку се слуша кога се оддалечуваме од изворот.

Во рамките на програмското подрачје Уметност, во Програмата за рано учење и развој, обединети се Ликовното воспитание и Музичкото воспитание. За нивна реализација дефинирани се следните стандарди: детето демонстрира способност да разликува различни звуци /гласови; детето демонстрира способност за учество во музичка активност; детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност. Во табелата што следи презентирани се целите и очекуваните резултати на програмското подрачје Уметност за децата на возраст од 4 до 6 години.

| Цели | Очекувани резултати |
|---|---|
| **Развоен период од 4 до 5 години** | |
| ◢ Да се поттикне способноста на детето за истражување, споредување, именување на бои, текстура простор, форми, облици на предмети во две и три димензии;<br>◢ да се развие способноста за правилно користење на ликовниот материјал;<br>◢ да се оспособи за воочување и одбирање материјали од непосредната околина за ликовно изразување;<br>◢ да се поттикне интересот кон моделирање пословени форми на предмети, животни, човекот;<br>◢ да се развијат способности за истражување и откривање на различните ликовни материјали и техники, нивните комбинации;<br>◢ да се развијат способности за самостојно, тандемско и колективно ликовно творење;<br>◢ да се развијат способности за истражување и разликување на одредени звуци, гласови, шумови, движења;<br>◢ да се развијат способности за индивидуално и хорско пеење;<br>◢ да се развијат способности за восприемање, пеење едноставни мелодии со различен ритам и темпо;<br>◢ да се развијат способности за активно слушање на музиката;<br>◢ да се поттикнат способностите за опсервација, слушање и имагинација според доживувањата низ музичките активности;<br>◢ да се запознае и да именува одредени детски и други музички инструменти;<br>◢ да се поттикнат музичко - творечките способности;<br>◢ да се развијат способности за реагирање според сетилата за вид, слух, мирис, вкус, допир, како и според искуствата и доживувањата;<br>◢ да се развијат способности за користење различни материјали, алатки, инструменти, предмети и други достапни ресурси за искажување на сопствените креативни идеи и чувства;<br>◢ да се поттикнат интересот и љубовта кон танцувањето и креативното изразување преку движењата на телото;<br>◢ да се поттикне интересот за учество во музички и ликовни активности;<br>◢ да се развива интерес и љубов кон традиционалната народна музика и играње традиционални народни ора;<br>◢ да се развиваат способности за естетско доживување на опкружувањето;<br>◢ да се поттикне сензитивноста во однос на селективно користење на различни видови музички и ликовен израз;<br>◢ да се поттикне развојот на личните вредности преку користење на ликовната и музичката уметност. | ◢ Црта едноставни форми, облици.<br>◢ Црта и слика со различен ликовен материјал.<br>◢ Разликува и именува основни бои и одреден број секундарни бои.<br>◢ Именува и користи одредени ликовни материјали, средства.<br>◢ Учествува во истражување на разни начини на ликовно изразување (користење на прсти наместо четка, разни материјали, алатки, предмети од различна природа и за различна намена).<br>◢ Разликува и именува неколку материјали со кои може да обликува.<br>◢ Обликува едноставни форми и конструкции според сопствена замисла.<br>◢ Преку моделирање ги прикажува основните карактеристики на разните форми (предмети, човек, животно).<br>◢ Самостојно избира материјали, ги истражува нивните својства и ги користи во творечкиот процес.<br>◢ Покажува интерес за изработка на разни предмети и самостојно ликовно изразување.<br>◢ Самостојно пее песнички и препознава разни видови музички ритам.<br>◢ Препознава и разликува детска песна од останати песни.<br>◢ Пее со инструментална придружба.<br>◢ Разликува вокална од инструментална музика.<br>◢ Препознава и именува одредени детски или други инструменти.<br>◢ Покажува интерес за слушање музика и потпевнува при вршење на друга активност.<br>◢ Препознава зборови на омилени песни и имитира движења на омилени пејачи, танчари.<br>◢ Покажува поголема самостојност при избор на песна, музика која сака да ја слуша.<br>◢ Покажува интерес за користење разни музички инструменти, користење разни нестандардни и природни предмети за произведување на одредени звуци.<br>◢ Изведува едноставни движења со однапред утврдена кореографија.<br>◢ Покажува интерес за учество во разни танцувачки активности. |

| Развоен период од 5 до 6 години | |
|---|---|
| ◢ Да се поттикне детето кон користење на уметничкиот израз во функција на поставување лични животни вредности;<br>◢ да се поттикне кон естетско доживување на опкружувањето;<br>◢ да се оспособи за истражување и споредување на различни звуци, гласови, шумови;<br>◢ да се оспособи за опсервација, слушање и имагинација според доживувањата низ музичките активности;<br>◢ да се оспособува да ги усогласи своите движења со карактерот на музиката;<br>◢ да се оспособи за користење различни материјали, алатки, инструменти, предмети и други достапни ресурси за музичко изразување на сопствените креативни идеи и чувства;<br>◢ да се поттикне интересот и љубовта кон танцувањето и креативното изразување преку движењата на телото;<br>◢ да се запознае со народниот фолклор;<br>◢ да се запознае со детските музички инструменти: барабанче, стапчиња, чинели, триангл, ѕвончиња, тропалки, дајре, кастањети;<br>◢ да се поттикне кон препознавање и разликување на различни видови музички израз;<br>◢ да се стекне со сензитивност во препознавањето и разликувањето на пријатни и непријатни звуци;<br>◢ да се оспособи да слуша и репродуцира песни различни по содржина и карактер (од 6 до 8 песни годишно);<br>◢ да се поттикне кон самостојно пеење, пеење во група, во хор и во пар;<br>◢ да се оспособи за користење различни материјали, алатки, инструменти, предмети и други достапни ресурси за ликовно изразување на сопствените креативни идеи и чувства;<br>◢ да се оспособува за творештво при набљудување, користење, комбинирање и истражување со различни ликовни и неликовни творечки материјали;<br>◢ да се оспособи за истражување и споредување бои, простор, форми, текстура и облици на предмети во две и три димензии;<br>◢ да се воведе во техниките: цртање, сликање, печатење, моделирање и обликување преку разни вежби и игри;<br>◢ да стекне ликовни вештини за контрола и координација на движењето на раката при користење на приборот за разни ликовни техники;<br>◢ да се оспособи за препознавање и правилно именување на цртачките и сликарските материјали (молив, дрвени/ восочни/ темперни,/водени бои, креди во боја и сл.);<br>◢ да се поттикне кон графичко и ликовно изразување на доживувањата, емоциите и потребите;<br>◢ да се поттикне преку користење на ликовните техники да ги изразува своите мисли и чувства.<br>◢ Да се воведува и запознава со својствата на разни техники и материјали за моделирање (тесто, пластелин, глина и глинамол и сл.);<br>◢ да се стекнува со вештини за користење разни ликовни постапки (гмечење, туткање, кинење, лепење, сечење, цепкање и др.). | ◢ Самостојно пее песни и препознава разни видови музички ритам.<br>◢ Препознава зборови на омилени песни и имитира движења на омилени пејачи, танчари.<br>◢ Покажува интерес за слушање музика и потпевнува при вршење друга активност.<br>◢ Слуша и препознава звуци од природата.<br>◢ Разликува и именува пријатни од непријатни звуци.<br>◢ Го препознава и именува карактерот на музиката (весела, тажна).<br>◢ Именува неколку музички инструменти.<br>◢ Користи разни нестандардни и природни предмети за произведување одредени звуци.<br>◢ Користи разни бои, четки, материјали за ликовно изразување (цртање, обликување, декорирање).<br>◢ Самостојно изработува разни предмети за ликовно изразување.<br>◢ Препознава, именува и користи разни техники на ликовен израз.<br>◢ Учествува во истражување на разни начини на ликовно изразување (користење на прсти наместо четка, разни материјали, алатки, предмети од различна природа и намена).<br>◢ Се вклучува во разни музички и ликовни манифестации.<br>◢ Препознава и правилно именува повеќе материјали за цртање, сликање и моделирање.<br>◢ Правилно ракува со ножички, лепило и друг материјал при компонирање на предмети, елементи и амбалажи.<br>◢ Покажува самостојност во ликовно илустрирање на приказни, на видени и доживеани настани. |

### 2.2.5. Анализа на целите во Наставната програма по музичко образование за прво одделение

Музичкото образование има значаен придонес во развојот на детето, во стекнувањето на културата на однесување, како и во поттикнувањето на музичкото изразување. Предметот музичко образование во наставниот план е застапен со по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно за учениците од прво одделение. Наставните содржини од предметот се реализираат преку следниве теми: Пеење, Музика и движење, Слушање музика, Свирење на детски музички инструменти, Основи на музичка писменост, Основи на детското музичко изразување и творење. Во согласност со целите и потребите на учениците, наставните содржини по музичко образование може да се реализираат интегрирано со содржините од наставните програми по мајчин јазик, математика, англиски јазик и физичко и здравствено образование, но, исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање.

Изучувањето на музиката, од најраните години во развојот на детето, е идеално за комплексното позитивно делување врз детската личност, за поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста.

Според целите во Наставната програма по музичко образование за прво одделение ученикот треба да научи: да развива пејачки став (правилно седење, држење на телото, дишење); да развива навика за култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање); да пее песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија; да се оспособува за активно слушање на музиката; да препознава вокална од инструментална изведба; да ги усвојува движењата во музичко – ритмичките активности; да се стимулира за развој на ориентацијата во просторот; да се развива осет за ритам; да се запознае со некои детски музички инструменти и да прави обиди за нивно користење; да развива интерес за изведување звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви и др., да прави разлика меѓу основните видови темпа (бавно-брзо); да прави разлика меѓу основните видови динамика (силно-тивко); да се воведува во музичкото творештво; да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

### 2.2.6. Анализа на целите во Наставната програма по ликовно образование за прво одделение

Според Наставниот план за прво одделение, предметот ликовно образование се изучува како задолжителен предмет со по два часа неделно, односно 72 часа годишно, низ следниве теми: Цртање, Сликање, Печатење, Моделирање и обликување, Ликовни истражувачки активности.

Согласно целите во Наставната програма за прво одделение ученикот треба: да развива интерес за ликовна работа и творење; да развива вештини за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање и градење во ликовното изразување; да го открива и запознава ликовниот јазик - ликовните елементи: линија, боја, форма, плоштина и нивната употреба во ликовното творештво; да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и

фантазија со помош на ликовниот јазик и творештвото; да открива разни постапки на ликовно изразување (со гребење, прскање, туфирање и др.); да развива графомоторички способности и координација око-рака; да се оспособува да набљудува и споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предметите и појавите; да ги применува стекнатите ликовни вештини; да развива културно-хигиено-технички и работни навики за одржување на личната хигиена и хигиената на средствата за работа; да развива потреба за чување и облагородување на својата училница; да умее вербално да ја објасни својата ликовна творба и да се запознава со компјутерската техника за цртање и боење на површина.

Врз основа на горенаведеното и направената компаративна анализа на целите во Програмата за рано учење и развој со посебен акцент на целите во програмата за децата на возраст од 4 до 6 години, со целите во наставните програми во прво одделение, може да се констатира дека се потврдува втората хипотеза од истражувањето која гласи: *Не постои целосна усогласеност на целите во Програмата за рано учење и развој (Јазик, комуникација и развој на писменост, Когнитивен развој и стекнување општи знаења, Уметност) со целите во наставните програми по математика, природни науки, ликовно образование и музичко образование за I одделение во деветгодишното основно образование.*

# 3 ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ СО АНКЕТИРАЊЕ ВОСПИТУВАЧИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Во истражувањето учествуваа 207 воспитувачи од кои 96 се од Скопје, а 111 од другите места во Република Македонија.

**ТАБЕЛА 11: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ ВОСПИТУВАЧИ СПОРЕД ИНИЦИЈАЛНАТА ПОДГОТВЕНОСТ/СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИШЕ ОБРАЗОВАНИЕ | | ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ | | МАГИСТЕР | | ДОКТОР НА НАУКИ | | ВКУПНО | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 48 | 23,19 | 153 | 73,91 | 6 | 2,9 | 0 | 0 | 207 | 100 |

Со више образование се 48 воспитувачи, со високо - 153 воспитувачи и 6 се магистри.

**ТАБЕЛА 12: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ ВОСПИТУВАЧИ СПОРЕД ВИДОТ НА ЗАВРШЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ | | ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ | | ДРУГО ОБРАЗОВАНИЕ | | ВКУПНО | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 43 | 20,78 | 154 | 74,39 | 10 | 4,83 | 207 | 100 |

Од вкупно 207 воспитувачи 43 се со завршен филозофски факултет, 154 со завршен педагошки факултет, а 10 со друго образование (8 воспитувачи со педагошка академија, еден воспитувач со филолошки факултет и еден воспитувач со завршен Институт за македонска литература).

**ТАБЕЛА 13: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ**
**СПОРЕД РАБОТНОТО ИСКУСТВО КАКО ВОСПИТУВАЧ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | | До 20 години | | До 30 години | | Над 30 години | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 96 | 46,37 | 48 | 23,19 | 20 | 9,67 | 43 | 20,77 | 207 | 100 |

Од 207 воспитувачи, работно искуство до 10 години имаат 96 воспитувачи, работно искуство до 20 години имаат 48 воспитувачи, работно искуство до 30 години имаат 20 воспитувачи, а 43 воспитувачи имаат работно искуство над 30 години.

**ТАБЕЛА 14: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ**
**ВОСПИТУВАЧИ СПОРЕД РОДОВАТА ПРИПАДНОСТ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| машки пол | | женски пол | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 0 | 0 | 207 | 100 | 207 | 100,00 |

Сите анкетирани воспитувачи се од женски пол.

**ТАБЕЛА 15: СТАВОВИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ**
**ВО ВРСКА СО НИВНАТА ОБУЧЕНОСТ ЗА ПРИМЕНА**
**НА СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ**
**КАЈ ДЕЦАТА ОД 0 ДО 6 ГОДИНИ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Делумно | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 120 | 57,97 | 77 | 37,20 | 10 | 4,83 | 207 | 100,00 |

**ТАБЕЛА 16: СТАВОВИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ**
**ВО ВРСКА СО НИВНАТА ОБУЧЕНОСТ**
**ЗА ПРИМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА**
**РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Делумно | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 118 | 57,00 | 77 | 33,20 | 12 | 5,80 | 207 | 100,00 |

**ТАБЕЛА 17: МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИЧИНИТЕ КОИ ЈА ОТЕЖНУВААТ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | f | Ранг |
|---|---|---|
| а) Недоволна обученост за правилно имплементирање на Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. | 39 | 6 |
| б) Премногу се општи Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. | 65 | 3 |
| в) Реализацијата на многубројните задолжителни проектни активности регулирани со Законот за заштита на децата. | 113 | 2 |
| г) Недоволно конкретизираните цели во Програмата за рано учење и развој. | 54 | 5 |
| д) Обемната административна работа. | 166 | 1 |
| ѓ) Несоодветни услови за работа во градинката. | 65 | 3 |
| е) Недоволно стекнати знаења за време на студиите, потребни за успешна реализација на воспитно-образовната работа. | 9 | 7 |
| ж) Недоволна обука за примена на новата педагошка евиденција и документација. | 56 | 4 |
| з) Друго (наведете што) | 0 | 8 |

Во однос на обученоста на воспитувачите за примена на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години и за примена на Програмата за рано учење и развој резултатите се слични и не сосема задоволителни. Имено, нешто повеќе од половината од воспитувачите (57,97 %) се обучени за примена на Стандардите за рано учење и развој, а 57,00 % од воспитувачите се обучени за примена на Програмата за рано учење и развој.

Според најголемиот број од воспитувачите (166) обемната административна работа им создава најмногу потешкотии при имплементирање на Програмата за рано учење и развој, а повеќе од половина од воспитувачите (113) причините ги наоѓаат во барањето од Министерството за труд и социјална политика да реализираат многубројни задолжителни проектни активности, регулирани со Законот за заштита на децата. Една третина од воспитувачите наведуваат и други причини што ја отежнуваат реализацијата на Програмата за рано учење и развој: Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години се премногу општи или условите за работа на градинката се несоодветни, недоволна обука за примена на новата педагошка евиденција и докуметација, недоволно конкретизирани цели во

Програмата за рано учење и развој и недоволна обученост за правилно имплементирање на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.  За помал број од анкетираните воспитувачи потешкотиите за реализација на Програмата за рано учење и развој се јавуваат поради: недоволно стекнатите знаења за време на студиите потребни за успешна реализација на воспитно-образовната работа, големиот број деца во воспитните групи, водење два дневници за воспитна група (печатен и електронски), обучените воспитувачи за водење на педагошката евиденција и документација и планирање на воспитно-образовните активности недоволно јасно ги пренеле своите сознанија од обуките на колешките во градинката, непостоење корелација помеѓу Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години и индикаторите, како и недоволната соработка со советниците од Бирото за развој на образованието.

**ТАБЕЛА 18: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ДОКУМЕНТОТ СТАНДАРДИ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА ОД 0 ДО 6 ГОДИНИ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 62 | 29,95 | 131 | 63,28 | 14 | 6,77 | 207 | 100,00 |

**ТАБЕЛА 19: МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА КОИ АСПЕКТИ ОД РАЗВОЈОТ НА ДЕТЕТО ТРЕБА ДА БИДАТ ДОМИНАНТНИ ПРИ РЕВИДИРАЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ И ИНДИКАТОРИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ.**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Физичко здравје и моторен развој | | Социо-емоционален развој | | Развој на пристап кон учењето | | Развој на јазикот, описмenувањето и комуникацијата | | Когнитивен развој и стекнување општи знаења | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 50 | 24,15 | 53 | 25,60 | 80 | 38,64 | 57 | 27,53 | 131 | 63,28 |

**ТАБЕЛА 20: МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ДАЛИ ПОСТОИ ПОТРЕБА ОД РЕВИДИРАЊЕ НА ИНДИКАТОРИТЕ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА ОД 0 ДО 6 ГОДИНИ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 67 | 32,37 | 111 | 53,63 | 29 | 14,00 | 207 | 100,00 |

**ТАБЕЛА 21: МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА КОИ ИНДИКАТОРИ ВО СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ ТРЕБА ДА БИДАТ РЕВИДИРАНИ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Физичко здравје и моторен развој | | Социо-емоционален развој | | Развој на пристап кон учењето | | Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата | | Когнитивен развој и стекнување општи знаења | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 63 | 30,43 | 59 | 28,50 | 87 | 42,02 | 71 | 34,29 | 117 | 56,54 |

Според најголемиот број од анкетираните воспитувачи Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години треба делумно (63,28 %) или целосно (30,43 %) да се ревидираат. Ревидирањето на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години треба да се однесува на следниве аспекти на развојот на детето: Когнитивен развој и стекнување знаења (53,31 % од воспитувачите), Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата (27,55 %), Социо-емоционален развој (25,63 %) и Физичко здравје и моторички развој (50 или 24,12 %). Според 80 (38,64 %) воспитувачи треба да се ревидира и делот од Стандардите именуван како Развој на пристапот кон учењето.

Најголем дел од анкетираните воспитувачи (86 %) сметаат дека делумно или целосно треба да се ревидираат индикаторите што произлегуваат од Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години. Анкетираните воспитувачи посочуваат дека треба да бидат ревидирани индикаторите што произлегуваат од: Когнитивен развој и стекнување знаење (56,54 %), Развој на пристапот кон учењето (42,02 %), Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата (34,29 %), Физичко здравје и моторички развој (30,43 %) и Социо-емоционален развој (28,50 %). Помал број од воспитувачите сметаат дека треба да се зголеми бројот на индикаторите.

**ТАБЕЛА 21: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ВО ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ ЗА НАЈСТАРА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ СО ЦЕЛ ФУНКЦИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦЕЛИТЕ ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 90 | 43,48 | 101 | 48,79 | 16 | 7,73 | 207 | 100,00 |

**ТАБЕЛА 22: ОДГОВОРИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ВО КОИ ДЕЛОВИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НАЈМНОГУ ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВАТ ПРОМЕНИ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Математика | | Природни науки | | Ликовно воспитание | | Музичко воспитание | | Мајчин јазик | | Општество | | Друго | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 137 | 66,18 | 61 | 29,46 | 31 | 14,97 | 36 | 17,39 | 66 | 31,88 | 35 | 16,90 | 0 | 0,00 |

Во однос на потребата од подобрување на Програмата за рано учење и развој базирана на Стандардите за рано учење и развој во насока на усогласување на целите на програмскиот документ и целите во наставните програми во прво одделение, најголем број од анкетираните воспитувачи (92,5 %) сметаат дека е потребно делумно или целосно унапредување на целите на Програмата за рано учење и развој за најстара предучилишна возраст со цел функционално поврзување со целите во наставните програми во прво одделение.

Анкетираните воспитувачи предлагаат промените да се направат во следниве делови од програмата: Математика (66,18 % од воспитувачите), Мајчин јазик (31,88 %), Природни науки (29,46 %), Музичко воспитание (17,39 %), Општество (16,90 %) и Ликовно воспитание (14,97 %). Исто така, во однос на сопственото практично искуство, анкетираните воспитувачи сметаат дека може да се направат следниве измени во Програмата за рано учење и развој: да има повеќе примери на активности, ликовното воспитание и музичкото воспитание да се одделат од

когнитивниот домен, да се стави поголем акцент на ликовното воспитание и музичкото воспитание, да има поголема операционализација на целите според различните воспитни групи, да има повеќе примери на активности што произлегуваат и се поврзани со секојдневни животни ситуации, да се преземат поголем број цели, па дури и да се врати целосно претходниот Програмски документ од 2007 година, да се понудат активности за талентирани деца, поголемо усогласување на Програмата за рано учење и развој со наставните програми за прво одделение од основното образование. За жал, помал број воспитувачи не прават разлика помеѓу Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години и Програмата за рано учење и развој.

**ТАБЕЛА 23: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ВОДИ ВО УСТАНОВИТЕ ЗА ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да, целосно соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, при што детето е во фокусот на вниманието | | Делумно соодветствува | | Не, воопшто не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, при што детето е во фокусот на вниманието | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 50 | 24,15 | 125 | 60,39 | 32 | 15,46 | 207 | 100 |

**ТАБЕЛА 24: МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД РЕВИДИРАЊЕ НА АКТУЕЛНАТА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ГРАДИНКИТЕ/ЦРУР**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 168 | 81,16 | 39 | 18,84 | 207 | 100,00 |

Најголемиот дел од анкетираните воспитувачи сметаат дека постојната педагошка евиденција и документација делумно (60,39 %) и целосно (24,15 %) не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, ставајќи го детето во фокусот на вниманието.  Поради тоа, најголем дел од анкетираните воспитувачи (81,16 %) сметаат дека актуелната педагошка евиденција и документација во градинките/центрите за ран детски развој треба да се ревидира. Предлозите на воспитувачите за подобрување на педагошката евиденција и документација се следниве: „Да не се води дневник за работа на воспитната група и во хартиена и во електронска форма“; „Доволна е евиденцијата во пишана форма“; „Педагошката евиденција да се упрости“; „Да не се води педагошка евиденција и документација во летниот период“; „Вметнување на повеќе страници за глобални задачи. Измена во редоследот на краткорочното дневно планирање, додавање повеќе страници“; „Поконкретни цели, скратување и да се определи дневник или само во пишана форма или само во електронска, сè се сведува на препишување. Подобар беше дневникот од „Чекор по чекор“; „Да се измени досието на детето. Да се направат промени во самиот дневник.“; „Проширување на делот за годишнотото планирање, дневното планирање да произлегува од целите, не од стандардот“; „Во евиденцијата најважни се целите што треба да се реализираат, а во документацијата нема потреба од безброј податоци кои се повторуваат“; „Стандардите да не се пишуваат во дневниците, планирањата  и да се пишува само еден дневник. Недостасува поглавје за евидентирање на стручното усовршување“; „Да се упрости и скрати досието на детето, да се изземе делот кој се однесува на здравствената состојба на детето бидејќи станува збор за педагошка евиденција и документација“; „Детското досие не соодветствува со упатството за употреба во делот на анегдотските белешки“; „Досиејата за децата се нефункционални по одењето на детето во училиште, треба да се предадат во училиштата“; „Да има повеќе соработка меѓу градинката и училиштето, заеднички обуки на воспитувачите и учителките, посети на учителките во градинката и личен контакт со децата-идни првачиња, игри во кои ќе учествуваат и децата од градинката и децата од училиштето“.

**ТАБЕЛА 25: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОДГОТВИТЕЛНА ГОДИНА ПРЕД ПОАЃАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 123 | 59,42 | 57 | 27,54 | 27 | 13,04 | 207 | 100,00 |

Според анкетираните воспитувачи најголем број од нив сметаат дека треба да се воведе задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште за децата од 4 до 6 години.

**ТАБЕЛА 26: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ОД ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ВО ОДНОС НА НИВНИТЕ ОЧЕКУВАЊА ЗА ПОДГОТВЕНОСТА НА ДЕЦАТА ЗА УСПЕШЕН ПРЕМИН ОД ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Делумно | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 101 | 48,79 | 101 | 48,79 | 5 | 2,42 | 207 | 100,00 |

Според 97 % од анкетираните воспитувачи со реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој децата се подготвени за успешен почеток во прво одделение од основното образование, што оди во прилог на предлогот за воведување задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште.

**ТАБЕЛА 27: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ОД ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО-СОВЕТОДАВНА ПОДДРШКА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 166 | 80,20 | 41 | 19,80 | 207 | 100,00 |

### ТАБЕЛА 28: ОДГОВОРИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД ОБУКИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД СТРУЧНИ ЛИЦА ОД БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 159 | 76,81 | 48 | 23,19 | 207 | 100,00 |

### ТАБЕЛА 29: ОДГОВОРИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД КОНТИНУИРАНА СТРУЧНО-СОВЕТОДАВНА ПОДДРШКА ОД СОВЕТНИЦИТЕ ОД БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА УСПЕШНО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНТА РАБОТА

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 173 | 83,57 | 34 | 16,43 | 207 | 100,00 |

Анкетираните воспитувачи од предучилишните установи се свесни дека со сопственото континуирано стручно усовршување ќе постигнат подобри резултати во работата, со што ќе се зголеми квалитетот на воспитно-образовната работа во детските градинки и центрите за ран детски развој. Поконкретно, најголем дел од анкетирани воспитувачи (80,20 %) одговориле дека имаат потреба од перманентно стручно усовршување со цел поуспешно реализирање на воспитно-образовната работа во градинката/ЦРДР. Речиси е ист бројот на анкетираните воспитувачи (76,81 %) кои одговориле дека имаат потреба од обука реализирана од стручни лица од Бирото за развој на образованието. На прашањето за која тема им се потребни обуки од страна на стручните лица од Бирото за развој на образованието, анкетираните воспитувачи ги навеле следниве теми: „Корелација и соработка со родителите“; „Инклузија и дијалог со децата со посебни потреби“; „Технологија и компјутери“; „Правилно водење дневник на воспитната група“; „Корисни методи на учење за деца во развој“; „Стандарди за рано учење и развој“; „Програма за рано учење и развој“; „Компјутерска едукација на сите воспитувачи“; „Новини во современите текови во предучилишното воспитание и образование во светски рамки“; „Практични насоки за

реализација на Програмата за рано учење и развој“; „Целите за воспитно-образовна работа“; „Обуките треба да бидат за социјализирање на децата и домашното воспитание и почитување“; „Имплементирање на програмата - за сите теми“; „Обука за тимска работа“; „Обука за пристап кон децата со посебни образовни потреби“; „Обука за едукација за младите воспитувачи без работно искуство“.

Најголем дел од анкетираните воспитувачи (83,57 %) сметаат дека континуираната стручно-советодавна поддршка на воспитувачите од страна на советниците од Бирото за развој на образованието ќе даде придонес за поуспешно имплементирање на воспитно-образовната работа.

### Мислења и сугестии на воспитувачите за унапредување на воспитно-образовната работа во детските градинки

Анкетираните воспитувачи ги имаат доставено следниве предлози за унапредување на воспитно-образовната работа во детските градинки: „Воспитувачите ја играат главната улога за обезбедување на квалитетот на учењето на детето и затоа неговото усовршување мора да биде проследено со низа обуки и поддршка за усовршување од базата на стручно советодавни лица и советници за развој на образованието“; „Соработка и имплементирање на воспитувачите во подготовката на програмата. Отворени дискусии, трибини, размена на мислења и искуства. Стручна подготовка, т.е. обуки за сите промени што ќе се случуваат, а треба да се применат во практиката. Ви благодарам што имам можност да го изразам сопственото мислење и се надевам дека сето горе напишано ќе придонесе за чекор напред. Одете напред, но не ја заборавајте старата национална програма таа е основниот темел на нашата работа. Промените не настануваат преку ноќ, направете ги, носете нови програми и научете ја учителката како да ги  учи децата, зошто необучена талка“; „Бројот на деца во воспитните групи да е помал, секојдневни семинари и обуки кои ќе ги држат компетентни високообразовни стручни соработници, ревидирање на стандардите за ран детски развој и педагошка евиденција. Да не се изгуби односот воспитувач - дете. Укинување на двојната (електронска) работа кај педагошката евиденција и документација. Да се стави што поголем акцент во програмата за ран детски развој на музичкото, физичкото, ликовното образование и математиката (во големите групи, па и во средните)“; „Да се обрне и посвети повеќе внимание на воспитно - образовниот дел во работата на градинката и, пред сé„ на играта“; „Збогатување со дидактички и игровен материјал“; „Вработување на дефектолог за работа со децата со посебни потреби“; „Внимателен избор на лицата вработени во детските градинки“; „Да се обезбеди лаптоп за секој воспитувач, кога се бара водење на педагошка евиденција и документација во електронска форма“; „Дајте ни примери за активности – конкретни во Програмата за воспитно-образовна работа“; „Да се зголеми бројот на целите за ликовно и за музичко воспитание во Програмата за воспитно-образовна работа и да се ревидираат индикаторите за моторички развој во Стандардите“; „Стимулација со поголема плата, разновидни работно-игровни

материјали“; „Доставување на досието на детето во основното училиште“; „Потребна е соработка со други градинки во Република Македонија, како и со други градинки од други држави, размена на искуства, стручно усовршување на воспитниот кадар“; „Задолжителна година пред поаѓање на училиште за сите деца“; „Ревидирање на програмата за работа, 2) дополнување на целите и индикаторите, 3) за децата со тешкотии во развојот да има асистент, ако се вклучени во групата“; „Враќање на старата перодизација со подготвителната година, 2) Намалување на бројот на децата по воспитни групи, 3) Изготвување програми за предметна реализација на воспитно - образовната работа, 4) враќање на учебната година септември - 10 јуни“; „Ревидирање на програмата за воспитно-образовна работа. Поттикнување и унапредување на талентираните деца. При инклузија на децата со посебни образовни потреби да има асистент во секоја група одделно“; „Има стандарди кои не одговараат на активностите и тие не можат никаде да се сместат. За многу цели нема соодветен индикатор. Бидејќи оваа програма не претходи на Кембриџ програмата која во моментов е актуелна во прво одделение. Да се издаде Прирачник за работа како што во образованието има учебници. Зошто се водат досиеја за децата кога училиштата не ги земаат (не им требале)? Целите, индикаторите, насловите на Стандардите целосно да се ревидираат. Зошто толку внимание на СРДР кога во градинките нема образовна работа, туку згрижувачка? Зошто градинките не се под Министерството за образование?“ „Намалување на проектите, воведување повеќе индикатрои и цели, намалување на административната работа и конкретизирање на прашањето дали сме згрижувачки или образовен персонал“; „Да се врати претходниот назив дека воспитувачот врши воспитно- образовна работа, а не дека е давател на услуги“; „Поголема посветеност на воспитно - образовната дејност“; „Помалку проектни активности“; „Јас сум професор по предучилишно образование, а имам статус давател на услуги. Вршам воспитно-образована дејност и барам да бидеме повеќе вреднувани и наградувани, т.е. платени колку и учителките во основно образование“; „Да се врати претходниот назив дека воспитувачот извршува воспитно - образовна работа“; „Во голема група две воспитувачки, а во прва мала две негувателки. Да се промени Нормативот за дидактички средства, материјали и играчки, тие да се осовременат. Да се укине едниот дневник, со двата се губи време кое треба да им се посвети на децата. Поголема флексибилност во изборот на темите, пристапот кон активностите да даде можност да се реализираат интересите на детето“; „Да има за воспитувачот повеќе нагледни средства (книги, сликовници, апликации, печатени нагледни средства)“.

# 4 ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ СО АНКЕТИРАЊЕ ПЕДАГОЗИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Во истражувањето учествуваа 15 педагози во предучилишните установи од кои 10 се од Скопје, а 5 од други места во Република Македонија.

**ТАБЕЛА 30: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ ПЕДАГОЗИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ СПОРЕД ИНИЦИЈАЛНАТА ПОДГОТВЕНОСТ/ СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Место** | | **Вкупно** | |
| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | Скопје | Од внатрешноста на Република Македонија | **f** | **%** |
| **Високо образование** | 8 | 5 | 13 | 86,67 |
| **Магистер** | 2 | 0 | 2 | 13,33 |
| **Доктор на науки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 10 | 5 | 15 | 100 |

Во истражувањето учествуваа 15 педагози, од кои 13 се со соодветно високо образование, а 2 се магистри на наука.

**ТАБЕЛА 31: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ СПОРЕД РАБОТНОТО ИСКУСТВО КАКО ПЕДАГОГ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | **Педагози** | |
|---|---|---|
| | **f** | **%** |
| До 10 години | 6 | 40,00 |
| До 20 години | 1 | 6,66 |
| До 30 години | 2 | 13,34 |
| Над 30 години | 6 | 40,00 |
| Вкупно: | 15 | 100 |

**ТАБЕЛА 32: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ СПОРЕД РОДОВАТА ПРИПАДНОСТ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Машки пол | | Женски пол | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 0 | 0 | 15 | 100 | 15 | 100 |

Сите анкетирани педагози се од женски пол.

**ТАБЕЛА 33: МИСЛЕЊА НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ПОЗНАВАЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА ОД 0 ДО 6 ГОДИНИ И СО ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА КОЈА СЕ БАЗИРА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ГРАДИНКАТА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Целосно сум запознат/а | | Делумно сум запознат/а | | Не сум воопшто запознат/а | |
| f | % | f | % | f | % |
| 15 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Сите анкетирани педагози се произнеле дека се целосно запознати со Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години и со Програмата за рано учење и развој  на која се базира реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката.

**ТАБЕЛА 34: ОДГОВОРИ НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИЧИНИТЕ КОИ ЈА ОТЕЖНУВААТ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | f | Ранг |
|---|---|---|
| а) Недоволна обученост за правилно имплементирање на Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. | 0 | 6 |
| б) Премногу се општи Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. | 8 | 2 |
| в) Реализацијата на многубројните задолжителни проектни активности регулирани со Законот за заштита на децата. | 12 | 1 |
| г) Недоволно конкретизираните цели во Програмата за рано учење и развој. | 6 | 3 |
| д) Обемната административна работа. | 6 | 3 |
| ѓ) Несоодветни услови за работа во градинката. | 1 | 5 |
| е) Недоволно стекнати знаења за време на студиите, потребни за успешна реализација на воспитно-образовната работа. | 2 | 4 |
| ж) Недоволна обука за примена на новата педагошка евиденција и документација. | 2 | 4 |
| з) Друго (наведете што). | 1 | 5 |

Ранг-листата којашто ја добивме врз основа на мислењата на испитаниците покажува дека постојат повеќе причини коишто ја отежнуваат реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој, меѓу кои како најфреквентни се јавуваат: реализацијата на многубројните задолжителни проектни активности регулирани со Законот за заштита на децата, премногу општите Стандарди за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, недоволно конкретизираните цели во Програмата за рано учење и развој, обемната административна работа, недоволно стекнатите знаења за време на студиите, потребни за успешна реализација на воспитно-образовната работа, недоволната обука за примена на новата педагошка евиденција и документација, несоодветните услови за работа во градинката. Исто така, како една од причините се наведуваат и несоодветните услови за работа во градинката и големиот број на деца во групите (над пропишаниот норматив).

**ТАБЕЛА 35: МИСЛЕЊА НА ПЕДАГОЗИТЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД РЕВИДИРАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА ОД 0 ДО 6 ГОДИНИ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 5 | 33,33 | 9 | 60,00 | 1 | 6,67 | 15 | 99,99 |

**ТАБЕЛА 36:ОДГОВОРИ НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА КОИ АСПЕКТИ ОД РАЗВОЈОТ НА ДЕТЕТО ТРЕБА ДА БИДАТ ДОМИНАНТНИ ПРИ РЕВИДИРАЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ И ИНДИКАТОРИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Физичко здравје и моторен развој | | Социо-емоционален развој | | Развој на пристапот кон учењето | | Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата | | Когнитивен развој и стекнувањето општи знаења | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 3 | 10 | 3 | 10 | 10 | 33,33 | 6 | 20 | 8 | 26,67 |

Најголем број од анкетираните педагози (93,33 %) сметаат дека Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години делумно или целосно треба да се ревидираат. Според најголем број од анкетираните педагози ревидирањето на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години треба да се однесува на делот од Стандардите именуван како Развој на пристапот кон учењето, повеќе од половината од анкетираните педагози предлагаат ревидирањето да се однесува на Когнитивниот развој и стекнувањето општи знаења, нешто помалку од половината од анкетираните педагози предлагаат ревидирање на Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата, а помал број од нив предлагаат ревидирање на аспектите што се однесуваат на социо-емоционалниот развој и физичкото здравје и моторичкиот развој.

**ТАБЕЛА 37: МИСЛЕЊА НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ВО ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ ЗА НАЈСТАРА ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ СО ЦЕЛ ФУНКЦИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦЕЛИТЕ ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 11 | 73,34 | 2 | 13,33 | 2 | 13,33 | 15 | 100 |

**ТАБЕЛА 38: ОДГОВОРИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ВО КОИ ДЕЛОВИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НАЈМНОГУ ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВАТ ПРОМЕНИ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Математика | | Природни науки | | Ликовно воспитание | | Музичко воспитание | | Мајчин јазик | | Општество | | Друго | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 0 | 0 | 8 | 22,85 | 12 | 34,28 | 6 | 17,14 | 6 | 17,14 | 1 | 2,86 | 2 | 5,71 |

Најголем број од анкетираните педагози (73,34 %) сметаат дека е потребно целосно (73,34 %) или делумно (13,33 %) унапредување на целите на Програмата за рано учење и развој за најстара предучилишна возраст, со цел функционално поврзување со целите во наставните програми во прво одделение. Анкетираните педагози сметаат дека промените треба да се направат во следниве делови од програмата: Ликовно воспитание (34,28 %), Природни науки (22,85 %), Мајчин јазик (17,14 %), Музичко воспитание (17,14 %), Општество (2,86 %), а двајца педагози предлагаат промена и конкретизација на сите воспитно-образовни цели во Програмата за рано учење и развој.

**ТАБЕЛА 39: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ВОДИ ВО УСТАНОВИТЕ ЗА ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да, целосно соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, при што детето е во фокусот на вниманието | | Делумно соодветствува | | Не, воопшто не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, при што детето е во фокусот на вниманието | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 4 | 26,67 | 10 | 66,67 | 1 | 6,66 | 15 | 100 |

**ТАБЕЛА 40: СТАВОВИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ДАЛИ АКТУЕЛНАТА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ГРАДИНКИТЕ/ЦРДР ТРЕБА ДА СЕ РЕВИДИРА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| да | | не | | вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 14 | 93,33 | 1 | 6,67 | 15 | 100 |

Најголемиот дел од анкетираните педагози (93,4 %) сметаат дека постојната педагошката евиденција и документација делумно или целосно не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, ставајќи го детето во фокусот на вниманието. Поради тоа, речиси сите педагози (93,33 %) сметаат дека актуелната педагошка евиденција и документација во градинките/центрите за ран детски развој треба да се ревидира. Предлозите на педагозите за подобрување на педагошката евиденција и документација се однесува се следниве: „Да не се пишуваат секојдневно стандардите, тие да стојат во годишното планирање"; „Во планирањето да бидат наведени центрите за учење" и „Да има дел кај што ќе се планира соработката со семејството".

**ТАБЕЛА 41: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОДГОТВИТЕЛНА ГОДИНА ПРЕД ПОАЃАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 7 | 46,67 | 7 | 46,67 | 1 | 6,66 | 15 | 100 |

Најголемиот број од анкетираните педагози (93,34 %) целосно или делумно се согласуваат дека е потребно да се воведе задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште.

**ТАБЕЛА 42: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА ПЕДАГОЗИТЕ ОД ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ВО ОДНОС НА НИВНИТЕ ОЧЕКУВАЊА ЗА ПОДГОТВЕНОСТА НА ДЕЦАТА ЗА УСПЕШЕН ПРЕМИН ОД ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да | | делумно | | не | | вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 2 | 13,33 | 13 | 86,67 | 0 | 0 | 15 | 100 |

Според најголем број од анкетираните педагози (86,67 %) со реализација на целите од Програмата за рано учење и развој децата се делумно подготвени, а според 13,33 % од нив децата се целосно подготвени за успешен почеток во прво одделение од основното образование.

ТАБЕЛА 43: ОДГОВОРИ НА ПЕДАГОЗИТЕ ОД ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД ОБУКИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД СТРУЧНИ ЛИЦА ОД БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | |
|---|---|---|---|
| да | | не | |
| f | % | f | % |
| 15 | 100 | 0 | 0 |

ТАБЕЛА 44: ОДГОВОРИ НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ДАЛИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД КОНТИНУИРАНА СТРУЧНО-СОВЕТОДАВНА ПОДДРШКА ОД СОВЕТНИЦИТЕ ОД БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | |
|---|---|---|---|
| да | | не | |
| f | % | f | % |
| 15 | 100 | 0 | 0 |

Анкетираните педагози од предучилишните установи се свесни дека со сопственото континуирано стручно усовршување ќе постигнат подобри резултати во работата, со што ќе се зголеми квалитетот на воспитно-образовната работа во детските градинки и центрите за ран детски развој. Поконкретно, сите анкетирани педагози одговориле дека имаат потреба од обука реализирана од стручни лица од Бирото за развој на образованието. На прашањето на која тема им се потребни обуките на воспитувачите од страна на стручните лица од Бирото за развој на образованието, анкетираните педагози ги навеле следниве теми: „Каков треба да биде ликот на воспитувачот?“; „Запознавање со најновите истражувања од областа на раното учење и развој на децата“; „Планирање на воспитно-обраовната работа“; „Начин на водење на педагошката евиденција и документација“; „Етички и морални норми во воспитувањето“; Примена на Стандардите за РУР“; „Компетенциите на воспитувачите за работа со деца со посебни потреби“; „Современи методи и форми за работа со деца од предучилишна возраст“; „Работа со надарени деца“; „Подобрување на воспитно-образовниот процес“; „Искуства од воспитно-образовната работа во предучилишното воспитание и образовние во странство“.

Сите анкетирани педагози сметаат на континуирана стручно-советодавна поддршка на воспитувачите од страна на советниците од Бирото за развој на образованието затоа што: „Имаме потреба од континуирано стручно усовршување“; „Теоретското и практичното знаење на колегите од Бирото за развој на образованието е секогаш импулс за нешто ново и креативно“; „Советниците даваат конкретни насоки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа“; „Меѓусебната комуникација и соработка ќе придонесе кон унапредување на воспитно-образовната работа“; Информирање за новините во воспитно-образовната работа“; „Советодавната работа е секогаш добредојдена во делот за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа и водење на педагошката евиденција и документација“; Ќе можеме одблиску да ги споделиме потребите, проблемите и предизвиците со цел да напредуваме сите“.

### Мислења и сугестии на педагозите за унапредување на воспитно-образовната работа во детските градинки

Анкетираните педагози ги изнесоа следниве мислења и сугестии: „Да станеме дел од МОН бидејќи ние сме единствената земја во светот со предучилишно воспитание во МТСП“; „Ревидирање на целата Програма за рано учење и развој со цел да се обезбеди континуитет и компатибилност со училишната програма“; „Нова програма за воспитно-образовна рабпта подготвена од компетентни лица од Бирото за развој на образованието и нејзино презентирање со соодветни обуки во кои ќе бидат вклучени сите воспитувачи“; „Изготвување на основи за програмирање на работата на сите стручни работници и соработници во градинката“; „Да се држат стручни обуки и да се биде во тек со современите достигања“; „Намалување на обемот на административната работа. Комплетирање на стручната служба во градинките“; „Досието на детето да се ослободи од непотребните делови (оние што треба да ги пополнува лекар) и задолжително да се проследи во училиштето“; „Усогласување на Програмата за рано учење и развој со програмата Кембриџ, посебно во подрачјето Математика“; „Почитување на нормативот за бројот на деца во воспитните групи“; „Педагошката евиденција да се води или во хартиена или во електронска форма“; „Да се изготват прирачници со содржини и активности како помагало за сите воспитувачи и негуватели кои се јавуваат во улога на реализатори на програмата“; „Во групите за деца од 3 до 6-годишна возраст да се вработат по двајца воспитувачи и да се запази нормативот за бројот на децата во групата“; За децата со пречки во развојот да се овозможи придружба од стручно лице дефектолог за време на престојот во градинката“; „Да се донесе посебна програма за воспитно-образовна работа во подготвителната година пред поаѓање во училиште“; Да се ревидира нормативот за дидактички средства, материјали и играчки и постојано да се збогатува фондот на дидактичките средства и материјали во градинките“.

# 5 ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ СО ФОКУС ГРУПИ НА ВОСПИТУВАЧИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**Во десет детски градинки во Република Македонија одржани се разговори со воспитувачи во фокус групи. Членовите на истражувачкиот тим ги снимаа одговорите од воспитувачите, а потоа беа запишани во оригинална форма.**

### 1. Што мислите за документот Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години?

**Во врска со ова прашање воспитувачите што учествуваа во фокус групите ги изнесоа следниве искази:**

- „Децата ги исполнуваат, па дури може да се каже дека и ги надминуваат сите стандарди."
- „Треба да се издвојат уметностите (ликовно и музичко) од когнитивниот развој."
- „Помеѓу стандардите нема остра граница. Поставените стандарди се многу ниски, децата можат повеќе."
- „Стандардите не се толку важни бидејќи тие се само некој вид форма. Може да запишуваме дека станува збор за уметност, но, всушност, да се опфатени и сите други стандарди. Важни се целите во програмата и затоа тие треба да се прошират."
- „Стандардите не можат да се издвојат, тие се потребни само за во досието."
- „Денес, со постоечката технологија, времето е посовремено и децата се поинтелигентни. Поради тоа децата ги надминуваат постоечките стандарди и тие треба да се променат."
- „Стандардите треба да се прошират дефинитивно. Јас ги поздравувам иновациите, но сепак мислам дека старата програма за воспитно-образовна работа од 2007 година е најдобра."
- „Стандардите се само показател со кој им кажуваме на родителите дека нивните деца во нешто напредуваат. Стандардите нѐ ограничуваат во индивидуалниот приод кон секое дете. Мислам дека треба да се направи програма за надарени деца, а недостасува и соодветен простор (различни видови катчиња) каде дечињата индивидуално би се пронашле. Во странство, на пример, бидејќи постојат такви катчиња, децата самите си избираат омилено

катче и воспитувачот не треба да ги насочува, туку треба само да ги опсервира.“

- „Уметноста е дадена сета во едно, нема домен за развивање хигиенски навики, само е дадена безбедноста за здравјето, нема домен за бон - тон, за култура и го сместуваме во другите домени каде што е најприкладно.“
- „Има стандард – покажува интерес за учество во различни форми на визуелна креативност, а порано имавме цртање, колаж и моделирање. Уметноста да се оддели, бидејќи има различни техники на ликовно изразување, а овде е само бои#.
- „Од доменот когнитивен развој да се одвои уметноста.“
- „Ликовната и музичката, уметноста воопшто да биде одделена, кога е одделена ќе има повеќе индикатори, кога ќе има повеќе индикатори и кога ќе ги запишуваме индикаторите ќе знаеме и ќе ни дава слика дали детето е помалку или повеќе талентирано.“
- „Да се рашири темата за визуелната креативност и музичката активност.“
- „Уметноста да се одвои на музичка и ликовна. Од првиот чекор преку играта е застапена уметноста, основен чекор е уметноста на сите активности.“
- „Во пристапот за учење и социоемоционалниот развој не можам да најдам активности, а во когнитивен развој има многу активности и сè е сместено тука. Уметноста да биде со посебен домен и со посебни стандарди.“
- „Проблемот е во пристапот во учење - кратко е напишано. Темата Сообраќај за мала група ја опфаќа само безбедноста во домот, напишано е во четири реченици (електрични апарати), а не автомобили, превозни средства, детето како пешак. Не можам да ги искористам, ниту стандардот ниту индикаторите, ниту активностите, имам проблем со напишаното, што е постигнато, во малата група.“
- „Немам толку проблем со стандардите каде е сместена уметноста. Стандардите се многу штуро поставени, од - до, многу ограничени, имам проблем со напишаното, со постигнатото, што да напишам дека е постигнато, во малата група. Стандард има, детето се гордее со своите постигања и верува во своите способности и можеме да го сместиме во социо-емоционалниот развој.“
- „Треба да се ревидираат сите стандарди, поминаа многу години од нивното донесување.“
- „Уметноста да се даде со друга терминологија, како посебен домен. Таа да се оддели од когнитивниот развој - да не е во еден домен и математика и музичко и ликовно или, пак, само музичко и ликовно да се одделат,да не се сите во еден домен.“
- „Да се ревидира - социјален развој.“
- „Потребно е поголемо конкретизирање кај стандардите во воспитните групи;. Пр. некои стандарди што се дадени се однесуваат на одредена тема и се ограничувачки (пр. семејство).

## 2. Што мислите за Програмата за рано учење и развој?

**Сите учесници во фокус групата се единствени во мислењето дека Програмата за рано учење и развој има потреба од конкретизирање на целите.**

- „Потреба од поголемо конкретизирање на целите со примери согласно развојните можности на децата, посебно за воспитувачите со помало работно искуство."
- „Сите во нашата градинка ја користиме старата Програма за воспитно-образовна работа од 2007 затоа што имаше јасни и конкретни цели и многу примери на активности."
- „Програмата за рано учење и развој треба да е поврзана со целите  на Програмата за прво одделение, бидејќи децата треба да имаат соодветни предзнаења - основа кога ќе почнат да одат во училиште, а и при тестирањето кое се прави во училиштето (пр. минатата година кога го носев моето дете на тестирање во училиштето слушнав прашања за кои моето дете не беше запознаено) и затоа сметам дека треба целите да се поврзани градинка-училиште."

## 3. Дали имате тешкотии во планирањето и реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој и на што конкретно се однесуваат?

**Воспитувачите ги изнесоа овие искажувања:**

- „Најголем проблем кој го оневозможува квалитетното реализирање на програмата и целосно постигнење на целите е преголемиот број деца во групите. Тоа придонесува да не можеме да му посветиме на секое детенце соодветно внимание бидејќи за 15 минути, колку што максимално е возможно да се задржи вниманието на децата на оваа возраст, не е можно да набљудуваш 30 и повеќе деца. (Таква констатација дадоа сите учесници од фокус- групата, едногласно.)"
- „Во комбинираните групи се соочуваме со тешкотии во реализирањето на целите бидејќи во една група имаме, на пример, деца од 2 и деца од 6 години кои немаат ништо заедничко (двајца учесници)."
- „За да може програмата да се реализира поквалитетно и целосно да се постигнат целите, во градинките недостасуваат дидактички и нагледни средства, а оние што ги имаме се во многу мал број и не се доволни за сите деца. На пример, немаме справи за физичко воспитание (правилен физички развој), доколку сакаме да зборуваме за сообраќај немаме доволно колички за сите деца итн. Овој недостаток ни ја ограничува и креативноста како воспитувачи. Ние во поголем број случаи се обидуваме да импровизираме, меѓутоа мислиме дека обезбедувањето на поголем број дидактички материјали, средства и играчки ќе даде подобри резултати бидејќи, сепак, децата учат само преку игра (сите учесници)."
- „Во планирањето не наидуваме на некои поголеми тешкотии. (Така одговорија сите учесници од фокус- групата.)"

- „Планирањето и реализацијата би била подобра ако има дидактички материјали.“
- „Програмата да се прави од практичари, оскудна е целосно.“
- „И тука сме многу ограничани, пр. има, разбира говорен јазик, тоа ништо не кажува. Да, има потреба од поголемо конкретизирање на целите. Многу ограниченост во целите, на пр. нема цели за куклен театар, драматизација, пр. слуша и разбира говорен јазик.“
- „Бидејки работам во мала група ја пронаоѓам активноста (пр. куклен театар, драматизација) и го опфаќам. Куклената претстава може да биде во насока на социоемоционален развој, да се ослободи детето од страв и трема.“
- „Немам тешкотии при планирањето и реализацијата на целите од Програмата. Пр. Куклена претстава можам да ја внесам и во социоемоционален развој и во пристап кон учење.“
- „Поаѓам од целите и не наидувам на проблеми, ја користам и Програмата од 2007.“
- „Проблеми при планирањето имавме на почетокот.“

### 4. Кои се Вашите ставови за задолжителните проектни активности кои ги реализирате со децата во групата?

**Воспитувачите ги изнесоа овие искажувања:**

- „Имаме премногу проекти и некогаш одземаат премногу време за реализација бидејќи работиме со многу голем број деца. (Сите учесници се согласија со таквата констатаци.)“
- „Некои проекти бараат поголемо познавање од областа.“
- „Од проектните активности нема апсолутно никаква потреба бидејќи многу од нив реализираме во редовната програма секојдневно. На пример, нема никаква потреба од проектот „Бон - тон“ бидејќи активности во врска со правилното однесување на децата спроведуваме постојано. Исто така, темата „Семејство“ ја имаме покрај во редовната програма и како проектна активност. Нема потреба и од проектот „Мултикултурализам“ „Градот низ детските очи.“
- „Сите проекти се присутни и во редовната програма и мислам дека нема никаква потреба од нив бидејќи само дополнително ги оптоваруваат децата, а и нас како воспитувачи.“
- „Во руралните градинки имаме преголема тежина во реализирањето на проектите бидејќи ние воспитувачките заедно со негувателките ја извршуваме целокупната работа (чистиме, готвиме ја реализираме програмата со деца од 9 месеци до 6 години итн.) така скоро е невозможно да се реализираат и предвидените проектни активности.“

- „Задолжителните проектни активностите да се поврзе со проект."
- Сите проекти кои ги реализираме ги имаме во кои се планирани и треба да се реализираат – не секоја тема која се реализира може текот на секој ден (пр. градина -поорганизирано, понасочено внимание - садење, расад), но не треба да се во таква задолжителна форма, затоа што активностите во секојдневието даваат многу повеќе од она што е напишано, понекогаш се реализира многу повеќе од она што го пишуваме (пр. хигиена, бонтон и др.)."
- „Треба да се издвои нешто - многу е тешко кога треба да биде формулирано како кога е вклучено во активноста, а треба да го издвоиш како посебен дел."
- „Проектите се премногу оширни и не се за деца од предучилишно воспитание. Доколку останат како задолжителени мислам дека би требало да се пократки."
- „Децата се многу мали за со нив да можат да се реализираат сите овие проекти. Нивното внимание е невозможно да го задржиш повеќе од 15 минути."
- „За секој проект треба да ни се обезбедат и потребни средства за реализирање."
- „Изготвуваме годишна програма по теми која се реализира, а пак и се реализираат проекти."
- „Искрена да бидам, проектите се излишни во нашата програма и координатор сум на проект и поткоординатор на друг проект, тоа се дополнителни активности/обврски во врска со изготвувањето електронски извештаи, изнаоѓање материјали за реализација на проектите. Зошто некој да биде координатор и да оди по колешките и да бара активности. Семејството, градината, бон - тон секогаш сме ги имале во програмата."
- „Излишни се проектите, тоа го имаме во годишните планови, во темите."
- „Тешко се реализираат со сите возрасни групи."
- „Малку поинаку да се реализираат проектните активности, на пример: ако треба да се нацрта Народниот театар, како ќе се нацрта без да види и тоа во краток временски период. Потребно е осмислување на проектните активности, тие да бидат конкретни и остварливи."
- „Пр, цртајте го споменикот на Итар Пејо, Кузман Јосифоски, а децата претходно не слушнале за нив. Ова важи за проектот „Градот во детските очи."
- „Можеби не се излишни проекните активности, но се многубројни. Дел од нив се имплементираат во редовната работа со децата. Не мора сите проекти да се реализираат."
- „Треба време за да се реализираат, а групите се големи. Во проектната активност не може да биде вклучена целата група, а ако се вклучени половината проблем е што ќе прават другите деца."
- „Нема нагледни средства за работа. Нема доволно други ресурси за реализација на активностите."
- „Координатор сум на проектот: „Градина во детските градинки", нема ресурси за комплетна реализација, семе, мотики, лопати и сл., а треба

градина, во секој објект да имаме градини."

- „Може проектните активности да се прилагодат на затекнатите услови за работа во градинките и на тој начин да бидат ефективни."
- „Проектните активности треба да се материјално поддржани, само беа материјално поткрепени за инклузија и за мултикултурализам. Од нив имаше потреба и може децата да се вклучат. Традиционалните игри секогаш се реализираат."

**5. Кога се реализираат (во кој период од денот) факултативните програми со децата од Вашата група?**

- „По14 часот, по завршувањето на пасивниот одмор. Овој термин се однесува на ниво на сите градинки што се под оваа установа."
- „Имаме само англиски јазик, децата посетуваат два пати неделно и тоа само претпладне од 9:30 и 10:30 часот (понеделник и среда). Децата заминуваат на час пред занимање или на средина на активноста."
- „Некогаш пречат во реализацијата на програмата, посебно пред приредба."
- „Нема посебна просторија за реализација на факултативните активности. Просторија нема и се одржуваат во трпезарија. Нема посебна просторија, има бучава, нема услови."
- „Се пропуштаат други активности за да се реализираат факултативните програми."
- „Не треба да се прави компромис меѓу редовната воспитно-образовна работа и факултативните програми."
- „Не треба да има факултативни програми. Родителите траба сами да одлучуваат каде ќе ги вклучат децата во слободното време."
- „Децата ги пропуштаат нашите активности. Предлог попладне да се реализираат факултативните предмети, пр. од 15.00 до 15.30 часот или од 15.00 до16.00 часот."
- „Не е кажано времето кога да се реализираат факултативните предмети."
- „Во мала група немаме англиски јазик, а како воспитувач на дете забележувам дека се зема детето, не ги врши редовните активности. Ова треба да биде попладне."
- „Зошто треба да има факултативни предмети, пропуштаат од нашите активности за англиски јазик, тогаш може да има џудо, гимнастика и др."
- „Не треба да ги има."
- „Реализирање (на англиски јазик, фолклор и танц) по одморот,по спиењето."

**6. Кои се Вашите ставови за педагошката евиденција и документација што задолжително ја водите?**

**Воспитувачите ги изнесоа овие искажувања:**

- „Непотребно се води двојна евиденција (дневник и електронски дневник). Доволно е само едниот или другиот. Трошиме премногу време за

евидентирање наместо вниманието да го посветиме на децата (сите учесници).“

- „Премногу сме оптоварени со административна работа. Тоа придонесува да се намали квалитетот на работата како воспитувачи, што е примарно.“
- „Дневниците не личат на вистински дневници, туку на обични тетратки. Мислам дека треба да се направат поквалитетни дневници.“
- „Старите дневници од „Чекор по чекор“ беа одлични, мислам дека повторно треба да се вратат.“
- „Мислам дека дневниците, т.е. графите во дневниците треба да бидат поразлични и попрактични. На пример, да бидат со штиклирање или со заокружување на однапред наведените стандарди, места на вршење на активностите и сл. На тој начин не би морале секој ден да ги пишуваме истите стандарди и така би заштедиле време.“
- „Имаме тешкотии при водењето на електронските дневници бидејќи немаме доволно компјутери, т.е. имаме само два комјутери. Доколку се бара од нас да се води електронски дневник, треба да ни се обезбедат и соодветни средства и услови за тоа.“
- „Не треба да се води досие во писмена форма бидејќи во нив не сме објективни. На пр., доколку забележиме дека некое детенце е со посебни потреби, а за тоа родителите не донеле никаков документ, и не сакаат да го видат тоа, ние не го забележуваме во досието, бидејќи не сакаме ние да го обележиме како такво.“
- „Досие водиме за секое дете, а во основно училиште никој не го гледа.“
- „Воспитувачите да не внесуваат податоци за здравствената состојба на децата, дијагнози и да не даваат дијагнози за посебни потреби на детето.“
- „Ако сакаат електронски да се води евиденцијата, треба да ни обезбедат лаптопи.“
- „Во ред е да се води педагошката евиденција, но да биде или електронски или на  хартија. Дома го правам тоа секогаш.“
- „Една евиденција е доволна, ова не е основно образование. Вие нè споредувате со основно.“
- „Ако се води електронски да се обезбедат услови за водење таква евиденција. Нема лаптопи, нема Интернет.“
- „Оптоварени сме. Немаме лаптопи. Дома го работиме тоа или останување на работа.“
- „Сега се бара и се води евиденција цела година, а порано до 10 јуни, што беше правилно, бидејќи од 10 јуни децата се собираат во една градинка.“
- „Истото се пишува два пати.“
- „Заклучок на стручниот колегиум беше дека педагошката евиденција и документација што задолжително се води треба да биде една - или пишана или електронска.“
- „Нема доволно простор за запишување на планираните  цели.“
- „Во градинката има само еден лаптоп, а и мрежата не е стабилна – почесто нема Интернет отколку што има. Имаме забелешка и на

програмата - страницата во која се внесуваат податоците за децата, воопшто не е осигурана. Ние имаме потпишано документ за заштита на податоците на децата. Податоците кои се во тврда верзија ги чуваме заклучени додека, пак, податоците кои се внесуваат електронски (пр. матичен број и сл.) не се осигурани и некој може да влезе и да ги земе податоците на децата, а и нашите податоци (податоци на вработените) и тие можат да се злоупотребат. Впрочем, и кога влегуваме на самата страница стои дека страницата не е заштитена. За ова е информиран „Неоком“ кој ја држеше обуката, но и тој веќе не е надлежен за оваа проблематика и така сме препуштени сами на себе.“

## 7. Дали сметате дека дејноста треба да се регулира со посебен закон за предучилишно воспитание и образование?

**Воспитувачите ги изнесоа овие ставови:**

- „Да. ( сите учесници)“
- „Да, ние отсекогаш сметаме дека треба да припаѓаме под МОН затоа што сме и образовна иституција. Сега сме маргинализирани.“
- „Предучилишното воспитание и образовние припаѓа на системот на образование кај нас, а и во другите држави, како прв потсистем.“
- „Ние водиме досие за секое дете и сметаме дека е значајно при уписот во училиште.“
- „Токму тоа е уште една поврзаност на градинките со основните училишта.“

## 8. Дали во воспитната група со најстара предучилишна возраст, треба да работат по двајца воспитувачи?

**Воспитувачите ги изнесоа овие ставови:**

- „Нема потреба од двајца воспитувачи бидејќи децата на оваа возраст се доволно самостојни, имаат културно хигиенски - навики. Децата имаат културно-хигиенски навики.“
- „Да, бидејќи тимската работа во секој случај е подобра и секогаш дава повисоки резултати. Меѓу другото, со колешка од иста бранша никогаш не е штета да се работи заедно.“
- „Да, би можело да работат по две воспитувачки бидејќи, како што кажавме, работиме со многу големи групи и со две воспитувачки би имале помалку товар. Убаво би било помладите колешки да работат заедно со поискусните, за да може да им се пренесе искуството и на помладите.“
- „Да, воспитно-образовната работа трае од 06,00 до 17,30 часот и додека детето престојува во градинката треба да работат двајца воспитувачи. Порано требаше да дојдете и да нѐ прашате.“
- „Не, двајца воспитувачи не се потребни, туку  воспитувач и негувателка (постојано да бидат заедно).“

## 9. Какви обуки и на која тема очекувате да се реализираат од страна на советниците во Бирото за развој на образованието?

**Воспитувачите ги изнесоа овие ставови:**

- „Би сакала да се воведе ИКТ и во градинките бидејќи децата сега уште од најмала возраст појавуваат желба за компјутерите. Доколку би се направило тоа би ни била неопходна и некоја таква обука на нас воспитувачите, за да знаеме како да ја примениме (четири учеснички).“
- „Примена на одредени софтвери.“
- „Доколку се донесе нова програма би сакале да ни се одржи обука за истата.“
- „Доколку се направат промени во водењето на евиденцијата, неопходно е да ни се одржи и обука за тоа.“
- „Доколку овие програми останат, непроменети, би сакала да дојде некој да ги реализира за да види дека тоа не е возможно.“
- „Практично да се реализира еден работен ден.“
- „Обуки за педагошката евиденција требаше порано.“
- „Обуки за инклузија имаше, но треба уште.“
- „Обука за правилно пополнување за електронски дневник.“
- „Обуки за деца со епилепсија, но заедно со родителите за да се знае правилно да се постапи.“
- „Обуки за реализација на Програмата за рано учење и развој кај децата. Бев на боледување и потребна ми е обука за насочени активности.“
- „Вклучување на сите воспитувачи во обуките за спроведување на насочени активности од документот.“
- „За секоја новина и родителите да бидат вклучени.“
- „За новата програма, на нововработените им треба обука, а и на сите.“
- „Нови обуки. Предавања како пр. од Ранко Рајовиќ, да бидеме во тек со случувањата во светот. Да има работилници, а не денеска ќе ја учиме стихотворбата.“
- „Потребна е помош од БРО - обуки, па и да се потсетиме на некои нешта, Мотесори или нешто ново што се случува во светот и сл.“
- „Обука за сите за водење на педагошката евиденција.“

## 10. Други предлози и сугестии

**Воспитувачите ги изнесоа овие предлози:**

- „Треба да се усогласат програмите на предучилишното со основното образование.“
- „Предучилишното и основното образование треба да бидат под исто министерство.“
- „Воспитувачите немаат можност да напредуваат во кариерата, т.е. немаат можност за професионален развој. Тоа би требало да им се обезбеди исто како што е за наставниците.“
- „Мојот предлог е да не се земаат програми од странство бидејќи таму се работи со помал број деца во групите и нивните програми е

невозможно да се реализираат кај нас.“

- „Дали треба во текот на целата календарска година да се води дневник или задолжително водење ќе има само до 10.6. во тековната година?“
- „Сега се води евиденција цела година, а порано до 10 јуни.“
- „На кое министерство/ресор припаѓаат вршителите на оваа дејност во градинките?“
- „Да има нови вработувања на испразнетите места со пензионирање, особено хигиеничарки, затоа што сега ние воспитувачите и негувателките сами ги чистиме просториите.“
- „Работното време на воспитувачите да биде помалку од осум часа или седумчасовно работно време во градинката. Ние ги имаме истите работни задачи како и наставниците во основните училишта во целодневен престој.

# 6 ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ СО АНКЕТИРАЊЕ ПЕДАГОЗИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Во истражувањето учествуваа 193 педагози во основните училишта во Република Македонија.

ТАБЕЛА 45: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ПЕДАГОЗИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СПОРЕД ИНИЦИЈАЛНАТА ПОДГОТВЕНОСТ/ СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ | | МАГИСТЕР | | ДОКТОР НА НАУКИ | | ВКУПНО | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 174 | 90,15 | 18 | 9,33 | 1 | 0,52 | 193 | 100 |

ТАБЕЛА 46: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ СПОРЕД РАБОТНОТО ИСКУСТВО КАКО ПЕДАГОГ

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | | До 20 години | | До 30 години | | Над 30 години | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 93 | 48,18 | 47 | 24,35 | 37 | 19,17 | 16 | 8,30 | 193 | 100 |

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 4: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА П ЕДАГОЗИ СПОРЕД ПОЛОТ**




Според анкетираните педагози  во учебната 2016/2017 година во нивните основни училишта се запишале вкупно 16.124 ученици во прво одделение.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 5: БРОЈ НА ЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ КОИ ПОСЕТУВАЛЕ ДЕТСКА ГРАДИНКА**




Од вкупниот број запишани 16.124 ученици во прво одделение, 5.827 од нив посетувале организирана воспитно-образовна работа во детски градинки.

На анкетираните педагози им беше поставено прашањето дали биле член на комисијата за запишување на учениците во прво одделение во училиштето во мај 2017 година, а според одговорите само осум педагози не биле членови на комисијата.

**Мислења на анкетираните педагози во врска со предзнаењата на децата кои посетувале детска градинка и нивната адаптација во прво одделение**

Анкетираните педагози кои учествувале во комисијата за запишување на учениците во прво одделение во училиштето забележале разлики во однос на  однесувањето во просторијата, начинот на комуникација со децата и со возрасните, самодовербата, говорот и предзнаењата кај децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка, споредени со оние кои не посетувале никаква форма на воспитно-образовна работа пред поаѓањето во училиште. Поконкретно, такви разлики се забележани кај најголемиот број запишани ученици во 115 основни училишта, кај половината од запишаните ученици во 30 основни училишта, кај мал број од запишаните ученици во 32 основни училишта,  само во 17 основни училишта немало разлики во однесувањето во просторијата, начинот на комуникација со децата и со возрасните, самодовербата, говорот и предзнаењата кај децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка, споредени со оние кои не посетувале никаква форма на воспитно-образовна работа пред поаѓањето во училиште.

На анкетираните педагози од основните училишта им беше поставено прашањето: „Со какви предзнаења доаѓаат учениците во прво одделение кои претходно биле опфатени со

воспитно-образовна работа во градинка?" Според одговорите на анкетираните педагози учениците кои претходно биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка имаат: богат речник и добри комуникациски вештини (124 од анкетираните педагози), предзнаења од областа на математиката (97), предзнаења од областа на природните науки (70), предзнаења и вештини од областа на ликовното и музичкото образование (99) и добра координација на крупната мускулатура и развиена ситна мускулатура на шаката (57). Според 20 анкетирани педагози нема голема разлика во предзнаењата на овие ученици во однос на учениците кои не посетувале никакава форма на предучилишно воспитание и образование, а 12 педагози немаат сознанија за оваа проблематика.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 6: МИСЛЕЊА НА АНКЕТИРАНИТЕ ПЕДАГОЗИ ВО ВРСКА СО АДАПТАЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗАПИШАНИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**




Според најголемиот број од 193 анкетирани педагози во основните училишта, голем дел од децата кои биле опфатени со организирана воспитно-образовна работа во градинка брзо се адаптирале во паралелката (138), а половината од овие деца брзо се адаптирале во паралелката (25).

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 7: МИСЛЕЊА НА АНКЕТИРАНИТЕ ПЕДАГОЗИ ВО ВРСКА СО ПОЗНАВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ**




Повеќе од половината од анкетираните педагози во основните училишта (104) се изјасниле дека делумно ја познаваат Програмата за рано учење и развој на која се базира реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката, 56 од нив воопшто не ја познаваат, а 33 се целосно запознаени со оваа програма.

### Ставови на педагозите од основните училишта за потребата од постоење поврзаност на наставните програми во прво одделение и Програмата за рано учење и развој врз основа на која се реализира воспитно-образовната работа во градинката

Од вкупниот број анкетирани педагози најголем дел (106) сметаат дека е

особено важно да постои поврзаност на наставните програми во прво одделение и Програмата за рано учење и развој врз основа на која се реализира воспитно-образовната работа во градинката, според 46 анкетирани тоа е многу важно, според 36 педагози тоа е важно, а само пет педагози од основните училишта сметаат дека не мора да постои поврзаност на овие два програмски документи. Анкетираните педагози кои сметаат дека е потребна поврзаност на наставните програми во прво одделение и Програмата за рано учење и развој посочуваат дека е особено важно да постои поврзаност на: *математиката* и *природните науки*, особено заради адаптираните Кембриџ програми (130 анкетирани педагози); во делот *Мајчин јазик* (111 педагози); физичко и здравствено воспитание (46); ликовно образование (42); музичко образование (37); во однос на јакнење на самодовербата и позитивната слика за себе (124) и општество (52). Помал број од анкетираните педагози укажуваат на потреба од поврзаност на следниве елементи; добро развиени културно-хигиенски навики, работни навики, културно однесување, истрајност при реализацијата на активностите и развивање навики за правилно однесување и меѓусебно почитување.

### Ставови на педагозите од основните училишта за потребата од задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште за деца од 4 до 6-годишна возраст

Најголем дел од анкетираните педагози (120 од нив) целосно се согласуваат дека е потребна задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште за деца од 4 до 6-годишна возраст, 57 од анкетираните педагози делумно се согласуваат, а само 16 педагози не сметаат дека е потребна задолжителната подготвителна година.

На поставеното прашање: „Што би требало да се направи за да се опфатат сите деца во Република Македонија со задолжителна воспитно-образовна работа во годината пред поаѓање во училиште?" анкетираните педагози одговориле: проширување на постојните капацитети на установите за опфат на децата од предучилишна возраст (111); воведување задолжителна подготвителна година за сите деца на возраст од 4 до 6 години (88) и донесување закон за предучилишно воспитание и образование (88).

### Ставови на педагозите од основните училишта за функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование

Во однос на барањето анкетираните одделенски наставници да ги наведат своите сугестии за функционално поврзување на предучилишното и основното воспитание и образование тие сметаат дека: „Тоа е особено потребно во руралните средини каде децата немаат можност да посетуваат детска градинка"; „Изработка на заеднички програми од подготвителната година во градинките и програмата за прво одделение во училиштата"; „Задолжителна подготвителна година од 4 до 6 години "; „Усогласеност и координација на наставните програми на предучилишното и основното образование (програма за прво одделение). Консултативни средби за разни стручни области и заеднички активности на воспитувачите

и наставниците во основното образование"; „Враќање на забавишните групи во основните училишта"; „Усогласеност меѓу програмата за предучилишно и програмата за основно образование, подобрување на условите за работа во градинките, поголема опременост со дидактички материјали и сл."; „Организирање на средби со училиштата ,посети и други форми на заеднички активности"; „Активности за подготовка на децата за поаѓање на училиште": „Сите програмски промени да започнат од предучилишните програми за континуирано да се прошируваат и развиваат во наредните образовни циклуси"; „Проширување на установите за деца од предучилишна возраст"; „Задолжително донесување закон за предучилишно воспитание и образование"; „Поголема соработка на градинките и основните училишта, како и увид во целосните досијеа на децата кои треба да се запишат во прво одделение"; „Социјализација на учениците, подобра проценка на знаењата и вештините на учениците за во прво одд, како и развивање на нивната графомоторика, изразувањето и сл"; „Учениците од 1 одд. да посетуваат настава во градинките, но по часовен систем како во училиштата и по сегашната наставна програма. Сегашната голема група да биде задолжителна за сите деца"; „Соработка со одделенските наставници кои ќе ги прифатат првоодделенците и вработените во предучилишните установи"; „Учениците уште од градинка правилно да се навикнуваат на редот и дисциплината во училницата"; „Има потреба од вертикален проток на информации и поврзување на предучилишните институции со основните училишта преку воведување објективен описен извештај за децата кој има големо значење за одделенските наставници и адаптацијата во училишната средина. Предзаењата со коишто доаѓаат децата во основните училишта се многу важни од повеќе аспекти, а, пред сѐ, сметам дека социјализацијата на детето на предучилишна возраст е основен услов за негово напредување во основното училиште"; „Последната година пред поаѓање во прво одделение децата да не спијат во градинка, односно таму да престојуваат до 11:30 како што беше претходно забавиштето"; „Усогласеност и поврзаност на програмите, особено по мајчин јазик, математика и природни науки"; „Да се опфатат сите деца во градинките, да се намали бројот на деца во групите и да има поголем број активности во природа, на терен и сл." и др.

# 7 ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ СО АНКЕТИРАЊЕ ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во истражувањето учествуваа 137 одделенски наставници во основните училишта во Република Македонија.

**ТАБЕЛА 47: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ НАСТАВНИЦИ СПОРЕД НИВНАТА ИНИЦИЈАЛНАТА ПОДГОТВЕНОСТ/ СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИШЕ ОБРАЗОВАНИЕ | | ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ | | МАГИСТЕР | | ДОКТОР НА НАУКИ | | ВКУПНО | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 6 | 4,38 | 123 | 89,78 | 7 | 5,10 | 1 | 0,73 | 137 | 100 |

**ТАБЕЛА 48: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ СПОРЕД РАБОТНОТО ИСКУСТВО КАКО ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | | До 20 години | | До 30 години | | Над 30 години | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 48 | 35,04 | 54 | 39,42 | 27 | 19,70 | 8 | 5,84 | 137 | 100 |

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 8: СТРУКТУРА НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ НАСТАВНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ**




**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 9: БРОЈ НА ЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ КОИ ПОСЕТУВАЛЕ ДЕТСКА ГРАДИНКА**




Од вкупниот број анкетирани наставници 32 одговориле дека сите ученици од паралелката посетувале некоја од формите за предучилишно воспитание и образование, а 84 наставници одговориле дека поголем број од учениците биле вклучени во некоја од формите за предучилишно воспитание и образование.

Најголем дел од анкетираните одделенски наставници во основните училишта (98) се изјасниле дека делумно ја познаваат Програмата за рано учење и развој на која се базира реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката, 23 од нив се целосно запознаени со оваа програма, а 16 одделенски наставници воопшто не ја познаваат програмата.

**Мислења на одделенските наставници во врска со прашањето дали со реализацијата на Програмата за рано учење и развој во детските градинки успешно се подготвуваат децата за следење на наставата во прво одделение**

Најголем број од анкетираните одделенски наставници сметаат дека со реализацијата на Програмата за рано учење и развој во детските градинки децата делумно (78 наставници) и целосно (54 наставници) успешно се подготвуваат за следење на наставата во прво одделение, а само пет наставници не се согласуваат со тоа.

**ТАБЕЛА 49: МИСЛЕЊА НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ НАСТАВНИЦИ ВО ВРСКА СО ПРАШАЊЕТО ДАЛИ СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ УСПЕШНО СЕ ПОДГОТВУВААТ ДЕЦАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Делумно | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 54 | 56,93 | 78 | 39,41 | 5 | 3,64 | 137 | 100 |

Ова прашање го разгледавме и од аспект на одговорите кои ги дадоа воспитувачите во детските градинки. Врз основа на резултатите добиени од $X^2$ тестот, може да се констатира дека не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите кои ги дале воспитувачите и одделенските наставници.

**ТАБЕЛА 50: МИСЛЕЊА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПРАШАЊЕТО ДАЛИ СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ УСПЕШНО СЕ ПОДГОТВУВААТ ДЕЦАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Делумно | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 101 | 48,79 | 101 | 48,79 | 5 | 2,42 | 207 | 100,00 |

$X^2$=3,091  df=2  p < 0,0298

## Мислења на анкетираните одделенски наставници во врска со предзнаењата на децата кои посетувале детска градинка

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 10: МИСЛЕЊА НА АНКЕТИРАНИТЕ ПЕДАГОЗИ ВО ВРСКА СО ПРЕДЗНАЕЊАТА СО КОИ ДОАЃААТ УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ, А КОИ ПРЕТХОДНО БИЛЕ ОПФАТЕНИ СО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ВО ГРАДИНКА**




Според одговорите на анкетираните одделенски наставници учениците кои претходно биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка имаат: богат речник и добри комуникациски вештини, предзнаења од областа на математиката, предзнаења и вештини од областа на Ликовното образование и Музичкото образование, добра координација на крупната мускулатура и развиена ситна мускулатура на шаката и помалку предзнаења од областа на Природните науки.

### Мислења на анкетираните одделенски наставници во врска со адаптацијата на учениците кои биле опфатени со организирана воспитно-образовна работа во градинка

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 11: МИСЛЕЊА НА АНКЕТИРАНИТЕ ПЕДАГОЗИ ВО ВРСКА СО АДАПТАЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗАПИШАНИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**




Според анкетираните одделенски наставници во основните училишта децата кои биле опфатени со организирана воспитно-образовна работа во градинка во најголем дел брзо се адаптирале во паралелката во 110 основни училишта, а половината од овие деца брзо се адаптирале во паралелката во 12 основни училишта.

### Ставови на одделенските наставници за потребата од постоење поврзаност на наставните програми во прво одделение и Програмата за рано учење и развој врз основа на која се реализира воспитно-образовната работа во градинката

Од вкупниот број анкетирани одделенски наставници најголем дел (83) сметаат дека е особено важно да постои поврзаност на наставните програми во прво одделение и Програмата за рано учење и развој врз основа на која се реализира воспитно-образовната работа во градинката, според 36 анкетирани наставници тоа е многу важно, а според 28 наставници тоа е важно. Анкетираните одделенски наставници кои сметаат дека е потребна поврзаност на наставните програми во прво одделение и Програмата за рано учење и развој посочуваат дека особено е важно да постои поврзаност на: Математиката и Природните науки, особено поради адаптираните Кембриџ програми (100 анкетирани наставници); Мајчин јазик (99 наставници); Физичко и здравствено воспитание (22); Ликовно образование. (27); Музичко образование. (19); во однос на јакнење на самодовербата и позитивната слика за себе. (95) и Општество (32). Помал број од анкетираните одделенски наставници укажуваат на поврзаноста на следниве елементи: добро развиени културно-хигиенски навики, работни навики и културно однесување.

### Мислења на анкетираните одделенски наставници во однос на тоа кои активности се запоставени во досегашната воспитно-образовна работа со децата во градинка со цел нивна подобра подготвеност за поаѓање во основно училиште

Според анкетираните одделенски наставници во досегашната воспитно-образовна работа со децата во градинка најмногу биле запоставувани следниве активности: збогатување на речникот и развој на комуникациските способности на детето (73 наставници); математички активности за развој на логичкото размислување и решавање проблеми (67 наставници); активности за подготвување на децата за вовед во почетно читање и пишување (54); истражувачки активности (54); воспитно-образовни активности во природа (38); активности за физичко воспитание и образование на децата (22) и активности од ликовното и музичкото воспитание и образование (9).

### Ставови на одделенските наставници за потребата од задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште за деца од 4 до 6-годишна возраст

Најголем дел од анкетираните наставници (66) целосно се согласуваат дека е потребна задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште за деца од 4 до 6-годишна возраст, 53 од нив делумно се согласуваат, а само 18 не сметаат дека е потребна задолжителната подготвителна година.

**ТАБЕЛА 51: СТАВОВИ НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ НАСТАВНИЦИ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОДГОТВИТЕЛНА ГОДИНА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 66 | 48,17 | 53 | 38,69 | 18 | 13,14 | 137 | 100 |

Во насока на докажување на деветтата хипотеза на истражувањето, ова прашање е разгледано и од аспект на одговорите кои ги дадоа воспитувачите во детските градинки. Врз основа на резултатите добиени од $X^2$ тестот, може да се констатира дека не постои статистички значајна разлика меѓу одговорите кои на ова прашање ги дале воспитувачите и одделенските наставници. Со тоа се отфрла деветтата хипотеза на истражувањето која гласи: *Постои разлика помеѓу мислењето на воспитувачите од предучилишните установи и одделенските наставници во врска со потребата за воведување задолжителна подготвителна година.*

**ТАБЕЛА 52: СТАВОВИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОДГОТВИТЕЛНА ГОДИНА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Воопшто не се согласувам | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 123 | 59,42 | 57 | 27,54 | 27 | 13,04 | 207 | 100,00 |

$X^2 = 5{,}103$ df= 2 p <0,077

На поставеното прашање: „Што би требало да се направи за да се опфатат сите деца во Република Македонија со задолжителна воспитно-образовна работа во годината пред поаѓање во училиште?“ анкетираните одделенски наставници одговориле: законски да се воведе задолжителна подготвителна година во градинките за да ги подготви децата за она што ги очекува во прво одделение (45 наставници); носење закон за задолжителна подготвителна година (15 наставници); да се врати забавишната група во училиштата (12 наставници); да се информираат родителите - популацијата за значењето на одењето на децата во предучилишна установа, да се отворат предучилишни групи во помалите места или да се организира превоз до најблиската предучилишна установа (8); да се обезбеди соодветно инфраструктурно уредување на училиштата во сите средини (5); со реонизација и покани да се известат и застапат сите деца - ученици на возраст од 4 до 6 години (3); сите деца од 4 години да посетуваат предучилишната подготовка (2); да работат во две смени; да се отворат повеќе градинки и сл.

## Ставови на одделенските наставници за функционалното поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование

Во однос на барањето анкетираните одделенски наставници да ги наведат своите сугестии за функционалното поврзување на предучилишното и основното воспитание и образование тие го навеле следново: програмите од училишното образование да бидат основа врз која ќе се изготвуваат програмите за предучилишните деца, па така ќе има континуитет, систематичност, надополнување и проширување на знаењата; да постои целосна усогласеност на програмата за предучилишно образование со онаа во основното воспитание и образование; поголема соработка на градинките и училиштата, зачестени посети, заеднички проекти на локално ниво; да се пренесуваат досиејата на децата од градинките во училиштата; соработка на градинките и училиштата; задолжително изучување/препознавање на броевите до 20 поради Кембриџ програмата за прво одделение; посета на заеднички семинари за подготвителна година; соработка на

воспитувачите и наставниците преку различни видови средби, барем 3-5 пати во учебната година, различни излагања, споделување искуства, истражувања, анкетирање ученици, родители; соработка со основните училишта, заедничко одбележување празници, индивидуални средби со воспитувачите и наставниците, со цел запознавање со индивидуалните особини на децата и размена на искуства во врска планирањето и програмирањето на содржините за реализирање на воспитно- образовната работа и сл.

# 8 МИСЛЕЊА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ОДНОС НА ПОТРЕБАТА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОДГОТВИТЕЛНА ГОДИНА ЗА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 4 ДО 6 ГОДИНИ ВО НАСОКА НА ФУНКЦИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО СО ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Континуираната соработка на градинката со родителите има клучна улога во реализацијата на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. Соработката на градинката со родителите допринесува за развој на детето, унапредување на работата на воспитувачите и развивање на родителската улога.

Првиот чекор во планирањето на соработката започнува со испитување на можностите, потребите и очекувањата кои ги имаат родителите од градинката.

Во ова истражување нè интересираа ставовите и мислењата на родителите во врска со потребата за воведување задолжителна подготвителна година за деца на возраст од 4 до 6 години во насока на функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование. Поставената хипотеза гласи: *Родителите имаат позитивно мислење во врска со воведувањето задолжителна подготителна година за деца на возраст од 4 до 6 години во насока на функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование*.

Потребните податоци за оваа хипотеза се добиени преку одговорите анкетираните родители на определени прашања во анкетниот лист. Добиените податоци, заради поголема прегледност, прикажани се табеларно и графички.

**ТАБЕЛА 53: ПРИМЕРОК НА РОДИТЕЛИ /СТАРАТЕЛИ ОД СКОПЈЕ И ОД ВНАТРЕШНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Од Скопје | | Од внатрешноста на Република Македонија | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 97 | 46,64 | 111 | 53,36 | 208 | 100 |

Врз основа на податоците од табелата јасно може да се види дека во ова истражување 46,64 % од родителите се од Скопје, а 53,36 % се од внатрешноста на државата.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 12: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ СПОРЕД ПОЛОТ НА РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ**




**ТАБЕЛА 54: ОСНОВНА СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ СПОРЕД ВОЗРАСТА НА РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| до 20 години | | од 20 до 30 години | | од 30 до 40 години | | од 40 до 50 години | | над 50 години | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 1 | 0,49 | 46 | 22,11 | 140 | 67,30 | 21 | 10,10 | 0 | 0 |

Најголем процент, или 67,30 % од анкетираните родители се на возраст од 30 до 40 години, 22,11 % се на возраст од 20 до 30 години, 10,10 % се на возраст од 40 до 50 години. Само 0,49 % од нив се на возраст од 20 години.

**ТАБЕЛА 55: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ЗАВРШЕНО БРАЗОВАНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | ВИШЕ ОБРАЗОВАНИЕ | | ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ | | МАГИСТЕР | | ДОКТОР НА НАУКА | | ВКУПНО | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 1 | 0,49 | 12 | 5,77 | 43 | 20,67 | 131 | 62,98 | 20 | 9,61 | 1 | 0,49 | 208 | 100 |

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 13: СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ НА РОДИТЕЛИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**




**ТАБЕЛА 56: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ФУНКЦИИТЕ НА ГРАДИНКАТА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| згрижу-вање на детето | | згрижување, воспитание и образование на детето | | подготовка на детето за прво одделе-ние | | развивање на го-ворот, комуника-циските вештини социјализаицја | | играње на отворено | | друго | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 49 | 10 | 183 | 37 | 72 | 15 | 135 | 28 | 46 | 9 | 5 | 1 |

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 14: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ФУНКЦИИТЕ НА ГРАДИНКАТА**



Како што може да се забележи најголем дел од испитаниците сметаат дека најважна функција на градинката е згрижувањето, воспитанието и образованието на детето, потоа развивањето на говорот, комуникациските вештини и социјализацијата, а како помалку значајни ги сметаат згрижувањето на детето и играта на отворено.

**ТАБЕЛА 57: ОДГОВОРИ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА ТОА ДАЛИ СЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО ПРОГРАМАТА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ НА КОЈА СЕ БАЗИРА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ГРАДИНКАТА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно сум запознаен/а со сите воспитно-образовни активности кои треба да ги реализира воспитувачот | | Делумно сум запознат/а само со некои воспитно-образовни активности кои треба да ги реализира воспитувачот | | Не, воопшто не сум запознаен/а | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 139 | 66,83 | 55 | 26,44 | 14 | 6,73 | 208 | 100 |

Од табеларниот приказ евидентно е дека најголем дел од родителите или 66,83 % се целосно се запознаени со сите воспитно-образовни активности кои треба да ги реализира воспитувачот со децата, 26,44 одговориле дека делумно се запознаени, а 6,73 % одговориле дека воопшто не се запознаени.

**ТАБЕЛА 58: ОДГОВОРИ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ТОА ДАЛИ СЕ ЗАДОВОЛНИ ОД ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ГРАДИНКАТА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Целосно сум задоволен/на | | Делумно сум задоволен/на | | Не сум сум задоволен/на | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 184 | 88,46 | 23 | 11,05 | 1 | 0,49 | 208 | 100,00 |

На прашањето дали се задоволни од реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката најголем дел од испитаниците или 88,46 % се изјасниле дека целосно се задоволни, а 11,05 % одговориле дека делумно се задоволни.

**ТАБЕЛА 59: ОДГОВОРИ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО НАЧИНОТ НА КОЈ ГРАДИНКАТА ГИ ИЗВЕСТУВА/ЗАПОЗНАВА СО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ АКТИВНОСТИ.**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лично од воспитувачот | | Од негувателот | | Од истакнато соопштение | | Од другите родители | | Од моето дете | | Воопшто не сум информиран/а | |
| f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| 197 | 58 | 70 | 21 | 38 | 11 | 7 | 2 | 29 | 8 | 0 | 0 |

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 15: ОДГОВОРИ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА НАЧИНИОТ НА КОЈ ГРАДИНКАТА ГИ ИЗВЕСТУВА/ЗАПОЗНАВА СО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ АКТИВНОСТИ**




Врз основа на презентираните податоци може да се констатира дека најчести начини на кои градинката ги известува/запознава родителите со воспитно-образовните активности се: информации добиени лично од воспитувачот, потоа следуваат информации добиени од сопственото дете, нешто помалку од анкетираните родители одговориле дека добиваат информации преку истакнати соопштенија, а најмалку од нив одговориле дека информациите ги добиваат од негувателот.

**ТАБЕЛА 60: ОДГОВОРИ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НОВИНИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ГРАДИНКАТА**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Не чувствувам потреба, сметам дека се реализира на задоволително ниво | | Да, сметам дека секоја новина може да го збогати искуството и квалитетот | | Не знам, немам одговор на ова прашање | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 81 | 38,94 | 119 | 57,21 | 8 | 3,85 | 208 | 100 |

На прашањето дали како родител, следејќи го напредокот на своето дете, чувствуваат потреба за од внесување новини во воспитно-образовната работа во градинката, 57,21 % од анкетираните родители се согласуваат дека има потреба од внесување на новини бидејќи секоја новина може да го збогати искуството и квалитетот на воспитно-образовната работа. 38,94 % од родителите се изјасниле дека не чувствуваат потреба и сметаат дека воспитно-образовната работа се реализира на задоволително ниво. Од презентираните податоци евидентно е дека 3,85 % од родителите немаат одговор на ова прашање.

**ТАБЕЛА 61: МИСЛЕЊА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИДОНЕСОТ КОЈ ГО ИМА ГРАДИНКАТА ВО ПОДГОТВУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ЗА УСПЕШЕН ПРЕМИН ОД ПРЕДУЧИЛИШНОТО КОН ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Има голем придонес | | Има одреден придонес | | Нема посебен придонес | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % | f | % |
| 187 | 89,90 | 21 | 10,10 | 0 | 0,00 | 208 | 100,00 |

Анализата на добиените податоци покажува дека 89,90 % од родителите сметаат дека градинката има голем придонес во подготвувањето на децата за успешен премин од предучилишното кон основното воспитание и образование. Според мислењето на 10,10 % од анкетираните родители градинката има одреден придонес во подготвувањето на децата за успешен премин од предучилишното кон основното воспитание и образование.

**ТАБЕЛА 62: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОДГОТВИТЕЛНА ГОДИНА ВО НАСОКА НА ФУНКЦИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО СО ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**

| КАТЕГОРИЈА НА ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Не | | Вкупно | |
| f | % | f | % | f | % |
| 156 | 75,00 | 52 | 25,00 | 208 | 100,00 |

На прашањето: „Дали сметате дека е неопходно да се воведе задолжителна подготвителна година во насока на функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование?“ потврдно одговориле 75 % од анкетираните родители. Додека, пак, според мислењето на  помал дел од родителите вклучени во ова истражување, или 25 % од нив,  не постои потреба за воведување задолжителна подготвителна година.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ 16: СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО АКТИВНОСТИТЕ КОИ СЕ ЗАПОСТАВЕНИ ВО ДОСЕГАШНАТА РАБОТА СО ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКАТА**




за подготвување на децата за вовед во почетното читање и пишување. Како помалку запоставени активности ги наведуваат математичките активности како средство за логичко размислување и решавање проблеми и активностите поврзани со збогатување на речникот и развојот на комуникациските способности на детето.

Во анкетните листови родителите имаа можност да даваат свои предлози и коментари во насока на подобрување на воспитно-образовната работа во градинката. Според мислењето на родителите неопходно е намалување на бројот на децата во групите со цел подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа, зголемување на бројот на вработени

Според мислењето на родителите најзапоставени се воспитно-образовните активности во природа, истражувачките активности, активностите за физичко воспитание и образование на децата, активностите

воспитувачи и негуватели во градинката, воведување задолжителна подготвителна година, комплетирање на стручната служба во градинката

(педагог, психолог, логопед, дефектолог), вработување на професот по физичко воспитание и образование во секоја градинка, континуирано збогатување на градинката со соодветни дидактички средства и материјали за непречена реализиација на воспитно-образовната работа, средување на дворот на градинката за организирањем едукативни игри и активности на отворено, организирање семинари и работилници за родителите, посебна обука и посензитивен  пристап од страна на воспитувачите кон децата од еднородителски семејства, децата со пречки во развојот, вклучувајќи и работен материјал.

Врз основа на горенаведеното, како и врз основа на презентираните податоци *се потврдува* десеттата хипотеза на истражувањето според која:  *Родителите имаат позитивно мислење во врска со воведувањето на задолжителна подготителна година за деца на возраст од 4 до 6 години во насока на  функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование.*

# IV ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Според резултатите од ова емпириско истражување, односно од квалитативната и квантитативната анализа на добиените податоци може да извлечеме повеќе заклучоци, кои според својата природа се репрезентативни.

Општ заклучок е дека во потполност е потврдена генералната хипотеза на истражувањето, т.е. дека практичарите во предучилишните установи сметаат дека Стандардите за рано учење и развој имаат повеќе недостатоци, а реализацијата на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, со посебен акцент на децата на возраст од 4 до 6 години, ја отежнуваат повеќе фактори и причинители.

Од анализата и компарирањето на добиените податоци, во врска со посебните хипотези на истражувањето, добиени се следните заклучоци:

**1.** Во настојувањето на надлежните институции за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа во предучилишните установи и обезбедување функционално поврзување на предучилишното воспитание и образование со основното воспитание и образование, согледана е потребата од донесување закон за предучилишно воспитание и образование. Ова особено се истакнува од анализата на законската регулатива во Република Македонија со која е регулирана дејноста предучилишно воспитание и образование, споредбата на нашиот потсистем за предучилишно воспитание и образование со потсистемот на предучилишното воспитание и образование во европските и другите развиени земји во светот, како и од добиените податоци од фокус групите со воспитувачите, при што сите испитаници, без исклучок, одговорија дека е неопходно донесување закон за предучилишно воспитание и образование. Исто така, испитаниците ја нагласија потребата за обезбедување целосно префрлање на надлежностите на  Министерството за образование и наука, по примерот и позитивните практики и искуства на земјите во регионот и другите развиени земји во Европа и во светот. Целосното префрлање на ингеренциите беше предвидено, но не беше реазлизирано уште со  Националната стратегија за развој на образованието 2005-2015 година. Според мислењето на националните експерти од областа на предучилишното воспитание и образование (вклучени во ова истражување како стручни консултанти), со обезбедување на целосено префрлање на ингеренциите во рамките на Министерството за образование и наука ќе се овозможи подигање на квалитетот на предучилишното воспитание и образование, унапредување на функционалното поврзување со основното воспитание и образование и усогласување на воспитно-образовните стандарди согласно меѓународните стандарди за рано учење и развој кај децата. Во однос на ова прашање свои сугестии

за функционалното поврзување на предучилишното и основното воспитание и образование имаат и одделенските наставници кои ги дадоа следниве предлози: програмите од училишното образование да бидат основа врз која ќе се изготвуваат програмите за предучилишните деца, па така ќе има континуитет, систематичност, надополнување и проширување на знаењата; да постои целосна усогласеност на програмата во предучилишното образование со онаа во основното воспитание и образование; поголема соработка меѓу градинките и училиштата, зачестени посети, заеднички проекти на локално ниво; да се пренесуваат досиејата на децата од градинките во училиштата; соработка на градинките и училиштата; задолжително изучување/препознавање на броевите до 20 поради адаптираната Кембриџ Наставна програма по математика за прво одделение; посета на заеднички семинари за подготвителна година; соработка на воспитувачите и наставниците преку различни видови средби, барем 3-5 пати во учебната година, различни излагања, споделување искуства, истражувања, анкетирања на ученици, родители; соработка со основните училишта, заедничко одбележување празници, индивидуални средби со воспитувачите и наставниците, со цел запознавање со индивидуалните особини на децата и размена на искуства во врска планирањето и програмирањето на содржините за реализирање на воспитно- образовната работа и сл. Со тоа се потврдува првата хипотеза на истражувањето.

2. Поголемиот дел од целите во Програмата за рано учење и развој, со посебен акцент на воспитно–образовните подрачја (Јазик, комуникација и развој на писменост, Когнитивен развој и стекнување општи знаења, Уметност), не се целосно усогласени со целите во Наставните програми по математика, природни науки, ликовно и музичко образование за I одделение на деветгодишното основно образование. Тоа е согледано со компаративна анализа на глобалните цели во Програмата за рано учење и развој и програмите за I одделение, како и конкретните цели по возрасти за секој аспект на развојот (воспитно-образовно подрачје). Врз основа на горенаведеното се потврдува втората хипотеза.

3. Делумно потврдена е посебната хипотеза дека: Постои потреба за ревидирање на Стандардите на рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години. Во врска со ова прашање поголем дел од испитаниците се изјасниле, дека во повеќето стандарди и индикатори во документот Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години делуваат ограничувачки за развојот и напредокот на децата:

Најголем број од анкетираните воспитувачи (63,28 %) сметаат дека Стандардите за рано учење и развој делумно треба да се ревидираат, помал број (29,95 %) се за нивно целосно ревидирање, а само 14 % од воспитувачите сметаат дека не постои потреба за ревидирање. Најголем број од анкетираните педагози (60,00 %) сметаат дека Стандардите за рано учење и развој делумно треба да се ревидираат, помал број педагози (33,33 %) се за целосно ревидирање, а само (6,67 %) од анкетираните педагози сметаат дека не постои потреба за нивно ревидирање.

АНКЕТИРАНИ ВОСПИТУВАЧИ




АНКЕТИРАНИ ПЕДАГОЗИ




Домени во Стандардите за рано учење и развој што според воспитувачите треба да се променат.




Домени во Стандардите за рано учење и развој што според педагозите треба да се променат.




Според анкетираните воспитувачи ревидирањето на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години треба да се однесува на следниве аспекти на развојот на детето: Когнитивен развој и стекнување знаења (53,31 %), Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата (27,55 %), Социо-емоционален развој (25,63 %) и Физичко здравје и моторички развој (24,12 %). Според 38,64 % од воспитувачите треба да се ревидира и делот од Стандардите именуван како Развој на пристапот кон учењето.

Според најголем број од анкетираните педагози (33 %) ревидирањето на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години треба да се однесува на делот од Стандардите именуван како Развој на пристапот кон учењето. Исто така, според нив треба да се ревидираат: Когнитивен развој и стекнување општи знаења (27 %), Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата (20 %) и Социо-емоционален развој и Физичко здравје и моторички развој (10 %).

Најголем број од анкетираните воспитувачи имаат забелешки на индикаторите во Стандардите за рано учење и развој. Дел од индикаторите се премногу ниско поставени, недоволно јасно, т.е. несоодветно формулирани поради што се јавува







потреба за донесување нова програма за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст, со посебен акцент на донесување програма за воспитно-образовна работа за подготвителната година. Поконкретно, 32 % од анкетираните воспитувачи сметаат дека е потребно целосно ревидирање на индикаторите, 54 % од нив сметаат дека делумно треба да се ревидираат, а според 14 % од анкетираните воспитувачи не постои потреба за нивно ревидирање. Најголема потреба за ревидирање се јавува кај оние индикатори што произлегуваат од: Когнитивен развој и стекнување знаења, Развој на јазикот, описменувањето и комуникацијата, Физичко здравје и моторички развој и Социо-емоционален развој, поради нивната непрецизност и тешкотии во мерливоста. Од искажувањата на воспитувачите во фокус групите може да се воочи дека Стандардите за рано учење и развој се премногу општи, дел од нив се многу ниски, а односно децата можат да постигнат повеќе. Најголем дел од воспитувачите сметаат дека Стандардите за рано учење и развој се само некој вид форма, показател со кој им кажуваат на родителите дека нивните деца во нешто напредуваат, а особено се важни искажувањата на воспитувачите дека Стандардите ги ограничуваат во индивидуалниот приод кон секое дете.

Од сето наведено може да се извлече заклучок дека Стандардите за рано учење и развој во досегашната практика воспитувачите делумно ги користеле за следење на постигањата на децата, делумно при планирање на воспитно-образовните активности, некои воспитувачи ги поистоветуваат Стандардите за рано учење и развој

со Програмата за рано учење и развој, тие не ја одиграле во целост улогата на стручна алатка за ефикасна воспитно-образовна работа со децата во детските градинки, а, од друга страна, делумно и го отежнале процесот на индивидуализација во секојдневната воспитно-образовна дејност.

Оттука произлегува дека не е потребно нивно ревидирање, односно според согледаната фактичка состојба од теренското истражување предлагаме во Законот за заштита на децата да се избрише одредбата дека Програмата за рано учење и развој мора да биде базирана на Стандардите за рано учење и развој.

**4.** Се потврдува четвртата хипотеза, која гласи: Постои потреба од подобрување на Програмата за рано учење и развој базирана на Стандардите за рано учење и развој во насока на усогласување на целите во програмскиот документ за најстара предучилишна возраст и целите во Наставните програми за I одделение.

Најголем број од анкетираните воспитувачи (49 %) сметаат дека е потребно делумно, а нешто помал број (43 %) од воспитувачите сметаат дека е потребно целосно унапредување на целите на Програмата за рано учење и развој со цел функционално поврзување со целите во Наставните програми во прво одделение. Исто така, најголем број од анкетираните педагози (73,34 %) сметаат дека е потребно целосно, а помал број (13,33 %) од педагозите сметаат дека е потребно делумно унапредување на целите на Програмата за рано учење и развој за најстара предучилишна возраст со цел функционално поврзување со целите во наставните програми во прво одделение.






## Делови од Програмата за рано учење и развој во кои се потребни промени:




Според анкетираните воспитувачи промените треба да се направат во следниве делови од Програмата за рано учење и развој: Математика (66,18 %), Мајчин јазик (31,88 %), Природни науки (29,46 %), Музичко воспитание (17,39 %), Општество (17 %) и Ликовно воспитание (14,97 %), според анкетираните педагози од детските градинки промените треба да се направат во следниве делови од програмата: Ликовно воспитание (31,00 %), Природни науки (21,00 %), Мајчин јазик (16,00 %), Музичко воспитание (16,00 %), Општество (3 %), а двајца педагози предлагаат промена и конкретизација на сите воспитно-образовни во Програмата за рано учење и развој. Со оглед на тоа што согласно Законот за заштита на децата, Програмата за рано учење и развој мораше да биде базирана на Стандардите за рано учење и развој, очекувано, анкетираните воспитувачи е измените на Стандардите за рано учење и развој ги предлагаат и во однос на подобрување на Програмата за рано учење и развој, Така, тие ги предлагаат следниве измени: да има повеќе примери на активности, Ликовното воспитание и Музичкото воспитание да се одделат од Когнитивниот домен, да се стави поголем акцент на ликовното воспитание и музичкото воспитание. Исто така, врз база на сопственото практично искуство предлагаат поголема операционализација на целите според различни воспитни групи, да има повеќе примери на активности што произлегуваат и се поврзани со секојдневни животни ситуации, појасно да се дефинираат очекуваните резултати, да се преземат поголем број цели, па дури и да се врати целосно

претходниот Програмски документ од 2007 година, да се понудат активности за талентирани деца. Анкетираните педагози ги изнесоа следниве мислења и сугестии: „Ревидирање на целата Програма за рано учење и развој со цел да се обезбеди континуитет и компатибилност со училишната програма“; „Нова програма за воспитно-образовна работа подготвена од компетентни лица од Бирото за развој на образованието и нејзино презентирање со соодветни обуки во кои ќе бидат вклучени сите воспитувачи“; „Усогласување на Програмата за рано учење и развој со програмата Кембриџ, посебно во подрачјето Математика“. Дел од анкетираните педагози ја истакнаа потребата за изготвување на основи за програмирање на работата на сите стручни работници за соработници во градинката. Анкетираните воспитувачи и педагози предлагаат ревидирање на програмскиот документ заради поголемо усогласување на Програмата за рано учење и развој со наставните програми за прво одделение на основното образование.

Врз основа на наведеното може да се заклучи дека Програмата за рано учење и развој треба да се ревидира, односно да се изработи нов програмски документ за воспитно-образовна работа, при што треба да се имаат предвид развојните можности и интереси на децата од секоја воспитна група, современите научни достигања од предучилишното воспитание и образование, да се усогласи дел од терминологијата со онаа од наредниот потсистем на образовниот систем, воспитно-образовните цели да се усогласат со оние во адаптираните Наставни програми по математиката и по природни науки во прво одделение, максимално да се почитува принципот на холистичкиот приод (еднаков третман на сите аспекти на развојот на децата) при што не мора да се усогласува со застарените Стандарди за рано учење и развој, повеќе да се операционализираат воспитно-образовните цели и да се дадат повеќе примери на активности. На тој начин ќе се овозможи функционално поврзување на целите во програмата за предучилишно воспитание и образование со целите во програмите за прво одделение. При изготвувањето на новиот програмски документ за предучилишно воспитание и образование треба да се земат предвид и предлозите на одделенските наставници во однос на потребните предзнаења на децата за успешно вклучување во наставата во прво одделение.

5.Една од посебните хипотези во ова истражување е дека постои потреба од ревидирање на актуелната педагошка евиденција и докуметација во предучилишните установи. а врз основа на одговорите на анкетираните воспитувачи може да се заклучи дека таа е потврдена.

Најголемиот дел од анкетираните воспитувачи, односно 24,15% сметаат дека постојната педагошката евиденција и документација делумно соодветствува, а 60,39 % дека целосно не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, ставајќи го детето во фокусот на вниманието. Имено, 80,99 % од анкетираните воспитувачи сметаат дека треба да се ревидира актуелната педагошка евиденција и документација во градинките/центрите за ран детски развој.







Во однос на анкетираните педагози 66,67 % сметаат дека постојната педагошка евиденција и документација делумно соодветствува, а според 6,66 % од нив таа целосно не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, ставајќи го детето во фокусот на вниманието.Имено, 93,33 % од анкетираните педагози сметаат дека треба да се ревидира актуелната педагошка евиденција и документација во градинките/центрите за ран детски развој.

Најчеста забелешка за педагошката евиденција и документација од страна на воспитувачите е законската обврска таа да се води и во хартиена и во електронска форма што, од една страна, им одзема многу време на воспитувачите (пишуваат два пати ист текст), а, од друга страна, детските градинки располагаат со еден или два компјутери. Исто така, голем дел од анкетираните воспитувачи нагласуваат дека дневникот на воспитната група има мал број графи, нема простор за запишување на целите (што е многу битно), се бара постојано пишување на исти стандарди во текот на годината.Тие изразуваат сомневање дека податоците на децата во електронските дневници не се доволно заштитени, а техничкиот квалитет на дневниците не е на високо ниво и предлагаат да се користат повторно старите дневници кои се користеа при планирање и реализирање на Програмата за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст „Чекор по чекор“. Сите воспитувачи кои учествуваа во фокус групите предложија педагошката евиденција да се води до 10 јуни во тековната година (бидејќи се однесува на конкретна воспитна група), а не и во текот на летниот период, бидејќи по 10 јуни децата од различни групи се собираат во една градинка и тогаш се реализираат порелаксирани игровни активности. Воспитувачите имаат забелешки и на начинот на водењето на досието на детето, односно дека воспитувачите не треба да внесуваат податоци за коишто се надлежни лекар или медицинска сестра. Тие предлагаат досието на детето задолжително да се испраќа во основното училиште кога детето ќе се запише во прво одделение.

Предлозите на педагозите за подобрување на педагошката евиденција и документација се следниве: „да не се пишуваат секојдневно стандардите, тие да стојат во годишното планирање“; „во планирањето да

бидат наведени центрите за учење“ и „да има дел во кој што ќе се планира соработката со семејството“; „досието на детето да се ослободи од непотребните делови (оние што треба да ги пополнува лекар), како и тоа дека досието на детето задолжително треба да се проследи во училиштето“.

Врз основа на наведеното може да се заклучи дека актуелната педагошка евиденција и документација треба да се ревидира (тоа го бараат 81 % од воспитувачите и 93,33 % од педагозите) и тоа согласно принципите во новиот програмски документ што би се изготвил во 2018 година и претходните позитивни искуства за формата и начинот на водење на педагошката евиденција и документација во детските градинки и подготвителните групи во Република Македонија. Треба да се преиспита и потребата педагошката евиденција и документација да се води и во хартиена и во електронска форма, а доколку се бара да се води во електронска форма, неопходно е создавање технички услови во градинките и соодветна обука на воспитно-образовниот кадар. Неопходно е да се пропише посебна медицинска евиденција што ќе ја водат лекарите и медицинските сестри. Потребно е да се зајакне соработката помеѓу детските градинки и основните училишта при што, покрај другото, треба да се испланираат средби помеѓу воспитувачите, наставниците и стручните соработници на кои ќе се елаборираат стручни теми од интерес за сите, ќе се разменуваат искуства и задолжително ќе се предадат досиејата на децата од градинките во училиштата во кои се запишани учениците во прво одделение. Исто така, од добиените податоци во врска со досегашната примена на пристапот во планирањето на воспитно-образовната работа, при што во дневното планирање се бараше воспитувачот да тргне од Стандардите за рано учење и развој, а не од конкретните цели дадени по возраст за секој аспект во Програмата за рано учење и развој, практичарите го оценија како погрешно и збунувачко, што имаше силно влијание врз намалувањето на квалитетот на планирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. Врз основа на тоа може да се заклучи дека е неопходна изработка на нови обрасци на педагошката евиденција и документација и насоки за квалитетно планирање на воспитно-образовните активности, при што треба да се земат предвид сите забелешки на воспитувачите и педагозите од детските градинки, согледувањата од советниците во Бирото за развој на образованието, како и мислењето на универзитеските професори чија специјалност е предучилишното воспитание и образование. Со тоа се потврдува петтата хипотеза.

**6.** Хипотезата: Педагозите и воспитувачите имаат потреба од континуирана стручно-советодавна поддршка од страна на советниците од Бирото за развој на образованието, целосно се потврдува. Сите анкетирани педагози сметаат дека е потребна континуирана стручно-советодавна поддршка од страна на советниците од Бирото за развој на образованието. Воспитувачите се изјаснија дека имаат потреба од континуирано стручно усовршување, односно потреба од теоретското и практичното знаење на советниците од Бирото за развој на образованието. Тие сакаат да добијат

насоки за квалитетно планирање и реализирање на воспитно-образовната работа т.е. одблиску да ги споделат со советниците потребите, проблемите и предизвиците, како и да добијат конкретни насоки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Сите анкетирани педагози одговориле дека имаат потреба од обука реализирана од стручни лица од Бирото за развој на образованието. На прашањето на која тема им се потребни обуките од страна на стручните лица од Бирото за развој на образованието, тие ги навеле следниве теми: „Каков треба да биде ликот на воспитувачот?“; „Запознавање со најновите истражувања од областа на раното учење и развој на децата“; „Планирање на воспитно-образовната работа“; „Начин на водење на педагошката евиденција и документација“; „Етички и морални норми во воспитувањето“; „Компетенциите на воспитувачите за работа со деца со посебни потреби“; „Современи методи и форми за работа со деца од предучилишна возраст“; „Работа со надарени деца“; „Подобрување на воспитно-образовниот процес“; „Искуства од воспитно-образовната работа во предучилишното воспитание и образование во странство“. Најголем дел од анкетираните воспитувачи (78,63 %) сметаат дека континуираната стручно-советодавна поддршка на воспитувачите од страна на советниците од Бирото за развој на образованието ќе даде придонес за поуспешно имплементирање на воспитно-образовната работа.

Анкетираните воспитувачи од предучилишните установи се свесни дека со сопственото континуирано стручно усовршување ќе постигнат подобри резултати во работата, со што ќе се зголеми квалиетот на воспитно-образовната работа во детските градинки и центрите за ран детски развој. Поконкретно, 75,53 % анкетирани воспитувачи одговориле дека имаат потреба од перманентно стручно усовршување со цел поуспешно реализирање на воспитно-образовната работа во градинката/ЦРДР, а само 20,46 % од воспитувачите одговориле негативно. Речиси ист е бројот на анкетираните воспитувачи кои одговориле дека имаат потреба од обука реализирана од стручни лица од Бирото за развој на образованието – 76 %, воспитувачи наспроти 24 % воспитувачи. На прашањето на која тема им се потребни обуките од страна на стручните лица од Бирото за развој на образованието, анкетираните воспитувачи ги навеле следниве теми: „Корелација и соработка со родителите“; „Инклузија и дијалог со децата со посебни потреби“; „Технологија и компјутери“; „Правилно водење дневник на воспитната група“; „Корисни методи на учење за децата во развој“; Доколку се донесе нова програма би сакале да ни се одржи обука за истата“; „Компјутерска едукација на сите воспитувачи“; „Новини во современите текови во предучилишното воспитание и образование во светски рамки“; „Целите на воспитно-образовната работа“; „Обуките треба да бидат за социјализирање на децата и домашното воспитание и почитување“; „Обука за тимска работа“;  „Обука за пристап кон деца со посебни образовни потреби“; „Обука за едукација за младите воспитувачи без работно искуство“; „Би сакале да се воведе ИКТ и во градинките бидејќи децата уште од најмала

возраст имаат желба за користење на компјутерите. Доколку се направи тоа, би била неопходна и некоја таква обука на воспитувачите, за да може да се промени“; „Обука за педагошка евиденција и документација“.

Врз основа на искажувањата на анкетираните педагози и воспитувачи може да се изведе заклучок дека Бирото за развој на образованието треба да ја зајакне стручно-советодавната поддршка на градинките во Република Македонија. Исто така, потребно е да се организираат обуки за реализаторите на Програмата за рано учење и развој и стручните соработници, а притоа приоритетни теми за обуките да бидат оние за кои постои интерес и се предложени од анкетираните педагози и воспитувачи.

7. Со ова истражување беа испитувани и причините кои ја отежнуваат реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој. Од добиените податоци станува очигледно с дека постојат повеќе причини кои ја отежнуваат реализацијата на целите. Во таа смисла како најзначајни се издвојуваат следните:

- Голем број деца во воспитните групи, односно два до три пати поголем од законски предвидениот број.
- Погрешно разбирање и погрешна практична примена на документот Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.
- Недоволно јасно разграничени цели по воспитно-образовни подрачја во Програмата за рано учење и развој (Когнитивен развој и стекнување општи знаења, уметност) и недоволна конкретизација на целите во програмата по возрасти за секој аспект од развојот на детето.
- Недоволен број и несоодветни обуки за имплементација на Програмата за рано учење и развој и имплеметација на Стандардите за рано учење и развој (обуката се реализира на одреден примерок воспитувачи, кои потоа имаат задача да направат дисеминација во градинката). Во планирањето и реализацијата на овие обуки не беа вклучени советници од Бирото за развој на образованието ниту, пак, беа вклучени релевантни универзитески професори од Институтот за педагогија и факултетите за образовни науки. Испитаниците вклучени во ова истражување се изјаснија дека за време на обуките се соочиле со голем број нејаснотии и прашања на кои не добиле конкретни одговори. Ваквиот однос кон професионалниот развој на воспитувачите, стручните работници и соработници, со целосно исклучување на советниците од Бирото за развој на образованието од процесот на планирање и реализирање на обуките, во практиката резултираше со намалување на квалитетот на планирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа. Истото се согледува од резултатите добиени од фокус групата со воспитувачите, како и од анализата на извештаите на советниците од Бирото за развој на образованието, направени за време на стручно-советодавните посети во градинките во Република Македонија во текот на 2014 и 2015 година.
- Друг проблем со кој се соочуваат практичарите е реализирањето голем број задолжителни проектни програмски активности во

градинката. Имено, согласно член 168, став 11 од Законот за заштита на децата „Во јавните детски градинки со цел унапредување на развојот на личноста на детето, талентот, физичките, креативните и другите способности, задолжително се реализираат програмските активности од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, рекреативни и слободни активности и спорт“. Овие програми ги донесува министерот за труд и социјлна политика. Според исказите на воспитувачите, овие задолжителни проектни активности немаат никакво влијание врз развојот и напредокот на детето, бидејќи се наметнати и не произлегуваат од потребите, интересите и можностите на децата во групата како основни принципи, на кои би требало да се базира планирањето и реализацијата на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, согласно најновите истражувања за развојот на мозокот и раното учење на децата. Во однос на ова прашање воспитувачите одговорија:- „Проектите се излишни во програмата. Координатор сум на проект и поткоординатор на друг проект, тоа се дополнителни активности/обврски во врска со изготвувањето електронски извештаи, изнаоѓање материјали за реализација на проектите. Зошто некој да биде координатор и да оди по колешките и да бара активности? Семејството, градината, бон-тон секогаш сме ги имале во програмата. Излишни се проектите, тоа го имаме во годишните планови, во темите. Тешко се реализираат со сите возрасни групи “.

Во овој член од Законот за заштита на децата уште еднаш се потврдува мешањето на ингеренциите во однос на предучилишното образование меѓу Министерството за труд и социјална политика и Бирото за развој на образованието како надлежна институција за изготвување програми за воспитно-образовна работа за децата од предучилишна возраст. Од тие причини, заради подигање на квалитетот на воспитно-образовната работа во градинката уште еднаш се потврдува потребата за донесување закон за предучилишно воспитание и образование, како и потребата од целосен трансфер на надлежностите над предучилишното воспитание и обарзование во рамките на Министерството за образование и наука. Тоа ќе придонесе кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст и обезбедување поголема компатибилност на воспитно-образовните програми во предучилишното и основното воспитание и образование.

- Друг проблем кој ја отежнува реализацијата на Програмата за рано учење и развој е педагошката евиденција и документација во детската градинка/центар за ран детски развој која не ги отсликува реалните потреби на воспитувачите за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа. Особена тешкотија претставува законската обврска за нејзино двојно водење. Имено, во член 195 од Законот за заштита на децата стои: „Во установите за деца се

води евиденција и документација. Педагошката документација во смисла на овој закон ја опфаќа главната книга на децата и претставува документ од трајна вредност. Педагошката евиденција опфаќа дневник за работа на градинката/центар за ран детски развој, дневник за работа на воспитната група, планирање и подготвување на воспитно-образовната работа и досие на детето и истите се водат во хартиена и електронска форма“. Во однос на ова прашање воспитувачите се сé погласни во однос на тоа дека водењето на педагошката евиденција и документација во градинката има големо значење во обезбедувањето квалитет на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. Но, таа треба да ги отсликува реалните потреби за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа и треба да се води или во хартиена или во електронска верзија според согледувањата, потребите и можностите на градинката/центарот за ран детски развој. Имено, според исказите на најголем број од воспитувачите ваквото двојно водење на педагошката евиденција и документација е непотребно и претставува губење време кое воспитувачот би требало да го поминува со децата во групата. („И во хратиениот и во електронскиот дневник ги внесуваме истите податоци“, - „Сето ова нема никаква смисла“- рекоа воспитувачите).

- Несоодветни услови во градинката за целосна инклузија на децата со пречки во развојот и нереални барања кои се поставуваат пред воспитувачот во реализирањето на воспитно-образовната работа и следењето на напредокот на деца со пречки во развојот. Воспитувачите се изјаснија дека за време на обуките кои беа реализирани во врска со проектот *„Инклузија во раниот развој - предизвици и перспективи“* од нив било побарано во досието на детето да ја пишуваат и неговата дијагноза според слободна проценка направена од воспитувачот, врз основа на набљудување на детето.
- Континуирано присуство на советниците од Бирото за развој на образованието, во текот на годината, со цел пружање соодветна и навремена стручно-советодавна помош и поддршка, особено на воспитувачите почетници.

Врз основа на наведеното целосно се потврдува седмата хипотеза од истражувањето.

**8.** Со ова истражување беа испитувани и разликите во ставовите и мислењата на воспитувачите и одделенските наставници во врска со потребата за воведување задолжителна подготвителна година. Анализата на одговорите во анкетните прашалници за воспитувачи и одделенски наствници потврдува дека мнозинството воспитувачи од детските градинки/ЦРУР и одделенски наставници целосно се согласуваат дека постои потреба за воведување задолжителна подготвителна година.

Адаптација на учениците кои посетувале детска градинка




Од одговорите на одделенските наставници и педагозите во основните училишта најголем број од децата кои посетувале некоја форма на предучилишно воспитание и образование брзо се адаптираат на почетокот на учебната година во прво одделение.

Најголем број од анкетираните воспитувачи од нив целосно се согласуваат дека постои потреба за воведување задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште. Слично на одговорите на анкетираните воспитувачи, најголемиот број од анкетираните педагози целосно се согласуваат дека е потребно воведување задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште, што значи дека *е* потврдена посебната хипотеза дека не постои статистички значајна разлика во ставовите и мислењето на воспитувачите и педагозите во детските градинки во врска со потребата за воведување задолжителна подготвителна година. Значењето на предучилишното воспитание и образование за развојот на личноста на детето и организираното усвојување предзнаења од страна на децата, барем во годината пред поаѓање во училиште, ја наметнува потребата за воведување задолжителна подготвителна година пред поаѓање во училиште (за деца кои до крајот на календарската година ќе наполнат 5 години), а ова, од друга страна, е потврдено и со ставовите на воспитувачите и педагозите од детските градинки. Во претходните години Република Македонија има позитивно искуство воспитно-образовната работа во подготвителната година се реализира во детските градинки (околу 20 % од опфатените деца) и во забавишни групи при основните училишта (околу 80 % од опфатените деца). Со зголемувањето на бројот на

опфатените деца со организирано предучилишно воспитание и образование на 81 % од вкупниот број деца на таа возраст во Република Македонија, се воведе задолжителна подготвителна година и во 2005 година беше изработен, од страна на Бирото за развој на образованието, програмски документ Основи на програмата за воспитно-образовната работа во подготвителната година кој беше донесен од министерот за образование и наука со решение бр. 10-746/25 од 27.04.2005 година. Би било добро да се направи анализа на просторните услови и постојниот кадар во детските градинки, центрите за ран детски развој и вработените воспитувачи кои во основните училишта реализираат наставна програма во прво одделение, за да се утврди постоење на услови за воведување задолжителна подготвителна година. Потребно е со изработувањето и донесувањето на новата програма за рано учење и развој во 2018 година да се изработи и нов документ-програма за воспитно-образовната работа во подготвителната година, кој ќе го донесе со решение министерот за образование и наука. При изработката на овој документ треба да се земат предвид преходните искуства во воспитно-образовната работа во подготвителната година во Република Македонија, современите научни достигања, теоретската мисла од областа на предучилишната педагогија, развојната психологија и теоретските основи и воспитно-образовните цели во наставните програми во прво одделение.

**9.** Деветтата хипотеза гласи: Постои разлика меѓу мислењето на воспитувачите од предучилишните установи и одделенските наставници во однос на нивните очекувања за подготвеноста на децата за успешен премин од предучилишна установа во основно училиште. Според 96,68 % од анкетираните воспитувачи со реализација на целите од Програмата за рано учење и развој децата се целосно или делумно подготвени за успешен почеток во прво одделение од основното образование, а само 3,32 %) од нив сметаат дека реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој нема влијание врз подготвеноста на децата за успешен почеток во основното  образование. Според нив децата кои посетувале предучилишна установа пред запишувањето во основно училиште, доаѓаат со одредени предзнаења:

Слични се и искажувањата на анкетираните педагози. Според 86,67 % од нив со реализација на целите од Програмата за рано учење и развој децата се делумно подготвени за успешен почеток во прво одделение од основното образование, а според 13,33 % од анкетираните педагози децата се целосно подготвени за успешен почеток во прво одделение од основното образование. Од вкупниот број анкетирани педагози во основните училишта 95,56 % биле членови на комисијата за запишување ученици во прво одделение во нивното училиште. Како членови на оваа комисија при набљудување и разговори со децата, кај најголем дел од нив, односно 72,57 % забележале разлики кај децата кои посетувале некоја од формите на предучилишно воспитание и образование  (однесувањето во просторијата, начинот на комуникација со децата и возрасните, самодовербата, говорот и предзнаењата), во однос на оние деца кои не посетувале никаква




Предзнаења на учениците кои посетувале детска градинка

форма на предучилишно воспитание и образование, а само кај 9,71 % од децата не воочиле големи разлики кај двете групи деца. Тоа уште еднаш ја потврдува потребата за воведување задолжителна подготвителна година.

Врз основа на наведеното, како и врз основа на резултатите добиени од $X^2$ тестот ($x2=3{,}091$ $df=2$ $p < 0{,}0298$ ), може да се заклучи дека **p>0.05 , односно дека не** постои статистички значајна разлика.

**10.** Резултатите од анкетниот лист за родителите упатуваат кон тоа дека повеќе од половина од анкетираните родители имаат позитивно мислење во врска со воведување на задолжителна подготвителна година за деца на возраст од 4 до 6 години, во насока на функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование. Овој став со своите искази го потврдија 75 % од акетираните родители. Исто така, анализата на добиените податоци покажува дека 89,90 % од родителите сметаат дека градинката има голем придонес во подготвувањето на децата за успешен премин од предучилишното кон основното воспитание и образование. Во врска со прашањето за потребата од воведување задолжителна подготвителна година за деца од 4 до 6 - годишна возраст, карактеристично е тоа што се совпаднаа ставовите и мислењата на испитаниците од сите целни групи во ова истражување (воспитувачи, педагози од детски градинки, одделенски наставници и родители). Оттука, неопходно е да се направи анализа за просторните и кадровските услови во детските градинки, центрите за рано учење и развој и основните училишта и постоење на други просторни услови за да може да се изработи конкретен план за законско регулирање на задолжителна подготвителна година во рамките на Министерството за образование и наука. Со тоа се потврди и десеттата хипотеза на истражувањето.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од овој истражувачки проект, како и изнесените теоретски сознанија наметнуваат одредени предлози во функција на подобрување на воспитно-образовната работа во детската градинка и унапредување на потсистемот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија

Имено, неколку аспекти можат да бидат унапредени и променети, а тоа се:

- Понатамошен развој и ширење на мрежата на предучилишни установи во Република Македонија. Податоците за опфатот на децата со предучилишно воспитание и образование укажуваат дека постои потреба од ширење на мрежата на предучилишни установи во Република Македонија. Според официјалните податоци добиени од Државниот завод за статистика, во моментов опфатот на деца со предучилишно воспитание и образование е на незадоволително ниво и за деца на возраст од 3 до 6 години изнесува 39 %. Испитаниците кои беа вклучени во ова истражување сметаат дека основна причина за малата опфатеност на децата во градинките е немањето просторни капацитети за опфат на сите деца. Тенденција на Европската комисија за образование е до 2020 година со предучилишно воспитание и образование да бидат опфатени најмалку 95 % од децата на возраст до 6 години. Со тоа ќе се овозможи пружање еднакви шанси и можности за образование на секое дете, а особено на децата од маргинализираните групи. Последното истражување на TIMSS, реализирано од страна на Институтот за педагошки истражувања во Србија, како и истражувањето во рамките на проектот „Со читање до лидерство“, спроведено од Здружението на граѓани „Чекор по чекор“, покажуваат дека раното образование влијае на резултатите кои учениците ги постигнуваат во четврто одделение во основното училиште.
- Изготвување и донесување на Концепција за предучилишно воспитание и образование во Република Македонија.
- Министерството за образование и наука да донесе закон за предучилишно воспитание и образование. Имајќи го предвид фактот дека предучилишното воспитание и образование е првиот и најзначаен потсистем во

рамките на целокупниот систем на воспитание и образование, резултатите од анализата на нашиот потсистем на предучилишното воспитание и образование, следејќи ги притоа позитивните европски и светски искуства, укажува дека во Република Македонија постои ургентна потреба за донесување закон за предучилишно воспитание и образование со целосен трансфер на надлежностите во рамките на Министерството за образование и наука. Тоа ќе овозможи унапредување на квалитетот на системот на предучилишното воспитание и образование и функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование.

- Зголемување на бројот на вработени негуватели, воспитувачи, стручни работници и стручни соработници во детските градинки.
- Донесување основни професионални компетенции и стандарди за негуватели, воспитувачи, стручни работници, стручни соработници и раководен кадар во детските градинки/центри за ран детски развој.
- Почитување на законски пропишаните нормативи за бројот на децата во групите.
- Воведување задолжителна подготвителна година за деца на возраст од 4 до 6 години. Република Македонија треба да ги достигне меѓународните стандарди во однос на раното учење и развој на децата од предучилишна возраст и препораките на Европската комисија за образование, според која до 2020 година се очекува опфатот на децата во предучилишно воспитание и образование во сите земји во Европа да изнесува 95 %, Република Македонија нема доволно просторни капацитети за опфат на сите деца од 0 до 6 години со предучилишно воспитание и образование, па во насока на подобрување на ваквата состојба, предлагаме најнапред воведување задолжителна подготвителна година во градинките за деца на возраст од 4 до 6 години. Со тоа ќе се овозможи создавање еднакви можности за квалитетно образование за секое дете во годината пред тргнување на училиште и функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование. Користејќи ги позитивните искуства од другите земји, предлагаме воведување и на кратки форми на опфаќање на децата со воспитно-образовна работа во подготвителната година (најмалку 20 часа неделно).
- Донесување нова програма во 2018 година, за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст, како и програма за воспитно-образовна работа за подготвителната година, изготвени од Бирото за развој од образованието. Постои потреба од нов програмски документ, на што укажуваат податоците добиени со емпириското истражување во кое 98,18 % од испитаниците се изјасниле дека дадените цели во рамките на петте аспекти од развојот на детето не се доволни, т.е. дека има потреба за нивно проширување и поголемо конкретизирање особено во подрачјата по Математика, Сообраќај,

Ликовно и Музичко воспитание и образование, како и во подрачјето Јазик, комуникација и развој на писменост.

- Унапредување на педагошката евиденција и документација во детските градинки, со цел да стане функционална, т.е. да ги отсликува реалните потреби на воспитувачот за планирање и реализација на воспитно-образовната работа. Оваа мерка истовремено ќе овозможи подигање на квалитетот на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. Постоечката педагошка евиденција во детската градинка внесува многу забуни и потешкотии кај воспитувачите во однос на планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес. Мнозинството воспитувачи сметаат дека здравствениот профил треба да се издвои од досието на детето и да стане составен дел на здравствениот картон на детето кој ќе го води лекарот во градинката. Воспитувачите имаат потреба од дополнителни обуки и прирачна литература во функција на подобрување на нивните компетенции за водење на педагошката евиденција во градинката. Постоечката педагошка евиденција мора да се ревидира, а новата евиденција мора да ги земе предвид позитивните искуства на воспитувачите и да се базира на холистичкиот пристап во воспитанието и образованието на детето и современите трендови во предучилишната педагогија.
- Обезбедување финансиски средства за континуирана советодавно-инструктивна дејност и за обуки за професионален развој на негувателите, воспитувачите, стручните работници и стручните соработници во детските градинки/центрите за ран детски развој, кои треба да бидат организирани од страна на Бирото за развој на образованието, согласно Законот за Бирото за развој на образованието.
- Спроведување на истражување за актуелната состојба на инклузивното образование во детските градинки/центрите за ран детски развој.
- Организирање камапања за подигање на свеста на родителите во Република Македонија за значењето на раното учење и развој, односно за важноста и потребата секое дете да биде вклучено во следење на програмата за предучилишно воспитание и образование.

Како одговор на современите потреби наметнати од светските трендови во предучилишното воспитание и образование, а со оглед на големото значење на раното учење и развој во животот на секој поединец, во наредниот период треба да очекуваме реафирмација на дејноста на предучилишното воспитание и образование и целосно оживотворување на хуманистичкиот пристап во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, што воедно е и цел на современото предучилишно воспитание и образование во светот.

# V ДЕЛ

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Ангелоска-Галевска, Н. (1998). *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*. Битола: Киро Дандаро.

Дамовска, Л. (1997). *Хуманистичката тенденција-основа за иновирање и трансформирање на потсистемот на предучилишното воспитание и образование*. Скопје: Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 24(50).

Дамовска, Л. (2001). *Компактибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*. Скопје: Круг 92.

Дамовска, Л. (2012). *Нови практики во детските градинки. Базирани на стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години*. Скопје: Темпора веритас.

Дамовска, Л. и др. (2004). *Стандарди за рано учење и развој на децата од 0 до 6 години*, Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

Закон за воспитување и образование на децата од предучилишна возраст (1974). Скопје: („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“) бр. 45.

Закон за заштита на децата (2000). Скопје: („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“) бр. 98.

Закон за заштита на децата (2013). Скопје: („Службен весник на Република Македонија“) бр. 23.

Закон за предучилишно и основно воспитание и образование (1983). Скопје: („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“).

Извештај од истражувањето: *„Позитивните влијанија на воспитно-образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладувањето на наставните програми во прво одделение*“, (2012). Биро за развој на образованието, Скопје,

Институт за педагогија (2000). *Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи*). Скопје: Филозофски факултет.

Камберски, К. *(1994). Од буквар до универзитет.* Скопје: Просветно дело.

*Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007).* Скопје: Биро за развој на образованието.

Dr Christine Stephen (2006), *Institute of Education, University of* Stirling *ISSN 1478-6796.*

*Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

*Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

*Програма за рано учење и развој*. Министерство за труд и социјална политика на РМ, („Службен весник на РМ“ )бр. 46 од 06.03.2014.

*Prirucnik za diversifikaciju programa predskolskog vaspitanja i obrazovanja*, (2013), Ministarsvo prosvete, nauke i tehnoloskog razvoja Republike Srbije.

Хорватовиќ, В. (2015), *Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст*. Скопје: Докторска дисертација, Институт за педагогија, Филозофски факултет.

Agency for Healthcare Research and Quality. (2016). Table 3: Total expenses and percent distribution for selected conditions by type of service: United States, 2013. *Medical Expenditure Panel Survey Household Component Data*. Generated interactively: http://meps.ahrq.gov/mepsweb/survey_comp/household.jsp.

Center on the Developing Child at Harvard University (2016). Adapted from Rogers, E.M. (2003). *Diffusions of Innovation*. New York, NY: Free Press.

Fox, S.E., Levitt, P., & Nelson, C.A. (2010). How the timing and quality of early experiences influence the development of brain architecture. *Child Development, 81*(1), 28-40.

Grantham-McGregor, S., Cheung, Y.B., Cueto, S., Glewwe, P., Richter, L., Strupp, B., & the International.

Meaney, M.J. (2010). Epigenetics Shonkoff, J.P., & Phillips, D. (Eds.) (2000). F*rom neurons to neighborhoods: The science of early childhood development*. Committee on Integrating the Science of Early Childhood Development. Washington, DC: National Academy Press.

Measuring the quality of early learning programs (2016), Gidiance Note, ELP.

Promising Approachesin Early Childhood Development. March 2017. Early Childhood Development intervetions from Around World., World Bank Group.

Proposal for key principles of a Quality Framework for Early Chilhood Education and Care. Report of the Working Group on Early Childhood Education and Care under the auspices of the European Commission. (2014), European Commission.

Reardon, S.F. (2011). The widening academic achievement gap between the rich and poor: New evidence and possible explanations. In G. Duncan & R. Murnane (Eds.), *Whither Opportunity? Rising Inequality, Schools, and Children's Life Chances* (pp. 91–116). New York, NY: Russell Sage Press.

Sylva, K., Melhuish,E., Sammons, P., Siraj-Blatchford, I. and Taggart, B. (Eds.) (2010). *Early childhood matters: evidence from the Effective Preschool and Primary Education Project.* Oxford: Routledge

The American Enterprise Institute for Public Policy Research and the Brookings Institution (2015). *Opportunity, Responsibility, and Security: A Consensus Plan for Reducing Poverty and Restoring the American Dream.*

The Federal Interagency Forum on Child and Family Statistics. (2015). *America's Children: Key National Indicators of Well-Being.* Retrieved from http://www.childstats.gov/.

UNESCO Institute for Statistics, *International Classiffication of Education ISCED 2011*: Montreal, Canada, 2012, p.63

## Web literature

http://public.mzos.hr

http://teacher.scholastic.com/professional/bruceperry/curiosity.htm

http://www.confero.ep.liu.se/issues/2014/v2/i1/140616/confero14v2i1a.pdf

http://www.ers.usda.gov/publications/fanrr-food-assistance-nutrition-research-program/fanrr5.aspx.

(http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice)

http://www.etf.europa.eu

http://www.naeyc.org/academy/primary/aboutoverview

http://www.researchconnections.org/

https://www.naeyc.org/files/naeyc/file/positions/position_statement.pdf

www.britanica.com

www.developingchild.harvard.edu/library/

www.great-ideas.org/30.htm

www.infed.org/biblio/holisticeducation.htm#holistic%20education

www.PathsOfLearning.net

www.socsci.com

Insight 28: Early Years Education: Perspectives From a Review of the...

VI ДЕЛ

# ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Сектор за истражување во образованието**

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ПЕДАГОЗИ

Почитуван/а,

Бирото за развој на образованието спроведува истражување во детските градинки во Република Македонија со цел добивање веродостојни информации за состојбите и потребите и преземање конкретни чекори за квалитетни системски промени во предучилишното воспитание и образование на децата од 4 до 6 години.

Анкетниот лист содржи прашања на кои треба да одговорите со заокружување, односно давање алтернативни коментари, мислење и сугестии. Добиените информации ќе се користат исклучиво за целите на ова истражување.

Изборот е направен по принципот на случајност, а учеството е анонимно.

Ви благодариме за соработката

Детска градинка ____________________________________________________________

Општина ___________________________________________________________________

Град _______________________________________________________________________

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Иницијална подготвеност/степен на образование:**

а) високо образование    б) магистер    в) доктор на науки

— **Работно искуство како педагог:**

а) до 10 години    б) до 20 години

в) до 30 години    г) над 30 години

— **На прашалникот одговара педагог од:**

а) машки пол

б) женски пол

**1. Дали сте запознаен/а со Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години и со Програмата за рано учење и развој на која се базира реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката?**

а) Целосно сум запознаен/а

б) Делумно сум запознаен/а

в) Не сум воопшто запознаен/а

**2. Тешкотии со кои се соочуваат педагозите во градинката при имплементирањето на Програмата за рано учење и развој се:**

а) недоволната обученост за правилно имплементирање на Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

б премногу се општи Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

в) реализацијата на многубројните задолжителни проектни активности регулирани со Законот за заштита на децата.

г) недоволно конкретизираните цели во Програмата за рано учење и развој.

д) обемната административна работа.

ѓ) несоодветните услови за работа во градинката.

е) недоволно стекнати знаења за време на студиите, потребни за успешна реализација на воспитно-образовната работа.

ж) недоволната обука за примена на новата педагошка евиденција и документација.

з) друго (наведете што) ________________________________________________

**3. Дали сметате дека постои потреба од ревидирање на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**4. Доколку на претходното прашање одговоривте под *а* или *б*, заокружете кои аспекти од развојот на детето треба да бидат доминантни при ревидирањето на Стандардите и индикаторите за рано учење и развој.**

а) Физичкото здравје и моторниот развој.

б) Социо-емоционалниот развој.

в) Развојот на пристапот кон учењето.

г) Развојот на јазикот, описменувањето и комуникацијата.

д) Когнитивниот развој и стекнувањето општи знаења.

**5. Дали со реализацијата на целите на актуелната Програма за рано учење и развој децата се подготвени за успешен почеток во прво одделение?**

а) Да   б) Делумно   в) Не

**6. Дали постои потреба за воведување задолжителна подготвителна година?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**7. Земајќи го предвид Вашето практично искуство во следењето на реализацијата на Програмата за рано учење и развој, какви измени треба да се направат во оваа програма?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

**8. Дали е потребно унапредување на целите во Програмата за рано учење и развој за најстарата предучилишна возраст со цел функционално поврзување со целите во наставните програми за прво одделение?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**9. Доколку на претходното прашање одговоривте под а или б, во кои делови од Програмата за рано учење и развој најмногу треба да се направат промени?**

а) Математика.

б) Природни науки.

в) Ликовно воспитание.

г) Музичко воспитание.

д) Мајчин јазик.

ѓ) Општество.

е) Друго______________________________________________________________________

**10. Дали актуелната педагошка евиденција и документација во градинката/ ЦРУР ги отсликува реалните потреби на воспитувачот за успешно планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, ставајќи го детето во фокусот на вниманието?**

а) Да, целосно соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа при што детето е во фокусот на вниманието.

б) Делумно соодветствува.

в) Не, воопшто не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа при што детето е во фокусот на вниманието.

**11. Дали актуелната педагошка евиденција и документација во градинките/ЦРУР треба да се ревидира?**

а) Да б) Не

**12. Ако на претходното прашање одговоривте со да, наведетет ги Вашите сугестии и предлози за нејзино унапредување.**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

**13. Дали имате потреба од обука реализирана од стручни лица од Бирото за развој на образованието?**

а) Да

б) Не

**14. Доколку на претходното прашање заокруживте одговор под а, на која тема треба да бидат обуките?**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**15. Дали имате потреба од континуирана стручно-советодавна поддршка од советниците од Бирото за развој на образованието за поуспешно имплементирање на воспитно-образовната работа?**

а) Да, затоа што ______________________________________________________________

______________________________________________________________________________

б) Не, затоа што______________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**16. Наведете ги Вашите сугестии за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

# Прилог 2

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Сектор за истражување во образованието**

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ВОСПИТУВАЧИ

Почитуван/а,

Бирото за развој на образованието спроведува истражување во детските градинки во Република Македонија со цел добивање веродостојни информации за состојбите и потребите и преземање конкретни чекори за квалитетни системски промени во предучилишното воспитание и образование на децата од 4 до 6 години.

Анкетниот лист содржи прашања на кои треба да одговорите со заокружување, односно давање алтернативни коментари, мислење и сугестии. Добиените информации ќе се користат исклучиво за целите на ова истражување.

Изборот е направен по принципот на случајност, а учеството е анонимно.

Ви благодариме за соработката

Детска градинка ____________________________________________________________

Општина ____________________________________________________________________

Град _______________________________________________________________________

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**Иницијална подготвеност/степен на образование:**

а) високо образование б) магистер в) доктор на науки

- **Степен на образование на воспитувачот:**

а) више образование б) високо образование

в) магистер г) доктор на науки

- **Вид на завршено високо образование**

а) Филозофски факултет

б) Педагошки факултет

в) Друго образование (наведете)_______________________________________________

- **Работно искуство како воспитувач:**

а) до 10 години б) до 20 години

в) до 30 години г) над 30 години

- **На прашалникот одговара воспитувач од:**

а) машки пол

б) женски пол

**1. Дали сметате дека сте доволно обучен/а за примена на Стандардите за рано учење и развој?**

а) Да

б) Делумно

в) Не

**2. Дали сметате дека сте доволно обучен/а за примена на Програмата за рано учење и развој и за правилна имплементација?**

а) Да

б) Делумно

в) Не

**3. Тешкотии при имплементирањето на Програмата за рано учење и развој се:**

а) недоволната обученост за правилно имплементирање на Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

б премногу се општи Стандардите за рано учење и развој во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

в) реализацијата на многубројните задолжителни проектни активности регулирани со Законот за заштита на децата.

г) недоволно конкретизираните цели во Програмата за рано учење и развој.

д) обемната административна работа.

ѓ) несоодветните услови за работа на градинката.

е) недоволно стекнатите знаења за време на студиите, потребни за успешна реализација на воспитно-образовната работа.

ж) недоволна обука за примена на новата педагошка евиденција и документација

з) друго (наведете што)____________________________________________________

**4. Дали сметате дека постои потреба од ревидирање на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**5. Доколку на претходното прашање одговоривте под <u>а</u> или <u>б</u>, заокружете кои аспекти од развојот на детето треба да бидат ревидирани во Стандардите за рано учење и развој.**

а) Физичкото здравје и моторниот развој.

б) Социо-емоционалниот развој.

в) Развојот на пристапот кон учењето.

г) Развојот на јазикот, описменувањето и комуникацијата.

д) Когнитивниот развој и стекнувањето знаења.

**6. Дали сметате дека постои потреба за ревидирање на индикаторите што произлегуваат од Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**7. Доколку на претходното прашање одговоривте под *а* или *б*, заокружете кои индикатори во Стандардите за рано учење и развој треба да бидат ревидирани?**

а) Физичкото здравје и моторниот развој.

б) Социо-емоционалниот развој.

в) Развојот на пристапот кон учењето.

г) Развојот на јазикот, описменувањето и комуникацијата.

д) Когнитивниот развој и стекнувањете на знаења.

**8. Земајќи го предвид Вашето практично искуство, што би измениле во Програмата за рано учење и развој?**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

**9. Дали со реализацијата на целите од актуелната Програма за рано учење и развој децата се подготвени за успешен почеток во прво одделение?**

а) Да б) Делумно в) Не

**10. Дали сметате дека е потребно унапредување на целите во Програмата за рано учење и развој за најстарата предучилишна возраст со цел функционално поврзување со целите во наставните програми во прво одделение?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**11. Ако на претходното прашање одговоривте под *а* или *б*, во кои делови од Програмата за рано учење и развој најмногу треба да се направат промени?**

а) Математика

б) Природни науки

в) Ликовно воспитание

г) Музичко воспитание

д) Мајчин јазик

ѓ) Општество

е) Друго__________________

**12. Дали постои потреба за воведување задолжителна подготвителна година?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**13. Дали актуелната педагошка евиденција и документација во градинката/ЦРУР ги отсликува реалните потреби на воспитувачот за успешно планирање и реализирање на воспитно-образовната работа, ставајќи го детето во фокусот на вниманието?**

а) Да, целосно соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа при што детето е во фокусот на вниманието.

б) Делумно соодветствува.

в) Не, воопшто не соодветствува на современите барања за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа при што детето е во фокусот на вниманието.

**14. Дали сметате дека актуелната педагошка евиденција и документација во градинките/ЦРУР треба да се ревидира?**

а) Да　　　　в) Не

**15. Доколку на претходното прашање одговоривте со да, наведетет ги Вашите сугестии и предлози за нејзино унапредување.**

_________________________________________________________________________

_________________________________________________________________________

**16. Дали имате потреба од перманентно стручно усовршување со цел поуспешно реализирање на воспитно-образовната работа во градинката/ЦРУР?**

а) Да

б) Не

**17. Дали имате потреба од обука реализирана од стручни лица од Бирото за развој на образованието?**

а ) Да

б ) Не

**18. Доколку на претходното прашање заокруживте одговор под *а* , на која тема треба да бидат обуките?**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

**19. Дали имате потреба од континуирана стручно-советодавна поддршка од советниците од Бирото за развој на образованието за поуспешно имплементирање на воспитно-образовната работа?**

а) Да, затоа што ___________________________________________________________

___________________________________________________________________________

б) Не, затоа што___________________________________________________________

___________________________________________________________________________

**20. Наведете ги Вашите сугистии за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

# Прилог 3

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Сектор за истражување во образованието**

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

Почитуван/а,

Бирото за развој на образованието спроведува истражување во детските градинки во Република Македонија со цел добивање на веродостојни информации за состојбите и потребите и преземање конкретни чекори за квалитетни системски промени во предучилишното воспитание и образование на децата од 4 до 6 години.

Анкетниот лист содржи прашања на кои треба да одговорите со заокружување, односно давање на алтернативни коментари, мислење и сугестии. Добиените информации ќе се користат исклучиво за целите на ова истражување.

Изборот е направен по принципот на случајност, а учеството е анонимно.

Ви благодариме за соработката

**1. На прашалникот одговара родител/старател:**

а) од Скопје

б) од внатрешноста на Република Македонија

**2. Пол на родителот/старателот кој го пополнува прашалникот:**

а) машки пол

б)  женски пол

**3. Возраст на родителот/старателот:**

а) до 20 години

б) од 20 до 30 години

в) од 30 до 40 години

г) од 40 до 50 години

д) над 50 години

**4. Степен на завршено образование на родителот/старателот:**

а) основно образование

б) средно образование

б) више образование

в) високо образование

г) магистер

д) доктор на науки

**5. Кое Ви е по ред ова дете во градинка?**

а) Прво

б) Второ

в) Трето

г) Четврто

**6. Кои од наведените функции на градинката Ви се најважни?**

**(заокружете најмалку три)**

а) Згрижување  на детето.

б) Згрижување, воспитание и образование на детето.

в) Подготвување на детето за прво одделение.

г) Развивање на говорот,  комуникациските вештини и социјализацијата.

д) Играње на отворено.

ѓ) Друго (наведете што)_______________________________________________________

**7. Дали сте запознаен/а со Програмата за рано учење и развој  на која се базира реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката?**

а) Целосно сум запознаен/а со сите воспитно-образовни активности кои треба да ги реализира воспитувачот во групата во која оди моето дете.

б) Делумно сум запознаен/а само со некои воспитно-образовни активности кои треба да ги реализира  воспитувачот.

в) Не, воопшто не сум запознаен/а.

**8. Дали сте задоволен/а од реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката во која оди Вашето дете?**

а) Целосно сум задоволен/а

б) Делумно сум задоволен/а

в) Не сум задоволен/а, затоа што ______________________________________________

**9. На кој начин градинката Ве известува/запознава со воспитно-образовните активности кои се реализираат?**

а) Лично од воспитувачот.

б) Од негувателот.

в) Од истакнато соопштение.

г) Од другите родители.

д) Од моето дете.

ѓ) Воопшто не сум информиран/а

**10. Дали како родител/старател следејќи го напредокот на своето дете, чувствувате потреба од внесување новини во воспитно-образовната работа во градинката?**

а) Не чувствувам потреба, сметам дека воспитно-образовната работа во градинката се реализира на задоволително ниво.

б) Да, сметам дека секоја новина може да го збогати искуството и квалитетот на воспитно-образовната работа.

в) Не знам, немам одговор на ова прашање.

**11. Каков придонес има градинката во подготвувањето на децата за успешен премин од предучилишното кон основното воспитание и образование?**

а) Има голем придонес.

б) Има одреден придонес.

в) Нема посебен придонес.

**12. Дали сметате дека е неопходно да се воведе задолжителна подготвителна година во насока на функционално поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование?**

а) Да

б) Не

**13. Кои активности се запоставени во досегашната работа со децата во градинката, а сметате дека се важни за развојот и натамошното воспитание и образование?**

**(Може да изберете повеќе од еден одговор)**

а) Активности за физичко воспитание и образование на децата.

б ) Активности за збогатување на речникот и развој на комуникациските способности на детето.

в) Активности за подготвување на децата за вовед во почетното читање и пишување.

г) Математички активности како средство за логичко размислување и решавање проблеми.

д) Активности од ликовното и музичкото воспитание и образование.

ѓ) Истражувачки активности.

е) Воспитно-образовни активности во природа.

е) Друго (наведете што)_______________________________________________________

**14. Други предлози и коментари**

____________________________________________________________________________

# Прилог 4

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Сектор за истражување во образованието**

## ПРАШАЛНИК ЗА ВОСПИТУВАЧИ

### ФОКУС ГРУПА

1. Што мислите за документот Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години?
   - Треба ли да се направи некакво издвојување на домените (пр, уметноста)?
2. Што мислите за Програмата за рано учење и развој?
   - Дали имате потреба од поголемо конкретизирање на целите?
   - Дали имате тешкотии во планирањето и реализацијата на целите од Програмата за рано учење и развој и на што тие се однесуваат?
3. Кои се Вашите ставови за задолжителните проектни активности кои ги реализирате со децата во групата?
4. Кога се реализираат (во кој период од денот) факултативните програми со децата од Вашата група?
5. Кои се Вашите ставови за педагошката евиденција и документација што задолжително ја водите?
6. Дали сметате дека дејноста треба да се регулира со посебен закон за предучилишно воспитание и образование?
7. Дали сметате дека треба да работат по двајца воспитувачи во воспитната група со најстара предучилишна возраст?
8. Какви обуки и на која тема очекувате да се реализираат од страна на советниците во Бирото за развој на образованието?

# Прилог 5

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**
**Сектор за истражување во образованието**

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ПЕДАГОЗИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Почитуван/а,

Бирото за развој на образованието спроведува истражување во детските градинки во Република Македонија со цел добивање веродостојни информации за состојбите и потребите и преземање конкретни чекори за квалитетни системски промени во предучилишното воспитание и образование на децата од 4 до 6 години.

Анкетниот лист содржи прашања на кои треба да одговорите со заокружување, односно давање алтернативни коментари, мислење и сугестии. Добиените информации ќе се користат исклучиво за целите на ова истражување.

Изборот е направен по принципот на случајност, а учеството е анонимно.

Ви благодариме за соработката

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Основно училиште _______________________________________________________________

Општина _________________________________________________________________________

Град ____________________________________________________________________________

— **Степен на образование:**

а) високо образование б) магистер в) доктор на науки

— **Работно искуство како педагог:**

а) до 10 години б) до 20 години

в) до 30 години г) над 30 години

— **На анкетниот лист одговара педагог од:**

а) машки пол

б) женски пол

**1. Колку ученици се запишани во прво одделение во Вашето училиште во учебната 2016/2017 година?**

________________________________________________________________________________

**2. Колку од запишаните ученици во прво одделение во Вашето училиште во учебната 2016/2017 година биле опфатени со воспитно-образовна работа во детска градинка?**

________________________________________________________________________________

**3. Дали бевте член на комисијата за запишување ученици во прво одделение во Вашето училиште за оваа учебна година?**

а) Да

б) Не

**4. Доколку на претходното прашање одговоривте со да, дали при набљудувањето и разговорите со децата забележавте разлики меѓу оние кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка и оние кои не посетувале никаква форма на воспитно-образовна работа пред поаѓањето во училиште, во однос на однесувањето во просторијата, начинот на комуникација со децата и со возрасните, самодовербата, говорот и предзнаењата?**

а) Да, кај најголем број деца кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка.

б) Да, кај половината од децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка.

в) Да, кај мал број од децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка.

г) Не, нема разлики.

**5. Доколку го следите напредувањето на учениците во прво одделение, каква е адаптацијата на децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка?**

а) Најголем број од децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка побрзо се адатираат отколку децата кои не посетувале никаква форма на воспитно-образовна работа пред поаѓањето во училиште.

б) Половината од децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка побрзо се адатираат отколку децата кои не посетувале никаква форма на воспитно-образовна работа пред поаѓањето во училиште.

в) Мал број од децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка побрзо се адатираат отколку децата кои не посетувале никаква форма на воспитно-образовна работа пред поаѓањето во училиште.

г) Нема разлика во однос на адаптацијата кај децата кои биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка и оние деца кои не посетувале никаква форма на воспитно-образовна работа пред поаѓањето во училиште.

**6. Какви сознанија имате за предзнаењата на учениците во прво одделение кои претходно биле опфатени со воспитно-образовна работа во градинка?**

а) Тие имаат богат речник и добри комуникациски вештини.

б) Тие имаат предзнаења од областа на математиката.

в) Тие имаат предзнаења од областа на природните науки.

г) Тие имаат предзнаења и вештини од областа на ликовното и музичкото образование.

д) Тие имаат добра координација на крупната мускулатура и развиена ситна мускулатура на шаката.

ѓ) Нема голема разлика во однос на предзнаењата на овие ученици во однос на учениците кои не посетувале никаква форма на предучилишно воспитание и образование.

е) Немам сознанија.

**(Може да изберете повеќе од еден одговор.)**

**7. Дали сте запознаени со Програмата за рано учење и развој на која се базира реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката?**

а) Да, целосно.

б) Да, делумно.

в) Не.

**8. Дали сметате дека е важно да постои поврзаност помеѓу наставните програми во прво одделение и Програмата за рано учење и развој врз основа на која се реализира воспитно-образовната работа во градинката?**

а) Да, особено е важно.

б) Да, многу е важно.

в) Да, важно е.

г) Не мора да постои поврзаност меѓу овие две програми.

**9. Доколку на претходното прашање одговоривте со а, б или в, сметате дека особено е важно постоењето на усогласеност меѓу овие две програми во однос на:**

а) математика и природни науки, особено заради адаптираните Кембриџ програми.

б) мајчин јазик.

в) физичко и здравствено воспитание.

г) ликовно образование.

д) музичко образование.

ѓ) јакнење на самодовербата и позитивната слика за себе.

е) општество.

ж) Друго ______________________________________________________________________

**(Може да изберете повеќе од еден одговор.)**

**10. Дали постои потреба за воведување задолжителна подготвителна година пред поаѓање на училиште на децата од 4 до 6-годишна возраст?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Не се согласувам

**11. Што би требало да се направи за да се опфатат сите деца во Република Македонија со задолжителна воспитно-образовна работа во годината пред поаѓање во училиште?**

**(Може да изберете повеќе од еден одговор.)**

а) Проширување на постојните капацитети на установите за опфат на децата од предучилишна возраст.

б) Воведување задолжителна подготвителна година за сите деца од 4 до 6 години.

в) Донесување закон за предучилишно воспитание и образование.

г) Друго (наведете што)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**12. Наведете ги Вашите сугестии доколку сметате дека ќе го унапредат функционалното поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

# Прилог 6

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Сектор за истражување во образованието**

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ

Почитуван/а,

Бирото за развој на образованието организира истражување на тема: „Воспитно-образовната работа за деца од 4 до 6 години во предучилишните установи во Република Македонија“ со цел да се согледа актуелната состојба, потребата и начините на функционално поврзување на основното и предучилишното воспитание и образование.

Анкетниот лист е дизајниран со цел да ги добиеме Вашите ставови како веродостојни информации за состојбите во однос на подготвеноста на децата за училиште по нивното запишување во прво одделение, како и потребата и начините на функционалното поврзување на програмата за воспитно-образовна работа во детската градинка и наставните програми за прво одделение. На анкетниот лист се одговара со заокружување, како и со запишување на мислењето, коментарот или сугестијата. Добиените податоци од овој анкетен лист ќе се користат исклучиво за целите на ова истражување.

Анкетирањето е анонимно, а изборот е сосема случаен.

Ви благодариме на соработката

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Основно училиште ____________________________________________________________

Општина ____________________________________________________________________

Град _______________________________________________________________________

**— Степен на образование на наставникот:**

а) више образование б) високо образование

в) магистерски студии г) доктор на науки

**— Вид на завршено високо образование**

а) филозофски факултет

б) педагошки факултет

в) друго образование, наведете_________________________________________________

**— Работно искуство како одделенски наставник:**

а) до 10 години б) до 20 години

в) до 30 години г) над 30 години

**— На прашалникот одговара одделенски наставник од:**

а) машки пол

б) женски пол

**1. Дали сте запознаени со Програмата за рано учење и развој според која се реализира воспитно-образовната работа во детските градинки?**

а) Да, целосно

б) Да, делумно

в) Не воопшто

**2. Колку од учениците во Вашата паралелка претходно посетувале некоја форма на предучилишно воспитание и образование?**

а) Сите ученици.

б) Поголем број ученици.

в) Помал број ученици.

г) Ниту еден ученик.

**8. Според Вас, дали со реализацијата на Програма за рано учење и развој во детските градинки успешно се подготвуваат децата за следење на наставата во прво одделение?**

а) Да б) Делумно в) Не

**9. Дали сметате дека е потребно унапредување на целите во Програмата за рано учење и развој за најстарата предучилишна возраст со цел функционално поврзување со целите во наставните програми за прво одделение?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**10. Според Ваше мислење, дали постои потреба за воведување задолжителна подготвителна година?**

а) Целосно се согласувам.

б) Делумно се согласувам.

в) Воопшто не се согласувам.

**11. Кои активности, според Вас се запоставени во досегашната работа со децата во градинката, со цел нивна подобра подготвеност за поаѓање во основно училиште?**

а) Активности за физичко воспитание и образование на децата.

б) Активности за збогатување на речникот и развој на комуникациските способности на детето.

в) Активности за подготвување на децата за вовед во почетното читање и пишување.

г) Математички активности како средство за логичко размислување и решавање на проблеми.

д) Активности од ликовното и музичкото воспитание и образование.

ѓ) Истражувачки активности.

е) Воспитно-образовни активности на отворено.

е) Друго ________________________________________________________________

**12. Што според Вас, ќе го унапреди функционалното поврзување на предучилишното со основното воспитание и образование?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________